# РАСТ

КНИЖЕВНОСТ

●

УМЕТНОСТ

●

КУЛТУРА

●

Број
**15-16**

Битола
**2016**

# Р А С Т

**Списание за книжевност, уметност и култура**

**Издавач:**
Битолски книжевен круг – Битола

**За издавачот**
м-р Зоран Пејковски

**Редакција:**
м-р Зоран Пејковски, главен и одговорен уредник
Петре Димовски, заменик на главниот уредник
Весна Мундишевска-Велјановска, уредник

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008

Битола, јули 2016 г.

**E-mail:**
bkkrast@yahoo.com

Првиот број на списанието „РАСТ“
се испечати во 2001 година

# ПРОЗА

**ВЛАДИМИР КОСТОВ**

# БЛАГОСЛОВ

Во Флорин, бакал, му имаше позајмено пари на учителот Зорко. Зборот беше да му ги врати за еден месец. Но помина и втор месец, а тој не му ги враќаше. На потсетувањата од страна на Флорин, Борко го поместуваше рокот на оддолжувањето. Трпението на бакалот беше при крај. Борко се извлекуваше со изговорот: „Не велам дека парите не ќе ти ги вратам!" „Кога?" Конкретен одговор Флорин не добиваше. Тогаш тој се постави ултимативно:

– Ти давам последен рок: За петнаесет дена. Да или не!

Дојде денот на закажаниот рок.

– Не се решава проблемот со Да или Не, – му рече Борко на Флорин зашто, според дијалектиката, во секое Да се содржи и по едно Не! Јас сум дијалекгичар.

– Ти си арамија! Точно, со зборови ќе се решава проблемот.

– Ни со зборови на Шекспир?

– Каков ти Шекспир! Кој е тој? Адвокат?

– И тој беше задолжен кај еден бакал – Евреин, лихвар како тебе. И знаеш, место пари, што му предложи Шекспир: Да му отсече фунта месо од телото. Тој се согласи. Ама, Шекспир, Англичанец, го услови: Да не капне ни капка крв.

– Не капка, а река ќе потече од тебе.

– Ми се закануваш? Јас можам да ти се заканам со прашањето: „Од каде се твопте пари? Нивното потекло? И, зошто ти да имаш, а јас да немам?"

– А, умре Марко! – се провикна Флорин. – Такви закани повеќе не палат. Внимавај што зборуваш за да не ја дотераме работата до суд, па не само што парите ќе ми ги вратиш, туку ќе окркаш и затвор за ширење на терористичка пропаганда.

– Немаш сведоци ни дека ми си позајмил пари, ни дека пшрам терористичка пропагацда.

– Немам сведоци, ама имам пари. Кој загубил на суд, а да има пари?

– Внимавај и ти што зборуваш зашто ќе те пријавам дека го набедуваш судот за корупција... Но зошто да го мешаме судот, кога долгот ќе ти го вратам уште сега, уште веднаш, Затоа и

навратив кај тебе. Непотребна беше и оваа кавга меѓу нас. Се кажаа тешки зборови. Но Верба волант, скрипта манент! Знаеш што значи тоа?

– Не. Јас сум прост човек. Но затоа, пак, за мене знаат парите.

– Тоа значи: Зборовите летаат, напишаното останува!

Пред бакалницата беше „паркирана" запрежна кола, шпедитерка, клинкачка, со две штици на крст, влечена од коњ-Ѓуптин, и тој клинкач, хачка, каков пгго беше и неговиот стопан, Гуптин.

– Зекман! – викна учителот по арабаџијата. – Растоварувај ги пакетите!

Зекман веднаш постапи како што муштеријата му порача.

– Распакувај! – следуваше нова порачка откако пакетите беа внесени во бакалницата.

Гуптинот распакува еден од пакетиге. Спакувани по десет примероци, се покажаа книги од формат на тула, со по околу триста страници. Учителот ги растури како што при проценка во Монополот се растура калапен тутун за експертите да му го одредат квалитетот а, според него, и цената. За увидот да биде појасен, учителот зеде една од книгите и почна да ги превртува нејзините страници.

– Чисто злато! – ја пофали својата стока.

– Ти играш мајтап со мене? – на крајот проговори бакалот, сфаќајќи во каква стапица паднал.

– Авторот на оваа книга сум јас – му рече учителот. – На нејзината корица стои моето име и со тоа таа добива вредност на меница за париге што ми ги позајми и за кои јас никојпат не сум рекол дека нема да ти ги вратам.

– Кога?

– Кога ќе бидам во можност.

– Ама кога? Никогаш?

– Некогаш!... А овде е отпечатено и твоето име – му рече Борко на Флорин и, отворајќи ја книгата на последната страница, му посочи каде е отпечатено неговото име, потенцирајќи ја одредбата шго одеше со тоа име: – Спонзор! Ке влезеш во историјата!

– Не ми треба никаква историја! – ревна бакалот. – Ми требаат моите пари.

– Еден збор, еден наполеон! – пак ја пофали својата стока писателот на книгата.

– Тоа важи за немтури.

– Вордс, вордс, вордс! – му одговори писателот со реплика на Шекспир. Знаеш ли што значи тоа? Тоа значи: зборови, зборови, зборови. Изговорени, одат во ветер како испушен тутун во чад. Отпечатени – во историјата за да сведочат за времето во кое живееме.

– Или на суд! – пак се закани бакалот.

– Или на суд! – се согласи писателот, со тоа што додаде кон реченото: – Пред судот на историјата! Тие ќе сведочат за неа, таа за нивниот литературен квалитет.

Во својот бес, бакалот ги расшутка пакетите. Книгиге се растурија.

– Порано ќе послужеа за ќулафки. Денес ќулафките ги заменија најлон-ќесињата.

– Изложи ги на некој рафт – му предложи писателот. – Можеби ќе продадеш некој примерок.

– Не дај, Боже! Ќе бегаат мупггериите од дуќанот како да е чумосан.

– Во таков случај, Зекман, враќај ги книгите назад му се обрати писателот на Гуптинот. И како пгго се договоривме: Половина од тиражот за мене, половина за тебе. Јас ќе им го најдам чарето: по пријатели, по библиотеки, по училишта. А ти натовари ги овие овде и: во „отпад"! Колку ќе ти платат, толку. Белки ќе има за едно пшше ракија.

– Во договорот е една од книгите да си ја земам јас за дома. Како сечачите на дрва што земаат за дома по еден ќутук.

– Сите занеси ги дома како ќутуци и во зима изгори ги во печката.

- Боже, сочувај! се спротивстави Гуптинот. Сум фрлал во оган книги!

Тој зеде една од растурените по подот и му ја подаде на писателот.

– Еден потпис, ќе може? замоли.

– Со задоволство! му одговори писателот. И, дикгирајќи си гласно, запиша:

– „На Зекман кој е неписмен, со желба неговата челадија да се описмени и некој од внуците да му ја прочита оваа книга!"

Ѓуптинот ја прифати книгата и, благодарејќи му на писателот, му ја бакна раката.

– Господ да ти ја блосои!

НИКОЛА КОЧОВСКИ

# ВРАЌАЊЕ НИЗ ПРЕГАЗЕНАТА НО НЕПОКОРЕНА ЗЕМЈА

Сталинград беше веќе зад нив.

Останаа таму зад нив и болскотниците што фрчеа едноподруго од долгите канонади, и особено ноќе го параа небото над градот. Раното утро, кога и нивната тенковска единица дојде на ред за повлекување, и од страната на непријателот беше настапило веќе затишје, добра случајност. Брзо одеше повлекувањето, иако беа предупредени војниците на голема, сигурна можност од воздушни напади. Меѓутоа ништо слично на повидок!

„Многу им се плашат овие нашите!“ не одобруваше Хајнрих кој целото време, како што заденуваше зимскиот ден, упорно го пребаруваше небото во сите насоки, скоро незапрено вртејќи го механизмот за набљудување, истовремено подместувајќи се и сам во ограниченото простор. Но од час во час сè попредизвикливо го нервираше што радио-врската уште не соопштува одобрување од командантот да се отворат капаците „што живот или смрт значат“. Зашто мораше и натаму да се лишува од цигара. На оваа туѓа земја, населена со силно омразени непријатели што го пречеа величавиот германски продор понатаму, ја беше наполнил дваесеттата година, а веќе длабоко му беше продрела во дробовите страста за пушење.

Другиот војник во тенкот, нешто постариот Себастијан, беше веќе татко, кој уште не ја видел својата прва рожба – синче; го пронајде во далечинава радосната вест, но барем и името да му го дознаеше!... Го возеше тенкот и нешто обратно мислеше од соборецот покрај себе: „Сè уште го владее страв народот на ова широко, прегазено пространство“. Нешто неизречливо рамнодушно беше налегнало во него. Уште од првото запознавање на неговава единица дека ќе ја мине границата на оваа земја. Поправо, уште далеку порано, кога беше принуден да ја облече несаканата, многу возвеличувана униформа. Знаеше дека неговата чувствена состојба е неприфатена од воениов другар, кој помалку од наполу месеци од него беше поминал на опсадната линија на Сталинград, дојден само неколку недели пред последната Нова година.

Двајца во еден тенк, во два света, многу далечни еден од друг. Всушност не се допираа никаде, освен во заедничките должности околу тенкот. Работеше машината, и другите машини наоколу работеа. Некое веќе добро стечено чувство во борбите, им кажуваше дека, и по изминати часови, сè дејствува, сè брмчи, иако подмолниот, изедначен јачеж на сопственото возило и затегнатите радио-слушалки под шлемовите не дозволуваа тоа јасно да го чујат ушите. Низ фабрички оставениот прорез во подвижната купола на оружјево, во кое беа напикани, со учество на очите се одржуваше нормалната раздалеченост и поврзаност на нивната, оклопна единица. Сè се одвиваше во ред, и едно време преку радио-врската беше соопштено дека може за кратко да се отворат капаците, та истоштениот Хајнрих, ни збор не проговорувајќи, ја оттурна поклопката и се извлече до лактите од оклопот, веднаш запалувајќи цигара. Од намавот по лицето на остриот, студен воздух, исто така и повозрасниот Себастијан, ангажиран со возењето, го почувствува пријатното освежување.

Меѓутоа не потераа така ни петнаесетина минути, време за кое и двајцата веќе беа помислиле и пак помислуваа на јадење, што во денешните услови ќе мора бездруго во тенкот, во возење и на смени да го извршат, но нешто кораво во нив, не им даваше тоа и да го спомнат, - кога одеднаш, сè се измени, сето се осуети и испреврте.

„Авиони! Авиони!“ – им стрешти одеднаш во слушалките. Никаква друга помисла не остана.

Отфрлајќи ја втората запалена цигара, Хајнрих брзо се најде внурносан под повлечениот капак.

Во секунди зголемуваниот рик на веќе надлетувачкките авиони, дури преку слушалките, внатре во дувлото им продре. Мигум подведнатиот Хајнрих, небаре тој им е целта по која се вдале во доста сниженот лет, дури сега припука по нив, уште неизнајдени во нишанот на митралезот, со чувство на задоцненик, додека Себастијан не знаеше што да стори со управувачот, зашто слушалката на ушите ништо не зборуваше. Сепак, тој долови со едно од брзите, немирни погледнувања дека други тенкови, напред, јурат колку што можат понатаму, и тоа и сам го започна, како да му беше и пред тоа во мислата, па се направи една бркотница, авионите, брзо завртени и подвраќајќи се, повторно ги гонат, не се, се разбира, совршени слушалклите, некоја грмотна експлозија, не само една, им стрештува во уштите. „Стрелај! Пали! Пали по нив!“ вика гласот на командантот доде-

ка уште одsива грмотот од раскинуваната земја. Себастијн гази на сиот гас, та и тој божем ги брка летачките бомбофрлачи, а Хајнрих, разбеснет, се врти, да го достигне, да го надмине аголот од кој му бегаат, бегаат, Па пука и тој натаму, што да прави – нејќе да им остане должен.

Дали погодиле некој, дали не, кој да му каже! Авиони беа четири, или пет, а сега... сега... Му се мерна, вистина, еден пред неговата видна насока, ама потоа го нема, не се јави повеќе ни тој. Дали избегани, дали ги обориле, тенкот јури, – туку тенковите? Тенковите! Не се повеќе таква густо распоредена единица, тој виде, ене, понатаму само до три стаса неговото видување, – вид виделија фатиле, ги нема, каде се толку тенкови??

Јури, грми челичната направа под двајцата добро задишани, летаат и одлево и оддесно рабовите на патот назад накај Сталинград, сака да се издише најпосле Хајнрих, ама не може тоа ни Себастијан, кој досирнал во безглавото јурење дури недосфатени – сенки како од одеднаш никнати скамносани превозни објекти по патот, дали и надвор од него дури?... Меѓутоа машината небаре сама почнува да поднамалува, да се созема, и Себастијан како да има многу несигурни очи, кои не сакаат да признаат дека е вистина тоа што се мернало пред малку – можеби е миговен привид, тој е уморен, му се присторило?...

Не беше привид и не! – не се смирени оние авиони... Еве ги... во бранови надлетуваат повторно, а на патот, на повеќе места, испречени, останати возила... камиони најмногу, еден голем фургон лошо искосен и изрешетен, па мотори и некој мотортрицикл, грдо отфрлени, потаму онеспособен тенк, дури лимузина, пешаци не во толкав број, дали однесени, дали во возилата си ја нашле гробницата, но догледува: некои достасале до негде од возилата и тука паднале; еден камион, вринат со едното тркало во дупка од граната, возачот, како што излегувал, опсипан од пукотницата, не застасал ни да пречекори, паднал, едната нога не се досимнала од скаличката под отворената врата, така останала, окачена одгоре надолу кон телото, како детаљ за споменик на непобедливиот нацизам. „Не дава руската земја да се вратиме. И јас ќе останам таков споменик, на Хитлер, зашто и јас сум негов, Германец... И јас таков, скамносан, виснат случајно, наполовина на оклопскиот отвор однадвор... А можеби, и однатре...“

Мислата се плашеше, а погледот немаше ни кога да се задржи. Ами патов, што му пречи?... Испрошарен со дупки, не-

баре кратери, од експлозиите на гранати, иако некои удриле во самите возила, во кабини, ги искинале или извиле...

Но и Хајнрих, некаде во овие мигови, кога првпат неговиот крстосувачки поглед му скршна од небото кон патот низ кој го носеше тенкот, кога уште бегло ја досирна морничавата слика на костурница на дел од германската борбена сила, додека пред негови очи расцутуваа по макадамот, со експлозиите, нови, доста големи дупки – не истрпе да не се чукне со двете тупаници по глава, поправо по шлемот:

– Ама пекол! – одекна во срцето на железната кабина неговата оддишка на неподнесување, како да го искажува тоа на себеси.

– Пеколот овде ние го правиме, – се одзва нешто постариот, не другар негов, зашто кога виси нешто во умот, одговорот може да дојде пред и да се помисли.

– За ова се оди пред војни суд! – го чпарна со погледот првиот.

– А зарем има пострашен суд од тоа што го проживеавме! Кажи си, колку пати досега, и ти како и јас, беше едно со мртвите?

Момчето пак се врати во молчење, во нормалната состојба меѓу нив двајцата.

И вози Себастијан, некаде подзапира, мора да заобиколи... некаде сили на гасот, грижно, дури со груб удар тоа го прави, но тенкот ја нема таа чувствителност.

Дотогаш Хајнрих кај оружјето, неуморен, итно се напрега со речиси збудалено разработените раце, налево, надесно го движи митралезот, трчајќи со напрегнатите очи, шета по загрозеното небо.

– Копилиња, ве видов копилиња! – си дозволи само ним да им се обраќа.

Без предив го забрзува, го сопира Себастијан тенкот пазејќи сепак на дупките – да може со раце да го истурка, миг побргу! Останат подзамижан во погледот, дише низ подотворената уста со неспоени заби, како пред светско чудо на ѓаволот.

„Сигурно повеќе ешалони си го виделе својот црн крај тука... А ми се чини и ние денес“.

Нигде ги нема... Но внимание бара тешкиот тенк, тој што го вози низ речениов пекол, не смее да зјапа ни по парализираното, оставеното по овие мртви неколку стотини метри, нити по другите што се поштомија.

Не тивнуваат авионите, но тие двајца се веќе извлечени од онаа непогодија, одминати напред. Ене ги пак се задаваат, сега од запад, најпрвин белузлави флекички во небото, но мошне скоро, брзи како куршум, како смрт... Тајфичка советски, руски авиони, сега кон исток се враќаат, не се така ниски како преѓе, но беа во погледот на Хајнрих, и мисли, сигурно со право, дека доста далеку им потфрлиле испуканите проектили, од челично-во тело на тенкот, иако незапрено. Додека, пак, тој, германски војник внатре во него, намислува да направи некаков возврат развртувајќи го митралезот, но ништо не е постигнато, само два-три куршума испалени задоцнето, од гнев...

– Во гробница ќе им ја претвориме оваа земја! – замавнува тој со тупаница во воздухот кон заминатите, и го доживува тоа, тукуречи, како забава.

– Чија гробница? – се надава во самата утроба на тенкот и гласот на Себастијан, кој не може да се довоздржи во зајадливоста.

– Чија! – ревнува осоколен нацистот. – Нивна твоја!

– Не се брзај, непријателе мој, – само погледна оздола не трепнувајќи, во тој миг барајќи му ги очите, добро да му ги види.

– Не сум јас непријател, туку ти си! На јасно сонце убаво ќе се види кој е! – рече Хајнрих небаре постишено, подзамрено, а со нескриена злост.

– Доста, доста, сакам да возам.

– А јас сакам да играм, не? Ти стануваш невозможен, знаеш?

Но во трескотниот тенк, што газејќи ја тешко земјата, не престануваше да бега по неа, сепак изостана продолжување на одговор.

Само си рече, многу јасно Себастијан во себе: „Казна за секого со кого ќе биде! Откако дојде во декември тука, не беше барем еднаш другар со кого може човек да си ја олесни душата. Механизам од железо, со кое толку сега располагаат, наместо чувство на човек! Дали има тој воопшто свој дом кој што го одгледал? Душата му е празна, а се јуначи со патриотизам! Многу лошо го научил тој патриотизмот. Тој знае што е нацизам!“

Така, на несфатен начин наоѓајќи се отфрлени од она на кое што му припаѓаа, останати секој сам на себеси и силно спречени да си пружат човечка поткрепа, со неминовни заемни укасувања и со молчење, молчење, молчење, нејадени, спречени,

изгмечкани во железниот дом во кој и горивото и противвоздушната муниција загрижувачки се малееја, ненаспани минатата ноќ од безгласната возбуда поради заминувањето, а без одмори што барем за возилото ќе беа дадени ако ја имаше командата, не губејќи време, продолжуваа со враќањето. И не знаеја денот уште што ќе им донесе, и што ноќта.

Вистина, кога кон пладнето, веќе се посмири околу патот и авијацијата заретчи, па престана да надлетува, нешто подлажуваше барем да посака човек: дали е, можеби, веќе пребродено злото?... Но Себастијан не се занесуваше нити олабавуваше, упорно грабеше, небаре со Ноевиот ковчег, назад, уште назад. Само назад, да е можно само... Зашто многу грдите, пресурови доживеани искуства под оваа униформа, вистини за човековиот живот кој вредеше исто толку колку и животот на мравката под дочекорениот чевел, реално предупредуваа: нема фантастични, пресвртни олеснувања во ова посебно време, кое е можеби најдолга Голгота досега. Впрочем, сè уште, и на други места наидуваа на траги од воздушни напади, иако поретки.

Тоа прво попладне, неочекувано, ги послужи среќа со напуштено, сепак не сосем уништено фургонско возило, наоѓајќи го речиси дополу полно со канти бензин (возачите сигурно избегале), па ги дополнија резервоарите на тенкот, а и сами, во просторот за себе, се настискаа со канти земени под своите снаги. Бензинот беше исто важен колку и воздухот. Себастијан и натаму возеше, но Хајнрих не смееше сега апсолутно, ни по прекршок да запали цигара, освен надвор од тенкот. Всушност, командир и надлежен за оружјето беше Себастијан, а Хајнрих – возачот, меѓутоа големата желба на овој да пука, да убива „непријатели што ја валкаат земјата“, како и спротивните чувства за војната на првиот, беа довеле неосетено, премолчено, до речиси редовни заменувања – што од командата беше одобрено, заради поширока подготвеност на сите војници.

Но, што се однесува, пак, до Себастијан, сепак извесно чувство на малку поджугната сигурност како да залебде во него, заедно со потспомнување на саканата Ерика во родниот град, кон која нежните чувства остануваа, вистина, како нешто многу далечно, но притоа и едно прашување кон себеси, колкаво ли е сега бебето и како изгледа... Ќе има ли тоа сознајна моќ да се зачуди, море повеќе: да се уплаши кога ќе го види, ако го види, во униформава, ама којзнае уште колку истуткан, изгмечкан и сетики претворен во кутра сенка... Евентуално тоа навистина да

го доживее... голема среќа би било. И еден лик, догрло полн со несреќа доживеана... Се обидуваше да си го замисли својот лик т о г а ш. Лик со извадена, исцедена надеж од него... Но колку до Ерика, една прегратка со неа, ќе надоместеше сè, ќе порамнеше сè меѓу нив. Зашто тие знаеја да се сакаат...

Ами што да речат, пак, Евреите, – си помислуваше, – осуденици за кои што нема враќање... Тој барем може да се надева дека можеби нема да му се случи да падне врз неговата глава тешката одмазда од луѓето на оваа рамница. Добро е што засега не ги среќаваат. И тие се засолнуваат, сигиурно, се претпазуваат. Студениов, смрзнат мартовски ден, е за нив двајца, всушност, заштита. Разумно прават што си го слушаат претчувството и инстинктот и ги заобиколуваат поголемите населби, дури и од селата бегаат. Тој си замислуваше како, сигурно уште кога ќе ги догледаат, луѓето побрзуваат по домовите и се кријат. Затоа и патот е пуст, сосем ретко да сретнеш возило... И ја почувствува споредбата: таков е односот меѓу селаните и нив, каков што е, од друга страна, и односов меѓу самите нив, двата човека што ги здружила опачната војничка среќа, а којзнае, да не биде тоа и судбина?... Селаните се плашат од нив и се вардат, но... кога би ја добиле можноста, поточно, кога ќе ја добијат, не би се премислувале многу, по заслуга да се пресметаат со нив!

(Дел од истоименот, поголем расказ)

**ПЕТРЕ ДИМОВСКИ**

# ПИТА ЗА ТАНЕ

Пуста, јас! рече со непознат глас од кој, преплашена, за миг заборави зошто се најде во кујната. Потоа откри дека доцни со подготовката на пита со јаболка, која Тане толку многу ја сака. Но тој непознат глас што предмалку го чу, туфкајќи се што се заборавила, ѝ внесе едно напнато неспокојство на кое и при сите обиди не можеше да му се извлече. Знаеше дека никогаш претходно не го слушнала. Можеби од умора ми се причинило дека друга некоја викна, а било само ветар што удира на прозорецот. Некогаш и ветерот умее да се сплетка во гласот и да те направи избезумена од барање одговор на непостоечко прашање.

Но питата, несомнено требаше брзо да ја подготви. Се случува часовите непредвидено порано да завршат и кога Тане ќе се појави на вратата, питата да е сè уште во рерната. А го познава каков е тој. Ако не е готово јадењето, нема да јаде. Како да ќе му избега игралиштето, ќе се сотрат игрите, децата ќе се вратат подома и ќе нема каде, што и со кого да игра. Таков е мојот Тане. Цел ден ќе прегладнува само да не го остави друштвото без него. Но сега питата ќе стигне на време и има да се изнајаде детето, се уверуваше.

Бавно некако ѝ одеше работата. Најпрво се судри со проблемот што брашното не беше таму каде го остава, бараше, бараше, но навистина не беше во креденчето. Потоа, кога ја бараше големата лажица, брашното го најде во долапчето. Некој ѝ го преместил. Стално се кара да не ѝ ги фаќаат нејзините работи, но никој не слуша. Потоа се судира со нерешливи проблеми. Едно наоѓа таму, друго ваму, како да се играле криенка со неа. И ќе си поигра криенка и таа, не е престарена за игра, но најпрво да ги заврши своите работи за кои цела куќа чека на неа, потоа ќе им се придружи и во играта. Но денес сака посебно да го изненади Тане. Ќе му ја направи најубавата пита, и не од јаболка, но ќе стави зрели дуњи што мирисаат до училиштето. Уште таму, од часот ќе може да ја намириса, и потоа мирисот сам ќе го доведе дома, до испечената пита.

Еден миг како да се загуби во времето, не можеше да се присети зошто дојде во кујната, и зошто седи на троножникот,

како да чека некој да ја послужи кафе. А никој друг нема со неа. Кога ја забележа сигналната сијаличка на шпоретот ѝ се врати помнењето дека штотуку ја ставила питата да се пече, а заморот, ете ја седнал на столот, и се заборавила за миг до каде стигнала. Потоа пак ѝ се јави Тане, кој секогаш многу ја сакал нејзината пита со јаболка и почна да се присетува дали стави јаболка или дуњи, зашто некогаш тој сакаше пита од дуњи иако тогаш немаа дуњи, па одеше да позајми од горниот дел кај Топевци, од Јана Топева, кои беа познати со големата дуња во дворот и со убавиот мирис на дуњите. Не можеше да се присети дали излезе да позајми од Јана, а сега се пече и не може да наѕира во неа, а после ќе го праша, ако не му погодила на детето, да направи друга. За Тане нема да се пожали од умор и цел ден да пече пити, најсреќна ќе биде кога тој ќе каже дека питата е убава, тогаш заморот исчезнува како да не бил, а куќата ја исполнува радост.

Излезе да наѕре дали се враќаат децата од училиште, дали е дојдено времето или уште е зарана, ако се приближуваат, да го потспотне огнот, кога ќе стигне, питата да е готова.

Сега патот беше празен. Се гледаше таму преку мостот, како белее низ дрворедот, накачува нагоре кон дервенот, кон тумбата и зајдува зад кривината. Кога ќе се појават од таму има уште два череци време, питата и да се допече и да омекне под простирката, да си пројде при мајка ѝ, потоа ќе биде како душа, како средето мека.

Денес доцнат. Си помисли да го изненади Тане. Таму да му ја однесе питата, во училиштето. Ако можат деца да одат до зад кривината, во Полошка гора, што се мали, ситни, кои треба долго да вражаат и да ги плеткаат ножињата додека да стигнат, што ќе биде пречка за неа, млада, здрава и силна, во најубавите години од животот, кога заморот никогаш не напаѓа.

Се приготви набрзина, ја зеде питата во торбето, зеде и стап да не ја пресретнат овчарски пци, напати ги има по патиштата, и знаеше дека со нејзиното брзање, таа не умееше полека да оди, ќе ги најде децата уште на час, а по часот добро ќе им дојде една пита со јаболка.

Тане многу ги сакаше питите со јаболка.

„Каде, тетка Вида?“ ја пресретнуваат жените и ја прашуваат, гледаат кренала празно торбе преку рамо, не знаат каде ја води умот.

Така е откако ѝ пројде максамчето. Попатно од училиште навратиле децата во вирот, едно скокнување, тоа прво, го презе-

ла студената темна вода, го пресекла во нуркањето и не го вратила живо нагоре. Таа секој ден го пречекува, кога носи нешто кога ништо а мислејќи дека носи. И ја влече староста по патот додека да затемни, додека да слезе сонцето во ноќта, се враќа назад со голема пустина во душата. Тогаш сфаќа дека си поигрува надежта со неа. А сега верува и има во неа сила.

Ја чепна некоја мисла, дали го загасна огнот што ја печеше питата со јаболка, но остави после да види за тоа, сега брзаше да му ја однесе питата на Тане пред да му завршат часовите.

Кога одеше кај кривината, некој голем, црвен камион пиштеше и јуреше по патот што таа мораше да слезе во ендекот, исполнет со облак од прашина. Само некаде брзаат, на пат ќе те изгазат, негодуваше, излегувајќи од ендекот да го продолжи патот.

Училишната зграда беше тивка. Ја пронајде училницата, во која знаеше дека учи Тане, се доближи на вратата, наслушна малку и зачука тивко.

На вратата се појави учителката.

„Му донесов на Тане пита со јаболка“, ѝ кажа на учителката. „Знам дека цел ден гладува, па да јаде кога ќе заврши часот. Питата е голема, има и за другите. Земи си и ти, кога ќе ја отворите.“

Учителката ја гледаше со топол сожалив поглед и го подзеде торбето во кое не изгледаше дека има нешто. По часовите му кажа на директорот.

„И повеќе пати доаѓала да му донесе пита на Тане. Таа вели дека е нејзино дете. А Тане не ја познава.“

**ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ**

# ЌЕ ГО ЛЕГНЕМЕ СВЕТОТ НА ПЛЕЌИ

– „Ej, во тоа време мене со госпоѓо ме нарекуваа. Замисли, ами како? Ви велам море „деца“, простете велам деца оту сум ве родила еднаш, а некого може и два пати. Туку ќе дојдеше синот од работа доцна со згаснувањето на ноќта. Односно, со расонувањето на денот. И откако ќе се разбудеше, а кога наспан, а кога недонаспан, а повеќе неспан отколку наспан и ќе му направев кафе. Ете, така. Кафе за расонување. И со синот ќе си направевме муабет што било и како било на работа во пекарницата и што јавуваа радијата и луѓето што коментираа. Оту кај него во пекарницата идеа луѓе: и учени; и неучени; и недоучени. И ќе ми кажеше за сѐ како на дланка, а што било и како било. Дури ќе ми раскажеше и што се случило: кај нас; овде во селото; за женето; за мажено; за умрено; за кој се скарал; кој кого удрил; на кого му била украдена кокошката; на кого јајцето; дури ѝ ќе кажеше и кој на која и намигнал. Ами како? Еднаш ми вели кутриот мој син, бог да си го прости. Умре, море чедо. Умре. Ги остави коските во Срем. Таму се бореше за неговото ослободување како борец во нашите бригади. Влегол велат одовде. Од охридско-струшко била бригадата. И ви велам загина таму – некаде во Срем, а Срем не е мал! Оди најди го...! Сум била! Сум била, не, еднаш. Одев, и шетав, и прашував, а барав по книгите сремски. Имиња барав. Ама ни име ни трага да најдам од син ми. А, море не загина само тој! Гробници... гробници, море добри луѓе на млади. П’лно! И не знам! Оди ваму - оди таму, а ошумоглавена одам в црква и палам свеќи, а една на долниот шандан за мир на неговата душа, а палам и на горниот шандан и си велем! Можеби е жив... еве, нека е за негово здравје! Чувај го господе боже! Се молам и си додавам во паметот: – „Та, можеби е заробен и таму некаде заборавен е по занданите, а кој ќе ли ги знае, а каде?!“ – си велам. Ете, затоа велам оту нестанувањето на син ми ме стори жив гроб. Ех, море добри луѓе! Жив гроб да нурам по веков!“ – рече Жената во забун.

Шмркна, а извади шамивче од пазувата и ги забриша влажните очи.

– „Оф!“ – офна жената.

– „Туку да си се вратам на муабетот де, на она што ми остана на врвот на јазикот, а е за Фиерот. Како се викаше? Не сакам име да му споменам. Беше рана есен. Море, не,... летото сè уште жегаше. Септември ќе да зачекори. И туку син ми кога шмркна од кафето ми вели:

– „ Мајко, мори! Што да ти кажам! Во Европа наша се надви некоја чума, а црна чума што му се заканува на човештвото!“ – ми вели кутриот мој син и трга на филџанот.

– „Полска е на плеќи!“ – ми вели. – „Фашистите грабат кон Русија. Грмат радијата, а велат германците ќе удреле на цел свет. Ај, тоа фашистите! Сила биле!“

А, пак јас му велам:

– „Море чедо, што е од господ ќе си врве. Само едно знам... знам оту старата поговорка вели: „кој на друг гроб му копа; самиот паѓа во него“ или „сè што чиниш; си чиниш за себе.“ Како и да е, паѓаш во клопката на друг што му ја правиш. Самиот паѓаш во неа. А, пак тој вели:

– „Не оти мајко, не, оти е така! Туку и да е така, што фајде има од тоа што откако ќе го изгоре светот, луѓето ќе изнастрадаат и ќе бидат: кои погубени; кои изгорени; кои измачувани и обездушени. Деца сирачиња да талкаат и мајки во црно – утки да утаат. Што фајде ќе има ако тој што го сторил сето тоа или е причина за тоа што било сторено, а на крајот и тој така што ќе заврши!“

– „Е, море синко“. Така е. Нема никакво фајде. Само едно сакам да речам!“ – му велам на син ми.

– „Сè е заблуда синко! Сите ние живееме како да ќе го легнеме светот на плеќи. Како што Германија велиш Полска ја кутнале, или како утрото и денот да се раѓаат за нас. И како сонцето да свете само за нас и не заоѓа. Ете, тоа е! Кај луѓето влегло: пизмата; лакомшината; интригите; казните! Сè се сведува на тие два-три збора. А, човечкиот живот е еден. Како свеќата кога ќе ја запалиш и пламенчето си гори. Гори и туку ќе си згасни! Ете, тоа е животот! На кого пламенчето од ветренце ќе му биде згаснато, а порано или подоцна, со самото догорување на свеќата. Море деца... простете реков... оту деца сте за мене што сум ве родила еднаш, а некого и два пати.“

– „Ме погоди на нервот. Ми ја разголе љубопитноста мајче. Јас од напишаното го вадам лебот!“ – рече Човекот собирач на туѓи мисли.

– „Така е!“ – потврди Човекот несмасно дебеликав.

– „Верно е! – потврди и Човекот со штрб заб. – Зборви'' – рече тој.

Жената во забун подзастана. Зеде воздух и се просевна, а ја стави раката на устата. Се разгледа нагоре-надолу низ селото. Се накрена со челото накај црквата и гробиштата. Уште еднаш прошета со видот нагоре над патот и надолу под гробиштата. Зеде здив и проговори:

– „Ех, она што син ми ми го раскажа е верно на тоа што било!'' – рече таа и продолжи:

„Е, зошто мајко! Ќе прашаш?" – ми рече синот, милиот на мајка.

– „Велат оти тајната лежи во политиката, а во превластот на власта; во освојување на апсолутна власт; што се одразило и кај нас дури дошло. Некоја година наназад, Фиерот пред да удри на Полска; се зборува оту Евреите му биле пречка во освојувањето на апсолутната власт. Биле влијателни со него, ама и му претставувале опасност за симнување од власта. Во спротивниот табор пак, каде му бегале значителен број гласови, исто така; во самата Германија ги уништил." – ми раскажа синот.

– Е, сега! Чујте го зборот што ќе ви го речам. Море луѓе мачни, да не, чуете лага! Така ми раскажа синот мој. Ама чујте ја прказнава од која мрзне крвта:

– „Кон крајот на зимата, само што стапна новата; таа проклета, илјада деветстотини и четириесет и третата година; во нашата земја; до сите полициски комесари пристигнала наредба да ги подготват списоците на сите Евреи во кој ќе се внесени нивните занаети; брачна состојба и адреса на живеење. И, море арни луѓе, на тој црн единаесетти март, четврток, рано уште в зори; уште недоосунато; полициски и воени кордони ги блокираа улиците. И гледај чудо! Со измама и послушниците на Фиерот ги извлекуваа Евреите од своите домови со изговор оти ќе бидат испратени на принудна работа во Бугарија. Ги натоварија кутрите луѓе на возот и ги однесоа во монополот во Скопје. И уште веднаш беа ограбени. На кутрите луѓе им ги собраа: парите; накитот; храната; лековите; средствата за лична хигиена; ќебињата; личните предмети. Ништо не им оставија проклетниците!" – рече Жената со забун.

На дваесет и втори март, во монополот во Скопје; беа донесени уште три-четириесет вагони. Дузини; дузини со Евреи, или сè на сè; во секој вагон имаше по седумдесетина луѓе. Започна транспортот до патот на пеколот. Најпрвин шестотини пе-

десет и девет семејства, или две илјади и четиристотини и две лица, беа однесени кон логорот на смртта Треблинка. Потоа, на дваесет и петти март; замина и вториот транспорт, а на дваесет и деветти март, и третиот со последните маченици. Тука во монополот, море луѓе; на кутрите Евреи, војниците на Гестапо им ги кинеа златните синџирчиња и ѓерданите од вратот на жените и сите заробеници ги ставија под клуч во магацините за тутун. Фрлени на дрвени штици, по пет – шестотини во една просторија. Ужас еден! Бре, бре, бре! Башка, тука немаа нужници и вода. Луѓето се судрија со бедата на човековиот разум. Гладуваа! На петтиот ден, луѓето на Фирерот им поделија сува и солена риба. Можеш да замислиш пријателе... од жед, а луѓето полудувале. Ги ваделе златните прстени и подароци. И заби дури си кршеле. Море, само да дојдат до капка вода. Ги подмитуваа, крвниците! Следеа измачувања; силувања и понижувања. Нешто што човековиот ум не можи да го разбере оти сето тоа е излезено од здравиот разум. Туку сето тоа е сторено од болни луѓе, а гнили во умовите!“ – му рече Жената во забун на Човекот собирач на туѓи мисли.

(извадок од романот „Утринска молитва“)

**ХРИСТО ПЕТРЕСКИ**

# ЧОВЕКОТ ШТО САКАШЕ ДА ПРАВИ СНЕШКО

1.
Тој ден, поточно тоа утро, станав точно во четири часот.
А што е тоа толку битно кога Ти си станал – се побуни мојот Двојник.
Ама ич можеби не е битно за Тебе, човеку, но битно е за романот којшто штотуку започнав да го пишувам, т.е. за необичната случка и за необичната приказна што (ќе) следува понатаму...
Приказните се за да се раскажуваат и прикажуваат, а фактографските реченици постојат за да ја доловат документарноста...
А празните реченици се за да пополнат некоја празнина во лошите книжевни дела, кафеански разговори, формали и протоколарни средби..., па макар тие и да се подвлечени и напишани со курзив...

2.
Но, Ти што си чекал досега пријателу и писателу?
Зарем толку беше тешко да се напише роман, па макар и од стотина странички, и тоа од мал формат?
Најверојатно не си поставив таква цел, или тоа беше само спонтана и краткотрајна желба, но никогаш замислен и остварен проект, со фиксен план и рок... Сѐ додека не се појави Тој, Човекот што сака(ше) да прави Снешко... Всушност, не е еден Снешко, туку многу Снешковци во Градот.
Тоа утро, точно во 4 (и со зборови: четири) часот, забележав како нешто црно се преметкува час лево – час десно, на снежната покривка во паркот. Токму на просторот каде до пред некој ден имаше огромни високи тополи, кои на преминот од пролетта во летото испуштаа бела волна како ситен памук, која се лепеше за обувките, влегуваше дома низ отворените прозорци, но понекогаш знаеше на невнимателните а заитани граѓани да им навлезе и во нивните усти.
Голема работа, та покрај толку многу невкусни јадења и грди зборови, кои денизден им ги полнат устите, леле леле, ќе влезело и по некое бело памукче од тополите и ќе им се залепело на јазиците, или ќе продолжело малку понатаму до грлото...

Битно е: да не стигне тоа до белите дробови, а што да речат астматичарите и алергичарите за тополите кои некој ги посадил мислејќи само на нивните стебла, гранки и лисја, кои прават огромни сенки и шумолат нежно, но не и на снегот кој ќе паѓа од нив и сред лето...
Добар изговор е тоа, пред сѐ на градските татковци кои сега тука планираат да го преселат Цветниот Пазар, одземајќи неповратно уште дел од и онака сѐ помалите зелени површини... Наместо во Скопје да се градат нови паркови и да се формираат нови еколошки јадра, луѓето ќе почнат веќе да дишат на шкрги, голтајќи само прашина и смог, без никој да направи проста математика за тоа: дали има повеќе починати од штетниот памук на тополите или од миризливите издувни гасови и бензините на автомобилите, кои доаѓаат од кај АМСМ, па опојно се шират кон Жито Лукс, Болницата и Водно...

3.
Леле, ама се расприкажа како осамена и сенилна тетка...
Не, јас сѐ повеќе станувам логороичен и склеротичен старец, кој не знае што јадел вчера, а се обидува да не заборави ништо од она што се случува во Градот. Иако ме нарекуваа дојденец, јас го сакам овој Град, зашто тој е и судбина, но и мој избор, каде еден ден ќе ме свлечкаат и ќе ме струполат во некоја дупка, но барем да нема вода во неа, или да не биде сосема на крајот каде ќе доаѓаат гладни и пијани бездомници и непрокопсаници, кои ќе седат на плочата како на софра, а понекогаш тука не само што ќе залегнат, или преспијат, дополнително тежејќи одозгора, туку од мрза или кога веќе нема да ги држат нозете – не ќе успеат брзо да ги откопчаат пантолоните и ќе се измократ низ ногавици...
Какви се овие банални описи, та нели започна да прикажуваш за некој си човек што сакал да прави снешко, а и тоа ти е некоја тема, што да ти кажам, па се префрлаш од едно на друго, за да ги затскриеш претходните трагиц, но и да завлечеш нови скришни патеки и патчиња...

4.
Еве, конечно, ќе продолжам да раскажувам за Човекот што сакаше да прави Снешко... Најпрвин мислев дека е куче, кога видов како нешто црно се префрла лево и десно на белата снежна покривка, а кога видов голема грутка снег – помислив дека е дете

кое прави Снешко... Но, на моето изненадување му немаше крај, кога (иако оддалеку, низ прозорецот) се уверив дека е возрасен човек, облечен во црн капут, со црна капа и црни ракавици, кој забрзано (просто трчаше од едната до другата страна) тркалаше топки со сув студен снег и ги редеше над големата снежна грутка, која беше основата и долниот дел на штотуку родениот Снешко...

**ЛЕНЧЕ МИЛОШЕВСКА**

# СОН. ФУСТАНЧЕ

Од сите сосетки мајка ми единствено ја ценеше баба Вангелица. Еден ден додека внимателно го следев нивниот разговор, мајка ми рече:

– Синоќа, на сон, Јана ја облеков во прекрасен кадифен фустан со бели пиленца извезени по рабовите.

– Убави гласови ќе чуеш, рече баба Вангелица.

Истиот ден мајка ми го распара својот убав долг, кадифен фустан со кој одеше на офицерските вечерни забави со татко ми во Домот на ЈНА. Го однесе во најдобриот кројачки салон во Битола и ми направија фустанче.

Не можев да се изнарадувам на таа убавина. По рабовите, наместо пиленца, беа аплицирани бели сатенски цветови, а исто таква јака го красеше фустанчето. При светлината од прозорецот, што како долг сноп влегуваше во собата, здогледав ситна прашинка како се лепи врз темното кадифе. Силно се исплашив, па потоа постојано го тресев од невидливиот прав што лета околу нас.

Мајка ми ја викна баба Вангелица

– Чудесно, рече таа, а јас се вртев како кралица.

Така и се чувствував, важна, сакана и заштитена. Такви фустани можев да видам само кај принцезите во приказните. Цветовите и јаката беа богато извезени со бела свила врз сатенските апликации. Некоја жена бездруго вложила многу труд, љубов и фантазија за да создаде толку малечка и толку убава облека.

– Погледни, добив писмо од Ставре. Доаѓа за одморот.

– Што ти реков за сонот, ќе се радуваш, рече баба Вангелица.

Не знам колку веруваше во соништата, но овој пат мајка ми беше радосна. Како партизанка и скоевка таа всушност не се осмелуваше ни себеси да си признае дека верува во сништа. Соновите, религијата и сите црковни обреди беа забранети во нашата куќа, татко ми беше офицер. Мајка ми ги презираше младите жени кои одеа во црква. Само понекогаш, кога сакаше да се пофали дека во предвоеното училиште била најомилената

и најдобрата ученичка во класот, божем незаинтересирана, ќе речеше:

– Учителот по веронаука само мене ме скориваше, знаев најубаво од сите да раскажувам.

Всушност, мајка ми не веруваше. Тоа чувство го имаше потиснато длабоко во себе како исконски грев, па кај нас децата уште од најмала возраст всади одбивност и страв од религијата и црквата. Сето тоа го замени со фанатично верување во едно блескаво комунистичко утре во кое сите убаво ќе живееме. Беше тоа некое романтично и нејасно утре. Додека кај татко ми тие работи беа едноставно решени – нема господ! Но затоа траба безрезервно да се верува и да се почитуваат револуционерните придобивки: општеството кое е најпрогресивно од сите општества, силната држава и Тито.

Под такво влијание уште од малечка и јас ги презирав луѓето што одеа в црква. Дури и кога баба ми ќе нѐ однесеше в црква јас не сакав да се крстам, ниту да велам „амин“, по зборовите што ги изговараше свештеникот. Само стоев мирно во свечената толпа, внатре во убавото селско црквиче и со некаква резерва набљудував сѐ околу себе. Но, ми се допаѓаше оној дел од црковните обреди кога жените, дотерани во најубавите носии што мирисаа на нафталин и на разни тревки против молци, ќе се наредеа пред црквата за да раздаваат. Блажени, кротки и опуштени на нас децата ни раздаваа разни тестени фигурички, јаболка ореви или локуми. Тогаш многу жалев оти во нашите воени населби никогаш немаше весели коледари, а најмногу жалев зашто кај нас никогаш немаше вапцани јајца за Велигден, како во другите куќи каде што татковците не беа воени лица.

**ИГОР КРАЈЧЕВ**

# ТРИ СЕКУНДИ

– Бегството е секогаш најсигурниот пат надвор од невољите, – слушнав како од зад мене грмна строг машки глас, – но не секогаш и вистинскиот...

Се завртев со молскавична брзина и видов висок човек во долга црна наметка како стоеше мирно, небаре беше статуа – без движења и гримаси, без никакви знаци на живот...

– Кој сте вие господине? – го запрашав високиот човек во црна наметка, со учтив тон на гласот, обидувајќи се да бидам присебен и културен иако таквото прикардување на непознатиот, нималку не прилегаше на еден џентлмен, – Ве познавам од некаде?

– О, да Клауд! – отсечно возврати непознатиот, – Ние многу добро се познаваме, само разликата е во тоа што јас те знам и знам дека те знам, а ти ме знаеш, а не си свесен за тоа... Моето и твоето егзистирање се непогрешливо и неразделно поврзани исто како што се и нашите судбини, зашто и ти и јас делиме иста приказна која има познат почеток, и, за сега, непознат крај...

– Извинете господине, –- се обидов да се искрадам од високиот господин, кој сè повеќе почнуваше да ми наликува на чудак, – навистина брзам... Во друга прилика!

Не успеав да направам ниту чекор, кога почувствував силна стега околу мојата десна надлактица, како ме задржува кон местото од кое толку силно сакав да отпловам. Веднаш се завртев и со остар поглед му дадов до знаење на господинот дека неговото однесување е неприфатливо и во најмала рака непристојно.

– Гневен си Клауд! – повторно шепна господинот, – отсекогаш си бил и ќе бидеш покороник на темните сили во тебе и колку е тоа црта која те дефинира, толку е и копач повеќе во копањето на твојот гроб...

Не знам дали споменувањето на зборот „гроб“ имаше некакво влијание, но следниот миг почувствував таква сила во себе каква што не сум узнал никогаш порано и сосема лесно, како да бев држен од дете, ја извлеков својата рака и речиси го оттурнав од себе големиот господин во црна наметка. Тој се затетерави и направи неколку чекори наназад и одвај се додржа на нозе, а потоа повторно тргна кон мене, давајќи ми до знаење дека нашиот разговор сè уште не е завршен.

– Видете господине, – се обидов да го разбудам разумот кај овој кутар чудак за кого безмалку почувствував сожалување, – не знам што зборувате и што се обидувате да постигнете со ова, но сфатете дека јас не Ве познавам и сигурен сум дека и Вие не ме познавате мене. Ве молам продолжете го патот и нема да има потреба да ги алармирам обезбедувачите на училиштево! Бев сигурен дека споменувањето на училишното обезбедување ќе ѝ стави крај на непријатната средба и со мирен од се обидов да го напуштам местото на чудниот конфликт со непознатиот, кога од зад себе чув зборови кои засекогаш ќе ги паметам во својата глава...

– Ја бараш неа... Нели! – грмна од зад мене сега веќе смекнатиот глас на непознатиот господин, – Го посакуваш нејзиното присуство повеќе отколку воздухот околу тебе и немирно бараш со погледот, барем за миг да ја доближиш до себе, да постоиш во нејзиниот поглед само за миг, па после нека биде што биде, нека те развеат ветровите, нека те голтне земјата нека те изгори сонцето, нека те снема... Но за тој миг, тој прекрасен мал миг кога ти ќе бидеш во очите нејзини... За тој миг вреди да се живее... И да се умре!

Застанав веднаш и почувствував кога нешто ми се преврти во стомакот, нешто необјасниво и болно ми го зафати целото тело и посакав да исчезне тоа чувство, но немав среќа... Тоа беше насекаде во мене и имаше намера да остане.

– Кој си ти? – свикав дрско, заборавајќи на учтивоста и манирите кои беа особено важни во моето окружување, и дури тогаш сфатив, колку навистина сум вознемирен.

– Јас имам исто толку имиња колку и секој човек на овој свет! – одговори непознатиот, – јас сум јас, јас сум ти, јас сум твојата мајка, јас сум твојот сосед, па дури и овој кој сега ги чита овие редови... Јас немам име, а го носам секое име на овој свет, јас немам душа, а ја имам секоја душа на овој свет... Јас немам лик, а го имам секој лик на овој свет... Па сега кажи ми ти Клауд, кој сум јас?

– Вие господине... – изустив тивко и во неверување на ситуацијата во која се најдов, - Вие сте луд!

– Не Клауд! - се надоврза непознатиот, – луд е оној кој го порекнува моето постоење, зашто јас сум редот во системот кој е наречен живот, а живот има и има ред, значи и јас постојам... Прашање е мој Клауде, постоиш ли ти? Постои ли твојата мајка која со часови сосила се смее на недоветните шеги на гос-

поѓата Торина, постои ли она смешно момче кое сега е тешко да го наречеш човек, но кое некаде во иднината ќе се нарекува твој шеф и ќе го има твојот живот в раце, и конечно постои ли твојата слатка тајна која невешто ја криеш од светот, а ја носиш смело напишана на твоето чело...

Потоа непознатиот се доближи до мене и со сосема тивок глас прошепоти: „Л-а-у-р-а“, за веднаш потоа да продолжи:

– Постои ли сево ова што го гледаш околу себе или е тоа сенка. Постои ли она што вие луѓето толку убедено и самобендисано го нарекувате живот или е тоа нешто сосема друго. Вие имате ужасна тенденција да ги поставувате работите да ротираат околу вас. Порано тоа беше сонцето, потоа тоа беше Бог, сега е вашиот живот. Но сфати Клауд не се случува сè поради тебе и за тебе, насекаде околу тебе има ред и тој ред се одвива без оглед на твоите напори да го измениш... Вие сите сте одблесоци на некои поранешни акции, на некои поранешни дела и сето тоа е поврзано меѓу себе како долг непрекинлив синџир. Не можеш Клауд да фрлиш камен во морето без тој конечно да падне во него! Секој потег кој го правиш во еден момент е завршен со крајот на моментот, но носи свои последици во некој нов, иден момент. Некогаш тоа е следната секунда, некогаш е следната година, но секогаш е токму тогаш кога најмалку очекуваш.

– Но грешиш, – се спротивставив јас, сè уште не свесен во што се впуштам, – правиш една генерализација, а веројатно и сам знаеш дека секоја генерализација е неточна, вклучувајќи ја и оваа. Јас никогаш не сум сметал дека работите околу мене се случуваат токму поради мене, се разбира освен тогаш кога јас навистина сум ги предизвикал, а уште помалку сум размислувал дека тие се случуваат за мене...

– Навистина?! – ме прекина непознатиот, – Тогаш кажи ми Клауд, зошто ја бараш неа во целата оваа збрка од луѓе? Зошто токму неа... Зошто сметаш дека токму ти имаш право на нејзиното внимание и зошто сметаш дека таа треба да биде токму во твое друштво... Се сметаш себеси за посебен?

– Тоа е нешто сосема друго и остави ја Лаура надвор од ова! – извикав силно со доза на лутина во својот глас, но сепак настојував да се контролирам постојано потсетувајќи се себеси дека не сум сам и дека раговарам со непознат, – Таа нема никаква врска ниту со мене ниту со тебе!

– Ооо, – се насмеа непознатиот, – наивен мој Клауд, па таа има секаква врска со сè од претходно кажаното, таа дури се

наоѓа во сржта на сѐ од претходно кажаното. Но за едно си во право... Таа нема никаква врска со тебе! Ти и таа чекорите по сосема различни патеки кои никаде не се преплетуваат, тие се доближуваат, но не се пресекуваат!

– Што сакаш да кажеш? – се осмелив да прашам откако миг или два молчев брзо превртувајќи ги во својата глава зборовите на непознатиот, – Дека Лаура нема да биде моја?

– Будала! – свика непознатиот со продорлив глас кој од тој ден наваму не можам да го извадам од мислите, – Кој си ти да мислиш дека можеш да поседуваш човек?! Кој си ти да мислиш дека имаш ветено човек?! Ти си сам дојден овде и сам си одиш, сам го фрлаш каменот и сам го дочекуваш бранот... Ниту ти е нешто дадено, ниту ти е нешто одземено, а најсигурно не ти е ништо ветено, освен фактот дека ќе умреш! Тебе ти е зацртана патека која мораш да ја изодиш, но правецот на патеката не можеш да го смениш дури ни кога ќе станеш свесен дека те води кон амбис. На патеката можеш да поканиш друг, но не секогаш оној кој би сакал да го поканиш... Што поскоро го сфатиш тоа, толку подобро за тебе, а и за другите!

Стоев така занемен пред непознатиот и молчев, не толку од зачуденост колку од недостиг на соодветни зборови за да возвратам и не знам колку време помина кога се сепнав и направив чекор наназад.

– Јас навистина морам да одам! – реков и зачекорив наназад со толку голема несигурност што во секој момент мислев дека ќе се струполам на цементот.

– Клауд! – ми викна непознатиот, – Не барај ја неа! Таа не е дел од твојата патека, никогаш не била и нема да биде! Почитувај го редот кој е зацртан за тебе! Запамети го ова и ќе ме споменеш еден ден!

– Кој си ти?! – извикав гласно обидувајќи се да се оддалечам што е можно повеќе од непознатиот, а сепак нешто чудно и мистично ме врзуваше за него со необјаснива сила.

– Јас сум повеќе отоколку што ти можеш да разберш, но ако мораш да ме наречеш некако, наречи ме Професор! И јас ќе те научам на сите тајни на универзумот кои не си ни свесен дека постојат, а ги почитуваш секојдневно, со секој нов ден, со секој свој здив!

(извадок од романот „Три секунди“)

**ГОРДАНА СТОЈАНОСКА**

# ЛИЦЕТО НА ЖИВОТОТ

Имаше коса која течеше по нејзините слаби рамена, сјајна и мазна како млаз свеж катран. Имаше очи кои гореа со темен пламен, небаре се штотуку ископан јаглен од длабоките пазуви на земјата. Нејзиното лице, со топла светлочоколадна боја, го осликуваше сите мисли кои врвеа врвулица под таа темна, катранеста коса. Телото ѝ беше слабо, слабечко – трска која се повинува на волјата на ветрот и самоволијата на небото. Но затоа формата на нејзиното колено, на нејзиниот лакот, на нејзината брада која пркосеше над лебедовиот врат, најавуваше мека грациозност под својата, сѐ уште детска острина. Од пролетоска, нешто напупи од двете страни на нејзината тесна градна коска. И тоа нешто ја исполнуваше и со восхит и со страв истовремено. Небаре тука, на нејзините гради прпаат два гулаби голиштарци, кои допрва ќе ги развиваат и раскрилуваат крилјата.

Имаше една стара и исчукана кукла, сигурно, постара од неа. Таа кукла, која од милост ја викаше Парталче, имаше глава и дланки од тврда пластика и остаток од телото мек и исполнет со некои миризливи крпчиња, под веќе искинатите и потемнети, бледорозови детски шпилхозни. Интересно, дури и по толку години, тие крпчиња не го губеа својот убав мирис. Како во облите гради на Парталче да беше сокриено некое бесмртно цвеќе кое не разликува ни лето ни зима, сеедно си цути и си мириса. Многупати, сакаше да sирне во таинствената скривница на тој мирис, но нееееееее! Тоа значеше да ја распори Парталче. Да си ја распори блиската рода, суштеството кое ја разбира и немо ја теши. Мирисот си остануваше тајна, а Парталче нераспорена и заштитена во нејзината прегратка. Посебно ноќе. Кога нејзината сопственичка спиеше, Парталче бдееше со едното сино око (другото одамна го ископало времето) над нејзиниот сон.

Имаше братче кое одвај ги надраснало нејзините коленца, кои најчесто на себе носеа пресни, бели белези и скорешни красти од многубројните паѓања. Имаше и други братчиња и сестрички, но ова секогаш се вртка околу нејзините нозе и се огласуваше со танко цимолење како да е напуштено маче. Си го викаше Срцко затоа што ѝ беше прираснат за срцето, како бршлен за стебло. Можеби некогаш, порано, нејзе ѝ се чинеше дека

тоа било пред многу векови, Срцко имаше друго име, вистинско. Но, таа не го паметеше. Или не сакаше да го памети. А ако Срцко го паметеше, тој не можеше да го каже. Срцко беше нем. Како Парталче. И не беше само нем како Парталче. Неговите коси го имаа украдено тој сјај на катран кој ја красеше и нејзината глава, но Срцко имаше очи со иста боја како единственото око на Парталче. Еднаш некој ѝ рече, *Има татко каурин!* Но нејзе душата ѝ подлипнуваше од убавина кога Срцко ќе го насочеше својот кадифесто син поглед во нејзиното лице. Како да ја гледа небото. Сигурно небото би имало таков поглед, ако цело би се претворило во око. Ја осети навредата во тие зборови кои и ги кажаа за нејзиното братче, но не знаеше што му значи тоа „каурин“. А ако да се биде „каурин“, значи да се има нешто толку волшебно како што се сините очи, таа беше подготвена да ја прости навредата. Срцко имаше и обло и испакнато стомаче и куси, дебелки и трупчести ноџиња. Сакаше да ја прегрне околу едната нога, да го потпре своето мрсулаво носе на неа и да шарка по нејзиното кусо фустанче некои измислени шарки со ситните прстиња.

Имаше многу соништа. Тие беа разнобојна збрка од неисполнети желби. Тука беше детската стрвност по шарени играчки. Сè освен кукла. Парталче, ниедна не можеше да ја замени. Тука беше полубудната женственост која бараше убави, свилени фустанчиња, фустанчиња тенки и лесни како здив. Тука се сместуваа потребите, доволно кокетни за да ги побараат шминките и лаковите за нокти кои изгледаа како виножита заробени во мали, прекрасни шишенца во излозите на продавниците. Тука некаде, се издигаше замокот на принцезата во неа, онаа несвесна наследничка на кралицата која се раѓа со секое девојче и го чека отворањето на својот тестамент. Сеедно е и ако чекањето трае цел живот. Сеедно е дури и ако трае подолго од животот.

Најмногу сакаше соништата да ги сонува стуткана како мачка под единствената маса во нејзината бедна колипка. Под таа ниска маса, доволна гнила за да јачат нејзините ногалки од сопствената тежина и толку исполнета со црвојадина што без престан и мистериозно крцкаше, беше сместен нејзиниот недопирлив свет. Легнуваше под неа, се свиткуваше како неиз’ртено гравче, ги прегрнуваше мршавите колена со рацете и со начулени уши ја слушаше работата на некој дебел црв во штиците над неа. Често и заспиваше, така сколачена и остануваше залулана во мекиот привид на фантазијата, сè додека не ја потклоцнеше нечија нога на некој кој седнуваше на масата.

Имаше и една карпа над нејзината колипка. Се наведнуваше кон зајдисонцето како искривен заб. Всушност карпата не беше нејзина. Таа беше ничија. Но нејзино беше чувството дека од таа височина го владее целиот свет. Сакаше да се искачи на нејзините каменливи гради во мигот кога соцето преморено се уриваше кон својот заод и да дозволи руменилото да ја облее како надеж. Тогаш, седнуваше на самиот раб и уживаше во тоа да ги гледа багремите како се мрешкаат во нејзиното подножје и да ги слуша како тивко шумолат некоја неразбирлива утеха. Кога ќе ги ѕирнеше своите нозе (тие ветуваа дека ќе станат убави и витки како на газела), виснати надолу, имаше привид дека лета. И имаше привид дека конечно се ослободила од тажното место во кое живееше, а кое луѓето во градот, со гнасење на лицето, го нарекуваа *Краста*. Таа знаеше што е краста, но не знаеше зошто тие толку се гнасат од краста. Таа неброени пати ги бакнувала засушените красти од рани на нозете и рацете на Срцко. За да заздрават побрзо. И никогаш не се гнасела. Но, можеби тие луѓе немаат рани. И затоа не умеат да се смилостиват над туѓите. И сѐ што им преостанува е – да се гнасат...

Тие четири нешта беа нејзината светлина. Втерана во малку работи, таа сепак не губеше од својот блесок. Беше чиста и силна и прелеана со благост. И ништо не можеше да ја секне. Ниту недоволно полниот стомак. Ниту фустанчињата кои со годините се литеа и танчеа како стара хартија и како што растеше, се напнуваа по рабовите и се качуваа по нејзините издолжени натколеници. Ниту животот меѓу картонските ѕидови кои немилосрдно соработуваа со студот и го пуштаа низ своето полуизгниено ткиво да влезе во нејзините млади коски. Ништо! Нејзиниот живот, ограничен на љубовта во очите на Срцко, мирисот на Парталче, боите на мечтите и слободата на карпата, се чинеше дека е совршен и комплетен. Таа ги наоѓаше во него своите мигови на радост и ги всркуваше во мали дози, со мала лажичка и живееше во нив и со нив. Како пустинско цвеќе кое ги цица и најситните капки влага и со нив го дои волшебниот цвет до живописна боја. И кога некој би ѝ рекол дека има многу работи кои ѝ недостигаат, таа најверојатно со чудење би ги подигнала црните веѓи.

Но тогаш дојде мракот... Токму кога нејзините коси го проголтаа нејзиниот грб во своите бујни слапови и ја заскокоткаа по колковите. Токму кога нејзиниот чекор стана лесен и кроток како срнин. Токму кога нејзините очи се прелија со онаа

чувственост и свесност за сопствената женственост. Токму кога нејзиното тело се напна и набуи од младешките бранови, кои ја дофатија и ја извајаа нејзината снага налик на онаа на киповите од божиците. Токму кога во нејзините тајни влезе уште една, најкревката. Тајна која имаше очи темни како ноќ и насмевка блескава како утро. Токму кога првата младешка љубов и потропа на вратата на осаменото срце...

Имаше очув кој дотогаш не ја забележуваше. Но, откако се замоми, сè почесто го задржуваше својот поглед на неа. И во тој поглед имаше нешто што наликуваше на заматен вир, на налеано и непросирно водиште кое демне. Во тој поглед имаше некоја ѓаволова пресметка, некој договор со нечистите сили. Тој поглед беше лаком, како погледот на див ѕвер кој ја сотерал својата жртва во заседа и сега ужива во нејзината беспомошност. Носејќи го тој поглед на своето лице, очувот, еден ден, грубо ја фати за раката и ја однесе да се слика. И го сликаа и лицето и ја сликаа исправена. Во туѓ фустан, кој ја натераа да го облече пред сликањето. И потоа ѝ го одзедоа и без никакви церемонии ѝ ги вратија старите партали. Таа никогаш не ги виде сликите. Но, не ги заборави. Блицот кој секаше во нејзиниот потплашен поглед, беше како меч кој пресекуваше нешто во нејзиниот живот. И сè од другата страна на пресеченото беше опасно, закануачко и мрачно.

Една недела по сликањето, очувот се врати дома и ѝ соопшти дека ѝ нашол убава работа. Во странство. И притоа се обиде, со дланката завртена наопаку, да го сокрие големото купче пари. *Ме продаде,* ѝ вресна нешто во главата. Но, вресокот никако не стигнуваше до градите. Усните ѝ се исушија, очите ѝ пребликнаа, нозете ѝ се поткосија и таа едноставно се струполи на подот. Срцко зацимоли и се втурна кон неа, но го запре една тешка шлаканица која го фрли во спротивниот агол. Детето го вовре главчето со окрвавен нос меѓу коленцата и заплака со плач кој ѝ го раскина срцето. Не наоѓајки сила да се исправи и да го утеши, таа ја прибра Парталче до себе. Но, човекот кој се веднеше над неа како градоносен облак, ја дофати и куклата и ја фрли во истиот агол, кај Срцко. *Не ти требаат кукли, сега си голема девојка,* рече со страшен глас, *фрли го тоа страшило во ѓубриштето, оти тоа ќе го сторам јас!*

Имаше и мајка. И во тој миг, како последна надеж за спас ги побара нејзините очи. Но, таа го сокри својот поглед, кој ѝ стоеше на предвреме остареното лице, во густиот превез долга

коса, толку слична на нејзината. Мајката ја наведна главата над прстите кои немилосрдно ги кршеше и немата порака која ја испрати со тоа, ја облеа со горчина од која грлото ѝ го зграпчи некоја туѓа и груба канџа. Се почувствува сама. Сама, толку сама, како да е во гроб. Како таа куќарка, бедна заштитничка, да го претвори својот таван во надгробна плоча, а своите ѕидови во затвор кој се стегаше околу неа и се закануваше да ја смачка. И одеднаш, во само еден болен грч кој ги потресе нејзините нејаки плеќи, таа порасна. И го загледа лицето на животот, онакво какво што отсекогаш било. Рамнодушно кон нејзината несреќа. Незаинтересирано за нејзиниот очај. Неподготвено да ѝ подари милост и спас. Лицето на животот беше исто како лицето на светот. Оној свет кој се гнасеше од *Крастата...*

Следната вечер повторно отиде на карпата. Но, нејзиниот чекор ја имаше изгубено својата полетност и леснотија. Се довлечка до самиот врв со Парталче во рацете и се загледа во својата несудена слобода. Сега, не гледаше лет во просторството кое зинуваше под неа. Сега, гледаше празнотија. Сега, гледаше јама во која ги струполи своите најубави соништа. Со изменет поглед ја гледаше и Парталче. Дури и нејзините гради го изгубија волшебниот мирис и сега се прашуваше дали мирисот воопшто постоел во Парталче. Или постоел само во нејзината желба, во нејзината мисла... Ставена во најлошата душевна состојба, во канџите на очајот, таа одеднаш и без никаква најава ги загуби сите потпори.

Ја поддаде раката за да ја фрли Парталче од карпата. Ѝ се пристори дека таа ја гледа со тага во единственото око. *Тоа е само кукла,* горчливо помисли. Но, раката сепак ѝ остана висната над зјапнатата пропаст под карпата. Во главата ѝ се врати мигот кога Парталче за прв пат дојде во нејзините раце. Испадна од детската количка, која ја возеше една госпоѓа. Една убава госпоѓа, облечена во бунда и чизми на високи потпетици. И по таа убава госпоѓа се влечеше цел облак прекрасен мирис. Налик на мирисот кој скоро целиот свој краток живот го чувствуваше во градите на Парталче.

Ја подигна паднатата кукла и кратко ја подржа во рацете. Беше топла и мека, како вистинско дете. Вистинска кукла! Нејзиниот невин, син поглед ја ставаше во искушение да се заврти и да побегне со богатството кое случајно дојде во нејзините раце. И во нејзиниот живот. Но, тогаш бебето во количката почна да плаче и тој плач како да ја поткастри нејзината желба. Како

да ѝ ги потсече крилата на кои почна да лета. Бебето плаче! Можеби за куклата. И таа се стрча кон плачот и кога стаса, со насмевка на лицето ја стави куклата во количката. *О, мила,* изненадено се насмевна и госпоѓата кога ја виде, *види се колку си убава! И ја донесе куклата?* Тогаш таа се наведна и пак ја врати куклата во нејзините раце. *Земи ја,* ја помилува по црните коси, *нека биде твоја, кога веќе ти ја најде.*

Тогаш беше збунета од постапката на, неземски убавата госпоѓа. Ненавикната убаво да се однесуваат со неа, таа не се снајде баш најдобро. Не се ни заблагодари. Само се заврти и избега, следена од насмевката на госпоѓата. Но, госпоѓата виде. Само на кратко, само за миг, како нејзините очи се полнат со солзи. И додека трчаше, солзите летаа по нејзините образи и некои од нив паѓаа врз главата од куклата, цврсто стисната до нејзините гради. Но, тие солзи не болеа. Не. Тие го полнеа нејзиното срце со некоја светла и топла река која не ја собираше во него. И затоа се излеваше низ очите...

Тоа беа нејзините први солзи радосници....

Раката и натаму вкочането ѝ лебдеше над провалијата. Но пред нејзините очи се покажуваше и другото лице на животот. Лицето облеано со добрина и грижа, со очи во кои тлее несебичната љубов кон човечкото суштество. Лице кое ја познава насмевката, знае да покаже сочувство, сомилост. Кон секого. И кон непознатите.

Ја повлече раката. И пак ја стегна Парталче на градите. Не, тоа не беше само кукла. Тоа беше вечен симбол на незгасливото добро на овој свет. Бесмртен доказ дека злото не нашло пат до секое катче на човечката душа. Индикатор кој секогаш покажува на својот единствен пол – убавото.

*Се викам Ајша. Ромче сум. Моето име значи живот. Моето име во себе ги собира славата на постоењето и борбата за опстанокот. Моето име во себе ги обединува смеата и солзите. Среќата и болката. Моето име зборува за создавањето. За највозвишениот чин. За најголемото богатство. Се викам Ајша. И – го одбирам животот. Секаков. Каков и да е...*

# ПОЕЗИЈА

**ПАНДЕ МАНОЈЛОВ**

## МАЛМЕ

Од далечен југ,
од Македонија некаде,
јас,
како стара птица
со орелски крилја,
од јужните гнезда
на Константин Миладинов
со тага
во Малме,
во Шведска
долетав...
Шетаме со синот
во Центарот на градот
кај споменикот
на кралот Август,
шетаме крај езерото
во Пилдемс Парк,
а јас, восхитен,
помислив
дека сум галеб
кој долета во убавините
на рајската градина...
Малме е наша иднина,
Шведска,
наша нова татковина,
мил дедо,
ми шепоти внукот,
мојот малечок внук
и со прстето ми го покажува
небодерот Турнинг Торзо,
а со очињата ме упатува
да погледнам
во новото време
и ги слушнам
новите песни
на Евровизија

во Арена „Малме“…
Не слушам ништо
и не гледам ништо,
о, внуку мој,
но длабоко нешто
во душата ми збори:
Го сакам Малме,
Шведска ја сакам,
зашто морето,
Балтичкото Море
и кога е замрзнато
се ваша иднина,
а за мене старецот,
за нас дојденците,
за мене Силјан Штркот
од светот на минатото,
од светот на хаосот
и темнините,
Шведска е нов Нобел,
нов пат кон рајот
и светлината на небото
а Македонија
ми е и сон
и љубов
и над љубовта
света љубов:
ах, орелски криља
как да си метнех
и в наши стрни
да си прелетнех!

## БОЖИК ВО ШВЕДСКА

Во сенката на ладната зима
самотен е животот мој...

Нема лето
со штурчиња
на лисјата од јоргованите,
ај, око мое
уморно од несон!

Срцето мое
е галеб јужен,
карпа
сред Балтикот негде,
од Балканот далеку.

Божик во Шведска!
Божик во Малме!
Блеска од среќа внукот мој,
камбани на радоста sвонат
о, Боже!

Едрата в туѓина пловат!
Облак е тоа мој,
бенгалски оган,
темна болка
на мојот македонски пристан...

И сенка на ладна зима,
животе мој!

## МОЛЧИМЕ

Молчиме.
Нѐ снемува
во мислата,
нѐ снемува во зборот.

Молчиме.
Молчат алеите
во паркот
покриени со снег.

Синоќа
во центарот на Малме,
со чаши полни шампањ
ја дочекавме Новата 2016.

Петарди на плочникот,
експлозии,
огномети во небото
и по некоја солза во очите:

За среќна печалба,

за тажна разделба,
за среќна Шведска,
за тажна Македонија!

Молчиме!
Македонски молчиме
и молиме:
Не дај Боже да не снема!

## РИБАРИ

Со рибарска прачка в раце
внукот, весел од среќа,
ја фрла јадицата
подалеку
во бранот на Балтичкото Море
и гласно ми вели:
денес ќе уловиме торск*!

Дамјан, така рече.
А Горазд, неговиот брат,
ми шепне:
Дедо, јас ќе ти уловам јагула,
охридска јагула,
или, ако ме послужи среќа,
една охридска пастрмка!

Високо над нас
шведско сонце не грее ладно,
а ветрецот уште поладен
како да ми се смее:
старецу, зар не беа послатки
од балтичките риби,
преспанските циронки?

Тукуречи, вечтачки се насмеав,
за да ги задскријам солзите во моите очи,
да не ја наросам среќата
на малите внуци доселени во Шведска:
Дајте ми ја јадицата мене, крикнав,
да ја уловам Македонија,
да не ви избега од кадифените албуми!

*торск - вид на риба

**КОЧО ТОПУЗОСКИ**

# ПРВО ПОСЛАНИЕ НА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ДО МАКЕДОНЦИТЕ

**1.**
Штом светлината одминува
а не се прима
во срцата
останува само сенката
се издолжува притаена
се проширува
прекрива сѐ
и сами се оковате
во окови од мрак
со дух излитен и празен
старешини
на темнината станувате.

Само сенка, мрак и студ.

**2.**
Пуста пустелија останува
клетва несоница
одмазда отровница
да ја исполни сенката
црна и празна.

Во вир темнина
се дави светлината
и самрак го одзема здивот.

Зајдисонце
пред изгрејсонце
призива небесна сенка
за прекривка на денот
долга во недоод
и трајна во недоглед.

**3.**
Вистина
трампана за лага
лукавство
за избавување
во царството
на сенката долга.

Клевети, фалби
творби на злото
збрани купче
рогови во вреќа.

Привид.

Прозирни души
само долетуваат
сами одлетуваатѐ
само себе
се забележуваат
сами себе
се бендисуваат.

**4.**
Се удира по ветер
и останува
само голтка од камен
и пресуда смртна.

Познатото минува
с станува непознато
сем тоа дека
кој лукавство сее
лукавиот ќе го ожнее.

Оти
да не би и при очи
да останете слепи
како Самоила
сам
ослепата што ја отсамува.

**5.**
Правда во светлина
со неправда во темнина
не се менува.

Житосана мисла
изабена совест
останала место
образец за доброчинство.

**6.**
Кај ви е мегданот во добрина
та дремка на очите свои
да не им дадете
служители на родот.

Кај ви е
јаремот на Татковината
та глава да не дигнете
од силата негова
доброљубна и света
служители на Татковината.

Кај ви е жезлото ѕвездено
од чиј тропот
светлосна прашина паѓа
да се впие
во прашината
на паметењето на Татковината.

Само таа ви остана
и не ќе можете
со себе да ја понесете
ни во скитања
ни во преселби
ни во разделби вечни.

**7.**
Не продавајте свети места
оти душата на предците
и душата на внуците

си ја продавате во едно
со што гревот
ве измамил трајно
ви ги довел
духовите на злото.

Нели сте
наследници на сонцето
деца на езерата
нели пиете од извори чисти
со окови од мудрост
во книгата на животот
оковани за светлината.

Слушајте го гласот
оти немоќни за слушање
за живот немоќни сте
уште помалку за смртта.

**8.**
Ви оставив врата отворена
да ја затвори да не може
никој и никогаш.

Ви поставив виножито
и цветни венци над главите
да ги овене да не може
никој и никогаш.

Ви оставив од јаспис
небесни чаши
светлината да ја пиете
светлина бесконечна
и над сатански бездни
и над висини над врвој.

Пиејќи ја светлината
се озорувате себе си
својата суштина
и надвор од себе си.

**КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ**

## ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

Испразнета
Трпеза
Од нашата духовна Храна
Испразнета
Стомна
Од свежата Вода
Чувана
Во мајчиниот јазик…
Сѐ е
Преселено
Или
Пребегано
По сите континенти
Или на
Оној свет
Горе во Рајот…
Секаде е
Нашата
Татковина
Споена
Со нашето Море од мисли…

## КОН КОСТУР…

Како Господ да ме Усмерува
ме Насочува
ми ги Чита мислите
ми Одобрува со молчење
знае каде сакам да Стигнам
ми ја Знае старата Рана
ми ја Знае старата Слабост –
Костур…
Господ знае дека Овој народ
го има повеќе на Небото

отколку Овде
и Знае зошто
живее Горе некој Друг живот
а го сонува Стариот сон
го говори Стариот мајчин јазик,
од Костур и Вичо…
Си ги знае Господ грешниците
виновниците и слабостите
на Овој народ
кој станал Костур на светов
станал
недовршена Љубов
меѓу бегалците и исчезнатите.

## КОСТУР… ЧАКАЛАРОВ…

Допатував да те Почувствувам
низ говорот на народот
да те Обновам
да ти ја вратам Силата
која уште Чекори по улиците
уште ги Мери планините
низ твоите Карти за Македонија.
Допатував за да ги Проверам
зборовите на дедо ми
дека нашата Татковина е Толкава
до каде што си ја Браневме
од близина и од Далеку
со Оружјето од зборови
со Дела и ослободени Наслади.
Дојдов за да ти ја Слушнам приказната
на лице место
да ти ја Проверам вербата
кон овој народ
кој мисли дека не е попусто
да се Изгуби и главата
за својата Цел.
Допатував спремен
за да се Прошетаме заедно
по нашите Улици од размисли
до Крајните граници на Можното.

## ЛАЗАР ПОП ТРАЈКОВ

Погледни преку Прозорецот
Повторно
Пријателите те предадоа
Поету
Поважни им се парите
Погледни
Повторно
Поету
Предаден си од Пријателите
Поважни им се
Парите
Поету
Погледни повторно
Повторена е
Повеста на нашата историја
Пак ја губиме Целината…

Погледни!…

## ЕГЕЈСКО МОРЕ… ХРИСТО БАТАНЏИЕВ… ВОДЕНА ГРОБНИЦА…

Тие мислат
дека ми ги Удавиле идеите
а јас се Враќам
со мое посилно Море
меѓу народот се Враќам
со солен Говор
за нашата судбина.
Тие си мислат
дека е така Едноставно
да се Убие идеја
да се Отстрани човек
да се Избрише еден век…
Народот е најсилното
Наше Море
тој си знае
да си Изгради

свој Солун
свое Пристаниште
и свое Градилиште
на историјата…
Тие си мислат
дека ме Удавиле
а самите Потонале
во својата
цивилизациска Трагедија.

## ЕЗЕРОВО СОЗДАВА РЕКА…

Моќна е нашава Вода
Создава и се Шири
Таму каде што никој не се надева
Длаби
Своја длабочина и Далечина
Дарува
Постојана убавина.
Моќна е Водава
Слегува низ долг стих
Свежинава и бистринава
Наша е Рекава
Затоа си ја почитуваме…
Знаеме
Ќе ни се врати повторно
Од другата страна на планинава
Од некоја друга страна на светов
Но ќе се Врати
Како ние што се Враќаме
Во родниот крај
За да почнеме одново
Нова долга песна
По која

Ќе нѐ препознава светов.

**ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ**

## ЗИМСКА БАЛАДА

Во дворот среде зима расцвета
тренадафилот месечар.
Од цветето ситно, руменило
се подаде кон небесната шарада

И чиниш ќе тргне сивилото
во пожива, поубава среда.
Но, ништо не подзапре.
Светот си врвеше по својата следа

Цветот се опираше јаден
сал неколку дена.
Потоа се предаде без збор,
Изгуби боја и свена

И никој не зажали
што убавина една само што
се роди згина, ја снема

Во дворот среде зима
трендафилот месечар
да личи тргна ете
на времето што рано, сосем рано
најличното му го откина цвете.

## СОНАТА

Цел ден е зима
Навечер се огласува славеј
Како да е пролет
Од каде тој грч и студ
Од каде таа песна и слава
Трупа труп, трупа труп
Циу лиу, лиу циу

Животот е тоа ќе рече некој
Цветот го напаѓа слана
Листот жолт убавина
Трупа труп, трупа труп
Циу лиу, лиу циу
Цел ден е ноќ
Навечер и сонце и месечина
Животот е тоа
На кого му нема замена
И кога е цветна
И кога е од камен градина
Трупа труп, трупа труп
Циу лиу, лиу циу

## ПОДВИГ

На оградата врабец слета
Џив на едната, џив на другата страна
Утрото ладно не погодено за песна
Го тера да брза и додека стои

Наскоро ќе одлета се гледа
Ќе рашири крилца в бег
Невидлива зад себе ќе остави следа
Не знаејќи дека подвиг прави

Штом под ножињата врапчешки
Светот голем ќе го стави

## ПРЕД ЕДЕН ПОЧЕТОК

Под стреата во гнездото
пак се родило пиле
Се гледа како животот стар
дом нов си нашол:
Од калца е и од сламки
Болви полно
Налик е на машка тупаница

Од гнездото под стреата
се подава: оскубена главичка
и нејако крилце
Застанат пред призорот
си мислам:
Ете, животот повторно
со старите навики се јавува:
Крепи во несигурноста
а на стравот во очите
цврковот му го подарува

## ИГРА

Од далеку се гледаат
Две кутриња во игра
А играта им шалава

Но, штом ќе им се приближиш
Гледаш:
Едното е со женска личба
Другото е со сила на мажјак
А играта им е љубовна

Ете само човекот
Со наук на секоја младост
Воздишки да дели
Прави разлика помеѓу
Едната и другата радост

## КУТРЕ

После бесцелното талкање
по ноќните патишта на стравот,
рано наутро, кутрето папсано, заспива
покрај нозете на стопанот во правот.
Овој лекичко ја спушта раката
врз главата негова, го гали
и онака човечки му потшепнува:
Гледам сонот те надвасува,

сонот што отменост му дава
и на животот кучешки скуден
И не знам што е она
што човекот го тера
на веселба и слава
штом ќе сети дека е буден.

***

Денот е сè пократок, ноќта сè поблиску
Го кочи студот топлотниот бран
Убавината добива други бои
Неизбежни чекори нè водат

Поглед еден и повеќе на број
Неиздржан е секој обид
Ништо не излегува од вродениот крој
Ниту е загуба, ниту е добит

Само времето се менува по старому
Наместо славејот врабецот џивка
Белото иде ко во хартија да го витка
Остатокот од летниот живот. Слава му.

***

Две желки,
Две коскени корупки
Две џиновски ореови лушпи
На пладене под сонцето јарко
Спокојно без ни најмал шум
Се движат вон градскиот друм

И чиниш со спороста таква
Не прават ништо друго освен
Што насекаде задоцнуваат
А всушност тие во одот вечен
Со секој чекор низ целта заминуваат

**ЗЛАТКО ЖОГЛЕВ**

## НѢ ИМА

На Гане Тодоровски

Нѐ имало и тогаш
Кога според некои
Не требало да нѐ има

Нѐ има и денес
Кога многумина
Не сакаат да нѐ има

Ќе нѐ има и тогаш
Кога не ќе веруваат
Дека ќе нѐ има.

## ОСЛОБОДУВАЊЕ

Сé ко да припаѓа
на друго време
не чувствувам веќе
тешко бреме.

Сé ко да припаѓа
на некој чуден свет
самовили од плеќиве
го тргнаа јаремот клет.

Она што беше важно
в миг стана лажно
ко да е детска сказна
или илузија празна.

Омаен од стрела Еросова
пред вас стојам погоден
и никогаш не сум бил
толку среќен и слободен.

## ЗБОР ЗА НАВЕК

На семејството од
Снежана и Крсте Кривчевски

Збор без зарек
Збор за навек

Збор од зло потаманет
Збор за навек – аманет

Збор кон добро тежнеење
Збор добротвор вишнеење

Да сте сите живи и здрави
Зборот среќни да Ве прави.

## ГОСПОДАРИ И СЛУГИ

Во тешки времиња
Ретко виреат
Квалитетни семиња

О пресветол Боже
Во тешко време
да се покаже може
И во страшливецот
дека храбрец дреме

Ако за маките наши
Окривуваме луѓе други
Ние не сме господари
Туку само обични слуги

Ако можеме маките
Наши да ги скриеме
Внатре во дамарите
Длабоко да ги свиеме

И маките наши
И тешкото мачно бреме

Тогаш сме ние господари
На нашето време.

## НА РАБОТ ОД АМБИСОТ

Умовите им се заматени
А душите отруени
Ден и ноќ мир немаат
Само зло смислуваат

Сами не можат да се поднесат
А бараат другите
Да ги поднесуваат
Нивните гнасотилаци
Нивните срамотилаци.

Осамени
Уплашени
Отруени

Не можејќи сами
Да се поднесат
Бараат чужди души

За да ги отрујат
За да ги осрамотат
За да ги понижат.

Знаат дека се на работ
На амбисот
Па пред да пропаднат
Сакаат друштво
Да си имаат
Сами да не бидат.

Но, едно забораваат:
Тој што неправда трпи
Мала цена ќе плати

Тој што неправда прави
Скапо за тоа ќе плати
Ако на време не сфати:

Од амбисот треба
Да се трга, да се бега,
Не утре, туку веднаш – сега.

Ако не почнат искрено да се каат
Ако итна не направат смена
И место зло добро да прават
За нив навистина спас ќе нема.

Секој од нас треба да се моли
За заскитаните од Патот да жали,
Зашто и Бог душата го боли
Ако не се спасат и тие души мали.

## ТАМУ

Таму кајшто небото
Ги допира крилјата
На птиците во лет

Таму кајшто ветрот
Ги гали пердувите
На фениксот свет

Таму кајшто изгрејсонцето
Ги буди земјата и небото

Таму кајшто зајдисонцето
Се затскрива од денот

Таму се раѓа песната
Прелестната
Небесната.

**БОРЧЕ ПАНОВ**

## ЧУЈ ПЕТЕЛ

чуј зелено
чуј високо
**П**оток чуј **П**оскок
чуј **Ќ**ук и **Н**оќ
чуј **П**етел на **П**олноќ
чуј водено
свиено во **Л**ак
чуј **С**трела
и **Е**зеро, чуј петел, чуј петел
од сенки **В**ител
чуј **Ј**асен син
чуј **Д**ожд, жуј дожд, дожд и дим
чуј лесно
чуј сино
трепетливо бело
чуј **С**рна
од **И**звор
чуј в **О**ко писок
меѓу буките
темен чуј листен ромон
чуј ќук и ноќ
чуј петел на полноќ
**П**ечурка
чуј црвец в нежен раст
чуј **С**окол
жешко чуј
**С**рце
пикирано од **Г**ром, низ гранките
чуј sвон
**В**етар и молскавичен одек
в **З**еница стиснат
отсјај чуј далек
под непцето
чуј **З**див
железен чуј

загриз в крв, чуј загриз в **К**рв
од волчи ламтеж
чуј завев, чуј завев
чуј ќук и ноќ
чуј **С**нег на полноќ

## БОИ НА ДОЖДОТ

со острото срце на графитот
од лево
од десно
од кругот
и надвор
од белината
во агол со горчината
низ вртежот
на прстите
од матицата на ракописот
како вретено
го спуштам тоа торнадо
скокотно и гладно
го вртам, го вртам
со сенките, со боите, со трепетот
на згрутчените секунди во срцето
го балансирам
да не сјури крвта
од небесната чинија на врвот
со капките
во пресликувањето
до распрснувањето
се вртиме, вртиме
во слејувањето
на
пределот со поројот, со свидноста
на молњата како млеч
истурена врз нашите тела
што
ечат, ечат во иднината

## ШУМНИ ДВЕРИ

сум се свртел
зад шумни двери
во невидимо село
со чисти вокали
од разреден воздух
и слоговни води
со крик што се враќа
меѓу кантари и картали
што се враќа
сум се свртел
тежините на раните
да ги мерам
низ слогот разреден
картали што дига
со тегот на изговорот
што се лизга
зад шумни двери
во невидимо село
сум се свртел
од иднината
да викам

## ПАТНИЦИ, ЈАС, ТИ, ГРАДОТ...

се обидувам
да се сетам на твоето лице
што јури
како филмска лента
со купеата и патниците
врз моето лице
се обидувам
да се сетам
на која станица
кога
и кој од патниците
се симна
и ми рече

– Токму навреме
да си ги замениме местата...
се обидувам да се сетам
кој од нас
и во која насока
го испрати другиот
и кој е овој град
што упорно се сели во иднината
од една станица
од овој миг
што одеднаш те навестува
и потсеќа
небаре се сосема друг човек
што воопшто не личи на мене...

## НАРЕЧЕНОТО

ми
трепери
свеќа
среде писмото
со
секоја
сенка идна
ми
ги менува
зборовите
мислата
она
што
ќе
се случи
...

**ПЕТАР НАНЕВСКИ**

## НЕБИДИ

Со небото ли небувате
моите неколку Марии
што ми се колневте

На брз истек брза река
отаде векот ме бркаат желби
едвам се дочувувам себе си.

Зад ружите во дланките
сонца ладни никнале –
на друга е летото премија

Почетокот на среќата
од соништата ми почнува
друго не ми останува

Со небото ли небувате
моите неколку Марии –
тврдо што се колневте.

## СТОРИЈА

Не ќе ти простам за муграта
на товар ја однесе маштијата
јас ќе ти најдам саканик

Војнава ја убив ноќеска
кога војувавме безглаво
кај беше да ти раскажам

Без молба најдов работа
да го принаближам сонцето
сега ме прима општината

На живи дланки сејачите
попладнево плукаа до ужина
на камење цвеќенце никнало

Непопусто селанките
ги праќаа селанчињата
да ги разговорат селаните

Сега сум спокој на душата
оти сум твојот  с а к а н и к.

## ПАТ ПОД МАСЛИНИ

Ќе те посакав во небото
низ прстени се спровирав
си била на земјата

Од нивите соништата
ми тргнаа по сенките
на води ќе те изградам

Сепак ветрот не ти е
ни рода ни свршеник
се имам овде себе си

На крајот на краиштата
ќе одиме на почеток
со устите запалени.

Патот ќе го нацртам
по трагите на јануари.

## ПЕПЕЛ

Со мислата и срцето
каде се пристасува

Сестро мори другарке
кому да се доверам
со устата затворена

На ветрови капинени
ги прочитав ѕвездите
чекајќи да пристигнеш

Ох до над тополите
во свила запалена
божилакот на зората
се распослал

Со мислата и срцето
не се пристигнувало
ама никаде.

## СОН

Во два пата се покажав
сред божилак од цвеќиња
ми остана изгората

Избраник ме сакаа
венчаник ме најдоа
со сенката се пратиме

Сред злато и Венери
со царот се исприкажав
ја крунисавме муграта

Купчејќи ги сонцата
ја испразнив собата.

## ГЛАС

Зборот кај ми досега
од небото до земјата
во него те наоѓам

Полето се нагнало
во бои од божилаци
Ние живи фигури

Лакот на сонцето
ни минува крај срцата
мислите ни работат

Во кукнато лисје
стасале жедници –
ние се досакавме

Низ полето на полјакот
s в о н и –
ехото се одвраќа.

## МОМИНА СОЛЗА

Го поделивме срцето
на две половини
и пред сејачите на утрата
излеговме небакнати

Во мојата епоха
те доградувам и вршам

Застанат над светот
коларот на животот плаче
што и не ме напушта

Од тебе до мојата зора
од мене до тебе зоро
останав навика и љубам

Бисер во грлото
Жар во устите

Иако сме две страни
заедно граничиме
со пепелта замесена во срце.

**МИЛИЦА ДИМИТРИЈОВСКА-РАДЕВСКА**

## РЕКЛАМА

Реклама...празни зборови
Сомлени како празна воденица
Нуспојава...тој натемаго да не се присени
Баба мерачи
За очи гурелави чај од камилица
За  недоветно плапотење чај од липа
Без реклама, без нуспојави
Белеат, се златат боите на чардакот
Киски нагезмо, киски маточина
Баба ги жули низ дланките
Ги накиснува во котле
И зборот го дели пред да се роди
За што,лошо очи виделе
Од жарчето спотнува нави
Часкум на болеста здравец ѝ глави
Радиото молчешкум во грч се дави
Баба распретува, разотвора врати
Водите сонцето тревките ги ваби
Во овој спокој во оваа мирисна хармонија
Нејзината економија е јасна
На злото му го одзема здивот
Од мракот ја издвојува светлината
На телото положува благослов
Три сомуни печен леб
Распукуваат како здравјето на сетнината

## САМ

Боже кога си сам си свој
Во самотијата го разбираш светот
А светот те оддалечува од тебе
Никој не те есапи
И зборот си е туѓ на себе си
Кога си сам

Разбираш зошто ти е потребна друшка
Самотијата те дели на две
Како скинат конец од батанија

## ВИНА

Читам вина, а не препознавам
И трнлив венец на очите ми плетат
И судбината проодува во мислата
Читам вина
А вина има само во зборовите
Измешани, извртени, настрвени
како гладна година
како волци самотници
во суво поле.
Вина
И во виното има вина
што ти ги отвора очите,
а ти ја затвора душата
Боже, проклетство е тоа
Што вината сега е послужена на трпеза
Со многу гладни усти
Со многу скрбни души
А стерна шумно начекувам
За да ја сотрам вината.

## ГРЕВ

Живеам грешно прегрешно
Што си ја отворам душата
Како пиле запретано во кадилница
Како глас отруен со подземни еха
Живеам како круша оскорушка
Трпко, киселкасто, запурно
Како цвет заборавен меѓу пожолтени страници
Како темјан наводенет пред да заискри
Живеам грешно прегрешно
Оти и залакот на рабуш го бележам

Оти и на виделото му ја земам сенката
Оти кажувам и повеќе од кажаното
За тие што се топорат пред зборот
За тие што на зборот повела му немаат
Живеам, а горам,
Душата со пламени струни ја врзувам
И знам не можам
од гревот во себе да се ослободам.

## МИРИСИ

На черенот од куќата на баба
Свртени со погледот во прашината
Гувеат киски здравец, невен, петопрст
Гувеат миризби на липа, кантурија, ајдучка трева
Не ги препознавам во темнината
Само од допирот сеќавам суво пецкање
Суво поткашлување
Се ронат меѓу прстите
И времето го ронат во прашинка
Во ништотност, го одземаат здивот
Мириси, во темнината мириси
Како најцветни ливади
Ги лекуваат ветроштењето

## ПРОСВЕТЛУВАЊЕ

Велам А
И мислам на сите почетоци
На првиот плач , на првата воздишка, на првото умување
На првата насмевка, на првото одобрување ,на првнината
На првиот чекор, на првото вдомување

Беседам Б
И благослови, блаженства, блесок
На благопоучение, на боженственото во човекот
Го ракоположувам во душата како балсам

Велам В
И се што е еднаш речено го думам, го заушувам
Велење  не сака кога волјата човечка е посилна од
Неволностите, од  ненаситите, од непрокопсаните
Она што се вели има и повела и век

Глаголам Г
Големината не е во возгордувањето
Големината не е во потценувањето
Големината е во откривањето, пренесувањето
На вистината и светлината, на избавувањето
Од мракот и незнењето

Ете, тоа А од грлото широко како небесата
Ете тоа Б што ги лекува сите болештини на покората
Ете тоа В што се внедрува во свеста и душата
Тоа глаголи за учителот, за уката и поуката.

**ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЉЈАНОВСКА**

## ПРОСТОР НА ЉУБОВТА

Во време на
мегаломански аспирации,
наспроти тешкото врзување
крај со крај,
избравме да живееме
во две соби.
Често велиме – Тие се
нашиот мал рај.

Овде и ѕидовите
ја споделуваат
нашата самотност,
а тишината маѓепсува
со својата лечебност.

Воздухот издишува
опојна сензуалност,
а подовите испаруваат
под сеприсутната вљубеност.

Овде нашата дуалност
благословено катарзира
во тројност.

Во новооткриеното
суштествување
новата животворност
возвишува возљубеност.

Во спокојот на љубовта
просторот на двете соби
нараснува до беспросторност.

Љубовта
во нашиот рајски остров
е секвенца од времето

овековечена
во безвременост.

## РАВЕНСТВО

Во дропката
на немирот
недозреан именител
незаситно
го ситни резултатот.

По патот
на неповратот
остатокот сувереност
трпеливо
трпне во одмереност.

Неговата одреденост
да се надрасне
сраснатата подреденост
именува вознес.

Овој внес
на апстрактна означеност
во равенството
со псевдоним
во име на нечиј идентитет

е сплет од корења
во портрет
чиј вжилен топоним
е синоним за дотрајот
во мапата на достојот.

## МОЛК

Нека велат
што им душа сака –
и така не ќе поделат
и така не ќе сомелат.

Остави ги
нека си го пуштат
низводно лошотилакот –
мракот е ничие доба
мракот ќе им стане прокоба.

Ти не вели ништо,
голтни го предизвикот –
крикот на мислата не заглушува
крикот на душата здушува.

Дај темјан
да им го зачадиме дивеењето –
немеењето нека биде нашиот избор
невелењето – нашиот мудар збор.

## СОМНЕЖ

Во релјефот на трпението
сомнежот безбојно длаби
злокобно засадувајќи
свое поднебје.
Сливовите на мечтите
ги обезводнува
бележејќи парцели
за неславно гробје.
Неутешноста
во трошки ја рони
мравките на неспокојот
да ги потхрани.
Сомнежот
се подготвува да раѓа
црни гаврани.
Измиј го среќо
со сол и вода
и поплукај го три пати
почудувањето
само на себе да се чуди.
Лешник со жива

до срцето вгради
и скрши го катинарот
славејот во мене
да се разбуди.

## ТЕЛО

Низ телото ’ржи
провевот на неиздржливоста.
Како крлеж се налепува
на битисаниов костур
засладувајќи ја со сржж
пребирливоста.
Малаксаново тело ’рти
своја алтернатива.
Ако се вплети
во јадрото на духовноста
ќе сети нова наора
и вонземски ќе сонува.

**ЈОВИЦА ИЛИЌ**

## РАЗОРУЖЕНА СТРАСТ

Антрополошки истрошен
Провинциски апстинирам
Сами сме под небото
Јас и песот
Просјачиме низ градот
Естетика поразлична од темнината
Пред секоја урнатина тој лае
Небаре ќе го пробуди уништеното
Мојата страст е разоружена
Повеќе не сум господар пред излозите со храна
Останувам сам со гитарата
И ноќните птици

## СЕНТИМЕНТАЛЕН ТРАГАЧ

Обичен е човечкиот живот
Вечен стравот
Пламлива љубовта
Човекот е смрт а смртта врата
Птиците се месечари
Гласот нож
Врисокот страст
Болката копнеж
Книгите се пишувани за мртвите
Еден сон
Твој или туѓ
Печати по телото
Немоќ и изнуден страв
Дефиниран поглед
До безличност
Барам стан
Изгубен брод и храброст
Барам карпи
Острови – години

Времиња туѓи
Сенки и зборови
Печатот е сентиментален трагач
На она што исчезнало

## ПОСТОЕЊЕ

Да постоиш како што постои ноќта
Пресечен со темница
Да постоиш како капка крв
На белиот облак кој поминува над твојот свет
Исполнет со тотемски богови
Да постоиш како шраф
Меѓу машини и човечки раце
Жедни за смрт и исчезнување
Да постоиш како фиока
Во која градот се буди со криминално досие
Да постоиш како кормилар
На единствениот брод наречен време
И со јазикот на мислата
Да ја преживееш катастрофата

## КРВ НА ХАРТИЈАТА

Познавам еден човек што си ги повторува чекорите
Неговте стапала
Се како географски карти
Во секој чекор е еден свет
Во секој свет милијарди луѓе зборуваат
Нивните гласови како ножица го сечат небото
Нивните очи како топовски ѓулиња
Паѓаат во земјата

## СОНОТ НА УЛИЦИТЕ

Ако се најдеш на улица
Што е средба меѓу небото и земјата
Ќе стоиш како човек

Што мирно ги набљудува старците
Во чиј чекор запира времето
Но улицата е и коса чија миризба
Ги создава чекорите што ги следиш
Па така или одиш низ неа
Или таа чекори по тебе
Улицата секогаш се смее
Но тоа никој не го забележува

**ЕЛИЗАБЕТА ЈОНЧИЌ**

## ПАТНИК

Го дишам чекорот ,го газам здивот
за огнен ветер ,кован синџир
Послание апостолско
во градбата на душата.
Се облачи.
Рано замолчувам зборувајќи.
Слушам, чекањето зборува
газењето смачкува и дише.
Огнен синџир за ѓердан
на облаче.
Ветер кован за обрач
на небото.
Небото ко окото
се отвора и затвора
дење трудно до недоглед
ноќе трудно за гологлед.
Го дишам чекорот и чекам.
Го газам здивот и чекам.
Го задушувам поривот и чекам.
Ниту сонце, ниту дожд.
Замолчи го зборот кога сака да се рече.
Се омрачи.
Молчи зборот. Риба сторен.

## УСМРТУВАЊЕ НА МИСЛАТА

Убиј ја Мислата,
жестоко ,немилосрдно
како што таа тебе те убива.
Двојно,
кога ја создаваш и осознаваш.
На создавање и осознавање
прелагува,
пребарува,

пребродува,
заробува.
Тројно,
кога ја храниш ,кога те зазема
кога ја оставаш убојно
да те љуби.
Како што таа знае да те уболни
со прегор
со прекор
до премор.
Убиј ја мислата,
жестоко,немилосрдно,
не попуштај,држи ја!
На птицата летот скрати и го!
На водата текот сотри и го!
На небото крајот најди му го!
Сонцето надsвезди го!
Пак жедник ќе останеш,
со жегол поттурнат
за со Неа да војуваш.

**ДИМЕ РАТАЈКОСКИ**

## SВЕЗДОЧАТЕЦ

Миг исполнет со љубочовештина,
Ухни ми за да го почуствувам здивот на твојата душа,
И како молитва од Лавра да се кабардисам,
Во оваа аскетска оаза зasидана со лавор.

Велат дека сум бил sвездочатец,
Надоен во земјата паганска.

## НЕВИДЛИВОТО

Како освојувач на невидливото,
Го развеав бајракот на сопствената судбина
И со чекори од глина оставав траги
Врз калдрмата на моето детство.

Зошто дозволив времето
Да ме претвори во пештерски украс?

## КСМЕТ

Моите очи само два пати те видоа
Кога се роди и кога умре.

Сега талкам како двогрба камила
Низ пустината на цивилизацијата.

## ЗАБОРАВ

Во момент на привидение
Ти ја видов сенката легната до мојот гроб
И се присетив на слатинските скрежни полиња,
Кои грижливо ги чуваат нашите стапалки,

Здрвени во заборав.
Нѐ нема!
Влажната земја одамна го проголта
Песочникот на нашиот живот.

## МЕЃУ ДВА СВЕТА

Заробен меѓу два света,
Со оковани мисли и страсти во пранги.
Да живееш нечујно
Да тонеш стихијно
Да стискаш заби низ виорот на постоењето,
Да се правдаш пред грешните дека не си единствен
Во редот на искушението,
Да мрмориш низ камен простор
да се молиш во пеплосан храм
Да го развееш знамето на поразот.

Да исповедаш живот во празнината на земјата
Каде ни семката од тварта не расте без синџир.

## ГРЕВ

Во сенката на мракот,
Ја почувствував потта од твојата дланка.
Бевме развратници на сопствената вера.
Тоневме во бездната наречена заблуда.
Сега, само мирисот на темјан,
Може да ја ублажи мојата болка.
О, Господе!
Само ти го виде трулиот образ на моето лице
И ме зави во сопствениот грев.

**МАРИНА МИЈАКОВСКА**

## ТИШИНА ПО РАБОВИТЕ НА СТРАНИЦИТЕ

Ќе го превртам светот
што се раскажува и прикажува
од горе надолу
и од него ќе ја истресам сета бука
што го загадува и вознемирува
женското постоење.
Женската природа е:
непредвидлива, неконтролирана и гласна.
Тресејќи ги страните на светот
стаклото на гласот ќе пукне, а
тишината
и
ш
и
н
а
тишината
а
ќе исплива по рабовите
на страниците.

## ОГНОМЕТ

Сите изгубени лета
и сите изгубени зими
во белата пештера на осамата
ќе ги полеам со бакар и барут.
Ќе направам
Огномет
од зачуваните љубовни дописки
од Коста Рацин до неговата љубена
за во оган да се распрскаат
на сите страни

разоружените страсти на секоја жена.
Светов под прстиве ќе пукне, а
темнината под нозеве ќе зајде,
за таму на крилото на светлината
да ја сместам љубовта
што веќе не боли и на ден не убива.

## ПОСТЕЛА НА ТИШИНАТА

Под пурпурните пазуви на ноќта
ќе осамнат сите sвездени патеки.
Тогаш сите звуци од тврдите
чекори на машката моќ ќе замрат.
Сите војни во светот ќе престанат,
сите брачни неверства ќе испарат
само тогаш кога страста се држи
под постојано стабилна температура.

## СТРАВОВИ

Не ме плаши на тишината!
демонот
Во овој
подземен град
веќе одамна
се собрани сите на човековите стравови!
глави

## ЗБОРОВИ

Се раѓам во собата со бебешка ономатопеја.
Бос и гол влегувам во одајата на јазикот
од детски крици и звуци.
Во недопрениот свет сè е мокро и мирно!
Таму е чист и незагаден умот,
таму нема место за вишокот зборови во темни акрилни бои,
таму нема граници во синтаксата на звуци од природата и
културата.

Останувам во видното поле на семантиката на извиците.
Тогаш во нив ја живеам слободата и
во нив го сеам мирот на говорните сеидби!

## РАЗУМ

Секогаш си во костец со времето!
Тоа се истопорило врз ветерот
и брзо те гази врз клепките и околу слепоочниците.
Времето е лулка со две острици:
едната ја сече тапоста,
а другата ја сошива пропуштената празнина.

**БИЉАНА Т. ДИМКО**

## ИСТОРИЈА НА МИНЛИВОТО

Кој е паметен нека се јави?
Имам две раце со по пет прсти
две пустини ми ги копаат очите
едната жештини ја морат
другата студој ја колнат
де лево де десно
срцево го влечат
запетлани думи
меѓу заби вриштат...
туку од срам што ако луѓето речат
се алал му чинам
де, господ е голем
прости му, просто да му е
што му е работа ако сработеното не го преправа...
Де, ајде , кој е паметен нека се јави?
Имам две раце со по пет прсти.

## ПАСТОРАЛА

Разни пеплишта од мноштво упокоени души
ми се налепиле по дебелите ѓонови.
На невидено, си ја колнам сетнината
и плукам по мајчината утроба
ама ич не ми требаше да го усетам светов....
Ми иде, ко безброј дни овде пред раѓање да сум минал,
ни песна ни вик не се подава од вилицава
чмаам, чекам да прејде саатот
ѓом'ти ќе го преспијам, ќе ми олесни,
а то како воз по шините што гази така ме мели.
Чоекот не ти бил ни пет пари
ти бил една канта кал...
ко ќе се исуши, ете ти прашиниште.

## 1914 - ПОЧЕТОК НА КРАЈОТ

Полските sверови се преобразиле во грофови
им ја изнудуваат љубовта на малолетните девици
треперат под нивните телесни мириси
на градите им цртаат светови со киселите јазици.
Девиците врискаат од задоволство и болка
sверските лиги се укотвуваат во нивните скутини
'ртат многувидни габи
и оттаму се раѓаат сите недефинирани, сколиозни извртоперени
мувли и ќори битија кои го поштомуваат светото од светот.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**ВИКТОР Б. ШЕЌЕРОВСКИ** (Србија)

## ЗАВЕШТАНИЕ

на Душица

Во украсеното езгро во каменот
Со твои букви пишувам завештание наедно
Од дрвото за мојата хартија која гори во пламенот
Со сонот и јавето заедно

Горат и зборовите во светото молчење
Разболени во играта од твојата ладнотија
Како прав истурена по патот за клечење
На немиот страв во отмената самотија

А кога со усна раката ти ја допирам со внимание
Зборот што ќе го речеш знам кој е
Ако го избришам запишаното завештание
Сѐ што ќе наследиш е во бесмртноста мое

## НЕМИНОВНОСТ

Ја заведувам ноќната Змија
На Месечина

Суштината на совршениот обид
Ја решавам со будење
Во раната Зора

Змијата со игрите што личат на
Птици
Испраќа во Татковиот глас
Шептачи
Во војнички облеки

Со стегнато срце
Ѝ ставам јаболко
Под глава

Змијата ме потсетува
Дека Раѓањето е
Во сопственост на Смртта

Дека тишината се крие во гласот

Кога зајдува Денот
Ги земам седумте шари
Од јаболкото
За поубаво
Да ми ги затвори очите

## ФУСНОТА БРОЈ ДВА
(ВТОРАТА ВИСТИНА)

Песните твои се патетични
И рекоа
Непримерени на времето
Што го нудат европејците
Зашто ги споменуваш спалените светини
Раскопаните православни гробишта
Поетесата Даринка Јевриќ
Заточена во центарот на Приштина
Со денови со години
На почетокот
На дваесет и првиот век
И разгледницата која од Солун
Сѐ уште патува кон Охрид

Добро би било
Ако знаеш
Да ни кажеш нешто за откритието
На шестиот степен на ДНК
Во кое молекуларните научници
Децидно докажале дека ЗБОРОТ
Единствено може да ги излечи
Болестите на Срцето

Исто така пред стотини години
Велам
Поетите тврделе дека
Поезијата е слична на светлоста
Незапирлива
Преаѓа мориња и реки
Гради мостови

Заоѓа во најдалечните места на Земјината топка
И подеднакво им припаѓа на сиромашните
И на оние кои го контролираат капиталот

А баш токму тогаш
Големиот генерал
Сопственикот на мртовечките сандаци
И црната боја
Кој судбината на воините ја поистоветувал
Со судбината на мравките
Рекол при крајот на животот
Оф оф да бев поет
Ќе можев секој ден
Омразата од моето срце
Да ја испишувам на хартија од мраз
И мирно да чекам наутро да огрее сонцето

Во тоа не веруваше поетесата
Даринка Јевриќ
Знаеше дека единствено е точно
*Додека човекот гори*
*Целиот свет се грее*
*Кога ќе изгори човекот*
*Тогаш пепел сè е*

**ИСКРА ПЕНЕВА** (Србија)

## ЗАСЕК

Точно на пладне
Точно на половина
По должина го сечам
Моето торзо

Внимателно ги раздвојувам
Левиот и десниот дел од градите
Ја вадам внатрешноста
Органот кој пулсира
Без разбирање

Со своите месарски раце
Го полагам на рамна плоча

На која можам да го набљудувам
Своето лице кое прави гримаси
Додека работам стоејќи

Земам алатки

Толчникот
Добро удира
Го истенчува мускулот

Секирата
Пилата

Го започувам ритуалот на сечењето
На најситните парчиња

И колку да бев упорна
Тоа чудовиште секогаш се враќа
Собира
Се регенерира
Во својот првобитен облик
Пулсира тивко
И потсмешливо

## СОБА

На ѕидот виолетов часовник
Затвора кругови
Покрај него е палмата во саксија
Преку патот - прозорец

Светлоста од отворот
Шарите ги истакнува
На рачно исткаениот ќилим
И предметите на масичето
Бокал со вино
Чаша до половина полна
Кикиритки во чинија
Книги
Хартија

Моливот во раката
Пишува црвено

Очите ја следат линијата

Врежаните букви
Сведок се на состојбата
Во една соба
Пред свечерување

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Покрај тебе сум мало дете
Кое го учиш да оди
Да го распознава вкусот на гордоста
Боите
Крикот на бурата
Различните гласови
И движењата

Научив
Животните да ги препознавам
И најзначајното
Каде се четирите страни на светот

**БИЉАНА МИЛОВАНОВИЌ ЖИВАК /**
**Biljana Milovanović Živak** (Србија)

## ДОБИТНИК НА НАГРАДА

Би морала
усилено да им кимнувам со глава
и да им се насмевнувам
на старите

и на оние помладите
поважните

Да го повикувам Марс
место Афродита

На јунаците да им смислувам
чудни и непостоечки имиња
да ги китам со чудесии
и со научни фантастики

Да ги фрлам во канците на лавовите
во жива кал
низ водопади

Да ги ранувам
со пушки
со стрели
со топови
крвта да им тече од скршените черепи

ако би живееле во минатото

Или неминовно
би биле политички активисти
со стамен чекор и бистро чело

или сиромашни уметници
неразбрани од средината
во која живеат зашто мораат
а од која се гадат

Би копнееле по велеград
во кој би се распослале црвени теписи
пред нивниот настап

Би морале да бидат предводници

како Тито
како Чегевара
како Бикот Кој Седи

моите јунаци

Би морала да пишувам за војната
наместо да војувам
во поезијата
во животот

Би морала да бидам машко
а тоа не можам да бидам

## НАЛИЧЈЕ НА КНИЖЕВНОСТА

Се вртев, о Господе,
се вртев во кругот бескраен

заврткa мала
во кругот на машинеријата

се осмелив да излезам
сама своето тркало да го вртам

Мислев дека можам сама
со сличните заврткa

без рѓа и валканици
најубавите песни да ги создавам

Но брзо ме згазија
тркалата тешки ме сомлеа

тоа што од мене остана
го растопија во казан

да направат нови заврткa

**Превод од српски на македонски јазик:**
Ленче Милошевска

**САША ЈЕЛЕНКОВИЌ / Саша Јеленковић** (Србија)

## ПОЧНУВААТ СЕЌАВАЊАТА

Сеќавањата почнуваат после смртта. Бог
понекогаш се исплашува за својата војска,
за своите отапени мечеви. И клекнува
на безимениот гроб. Јадам варена
пченка и гледам на скалите.
Чекам да се вкрстат возовите.
Патувам по жештини, луѓето гледаат
во мене, не разбираат како може
да се намали раздалеченоста меѓу континентите.
Кога тоа ќе го посакам, тогаш не гледам и не слушам.

## ЛЕДЕНО ДОБА

Се сеќавам на предавствата кои мораа да бидат
извршени како би се превртил светот.
Вистинско чудо е што повеќе не нѐ полуде.

Секој во себе чуваше едно мало уво.
И на дното од куферот лицето кое ќе го носи
кога ќе се раѓа. Одамна ги заборавивме
имињата на бродовите и островите. Да сум мртов,
би ги славел заедничките места како што се прегратките,
би ги потпрашувал посетителите дали се сеќаваат на моето име.
Практичните науки ја изгубија смислата.
Еден по друг ја преземаме вината.
Тоа се вика вител, местото на тоа му е во мразот.

## МРАВЈАРНИК

Бев, бевте, бевме во мравјарникот,
под аголот, привидно подготвени, внимателни,
восхитувајќи се на овој почеток и на оној крај.
Цел свет е навиен како да се лизга,  се превиткува,
расте и пулсира, во болката се блада во негова чест.
Расти, и расти, мој див, нагризен,
од друго време, како врата кога шкрипе
и го повикуваат оној кој ги држи заедно
броевите и sвездите, лесноумните и одвишните.

**Превод од српски на македонски јазик:**
Петре Димовски

**ГОРАН КОРУНОВИЌ / Горан Коруновић** (Србија)

## НЕБОТО НАД МАРАКЕШ

*Видување прво.*
*Човек тоне во небото,*
*Птиците летаат наназад,*
*Џибрил збунето посега*
*По двогледот*

***

Одбрав како ќе ти се прикажам -
Златниот крокодил го извртува
Крилото на авионот, трепери
Со вжарената опашка и изгладнето се прosева,

Неговиот sвезден, рожнат грб
Поблагороден е од глувонемите жени,

Подолговечен од клунот на леталото
Забиено во африканскиот брег;

Тој тажен смртоносен влекач,
Долазил од подметнатите пожари,
Изнурна од облачното руменило
Пред твоите вистинољубиви очи,

Поречовит од трубата која го слави небесното
Лазење на рептилите, поточни од громот
Кој ги спојува синилото и мекото средоземје
Под нас, блескоти над летечките

Животи, пукаат сијалици во стомаците
И пламтат патнички порции,
Се подигнуваат кон нас исушени пасишта
И стреловитите врвови на џамиите

Кој има очи да виде, нека виде -
Се сјае крокодилскиот хранопроводник,
Железото се врие во пареа и крилата
Губат спасоносна висина -

Само храбро продолжи да тониш,
Кон небото како што се стремат облаците
Кон земјата. Јас те чувам.

***

Нема дожд. Тоа не се звуци
Од кои духот во текот на попладнето
Се брчка во варено желкино срце;

Затоа кој има уши да чуе, нека чуе -
Треперат во дињите крилја на препелици
Сочни грутки се тркалаат низ челик

И лубеници трештат по трупот на авионот
Попродорни од камења
Кои целат кон челото на неверникот;

Преку напукнатиот клун на кабината,
Низ оклопите на непробојната машинерија
Се стрмоглавува подарениот зеленчук,

Се уриваат во понорот непресушните залихи
На радост на сиромасите
И пустинските животни,
Веат преку видикот

До подготвени кошници медини,
Под чеканите ослободувајќи
Црвени, крцкави гуштери,
чкрипави над жарта на трпезата;

Само ти остануваш заспиен и драг,
Дечја глава оставена во аквариум,
Наивен и глув за помоќни чекани
Кои ја испробуваат кората на леталото -

Се очекува мноштво
Исушени урми во неа,
А се пронаоѓаат луѓе во седиштата,

Товар кој се надева
Гладот кој би го задоволил

***

И неподготвени очи на младенчиња, и старечки
Избледени зеници, и вид кој е неверник
Достоен - да се навикне со време
На непопустливата темнина;
Најпрво со допирот се препознава
Лична сопственост, раце кои
Меѓусебно се потврдуваат,
Вешти прибори и заборавени
сувенири, коси на саканите лица;
Потоа и дворот што си го уредил,
Негувани дрвореди, патишта
Кои продолжуваат во темнината;
Но, нема очи кои прифаќаат
На диктатура на светлината, на поглед
Упатен на сонцето постојано
Од детското надигрување;
Толку се копнее за светлина,
А не би имало живот под ѕвездите

Преместени меѓу семејните ламби;
Само истрајно затемнети точки
Блесок на нуклеарна експлозија
Е твој сигурен заштитник,
Моите пробудени зеници -
Ти испраќам долг,
Грижен и издржлив поглед

***
Те напуштам.
Се повлекувам нежно
Од посветениот љубовник
Угаснати страсти.

Како да не сум ни бил тука.
Доволно е вниманието на персоналот,
невидлив глас
Кој најавува слетување,

Јата риби одразени
Во патувањата на галебите.

Едрилици потопени во ветрот.
Сонце и сјај.
Кого денес ќе го снема,
По него не вреди да се тагува.

Бранови, топки и огромни кучиња,
Сурфери на искривените води
количини синевина
И истурање на пена;

Некој изразува воодушевување
Од сенките,
Лебдење и Атлантик,
Повторно бранови,

Непрекинат вител од сол,
Млади сурфери и одмотување
Течности,

Трагата на авионот која
Навлегува во континентот.

Заминувам. Медузи
Изнурнуваат кон небото -
Предоцна отворени
Падобрани

**Превод од српски на македонски јазик:**
Петре Димовски

**ЖАРКО МИЛЕНИЌ / Žarko Milenić** (Босна и Херцеговина)

## ПРЕВРТЕН СВЕТ

Во превртениот свет
На моите соништа мојот татко е жив
Толку жив што пожив не може да биде

Таму се живи мртвите па и јас
Мојот татко одбива да тргне на погребот
На својот прв сосед
Кој не сакал да дојде овде кај него

Често го гледам мојот прв сосед
И не го прашувам зошто не дојде на погребот
На својот сосед а дошле сите други

Барам причина за тоа, не наоѓам
Можеби кога ќе умре мојот сосед
Тајната ќе му ја каже на соседот, во
превртениот свет

## БОГАТИТЕ И КАМИЛИТЕ

Богатите лежат во земското царство
Тие слушнале за камилите и прашуваат
Какво им е месото?

А на крајот би сакале
Макар низ иглени уши
Да влезат во царството небесно

О, не – сега е доцна
Ако помалку грабавте, јававте

Уште би имало некаква шанса

Сега лаат и ронат солзи
А вредните, бедните камили
Одат понатаму, понатаму...

## ЗИМСКИ ПРОЗОРЦИ

Невини се зимските прозорци
и кога ја кријат зимската идила
бели пејзажи бел поглед
ѕид кој нѐ штити
сами и голи
во овој ладен свет
во кој не го гледаме
она надвор, она другото
во белиот свет

**Превод од српски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ШЕФКО КАЛОПЕР / Šefko Kaloper** (Босна и Херцеговина)

## ПОСАВСКА

О, здраво, бела Марија,
во посавските рани утра.
Здраво, поздравена си секогаш
на сите пречеци мои.

Не ни беа судени дамна
сите мирувања наши,
воздишки, клетви и бол
во губењето на умот.

Се расприкажувале ластовичките
во навраќањата на сните,
здраво, бела Марија
и во спокојот на ѕвездените ноќи.

Како и секогаш
на аголот ќе те чекам

во деновите да ми дојдеш
со движења живи.

## ПОВТОРУВАЧИ

Изгледа дека подзапреа,
задишани
бараат по нешто, за забот
да им застане.

Фрлам коски. Нив ги имам многу.
Останале од порано.
Ако останат на коските
добро е.

Можеби нема да останат
зад забите.
Се надевам. Ако посакаат,
ќе дадам нешто свежо.

Моите се согласија. Ќе легнат.
Заради Едван и Сена.
За другите и не знаат
бидејќи ги нема.

Ако тоа повторно го дочекаме,
митски ќе се спремам.
Ќе чекам.
Крај.

Не би ми било мило
да се повтори,
но ако мора
од животот спремив нешто.

## ПЛУКАЧИ

За четириесет и пет години
како што не им останаа пусти,
плукаат многу.

Плукаат и не престануваат.

А долг период плунката
в грло им стои.

Не им чини ништо,
не слават
што се слободни и живи.

Да се со некои други
никои и ништо не би биле
ниту нивните одвратни муцки.

Доста долго плукаат
и ги трпиме.
А на кој сето тоа му треба?!

Нека плукаат.
В грло да им застане
подоцна и клетва нек ги стигне.

**Превод од босански на македонски јазик:**
Панде Манојлов

**СЛАЃАНА ЈОВИЧИЌ / Slađana Jovičić** (Босна и Херцеговина)

## НЕОБИЧЕН ЧОВЕК

Сестра ми, која е лекар, раскажуваше како запознала една интересна бабичка, свој пациент, која целиот имот го изгубила во војната, но се снашла и во овој град. Сретнала добри пријателки, врснички, и постанала членка на едно хуманитарно здружение. Топло се смеела со весели очи, полна со дух. Сестра ми ѝ напишала рецепта и срдечно се поздравила со неа. Била освежување во еден заморен ден. Потоа во амбулантата влегла млада, убава, но испиена и тажна жена. Барала лекови против депресија. Била мештанка. Се жалела на животот, на неразбирањето од околината, на мачнините што ѝ ги причинува секој нов ден. Тогаш се сетив на Слободан.

По војната кај нас, во летната кујна се досели необичен станар. Беше бегалец од еден далечен град. Висок, слаб, исукан, со тесно, набрчкано лице, со големи светли очи кои гледаа доверливо. Над усните кои се насмевнуваа неуморно потреперуваа сиви мустаќи.

Ни рече дека претходната ноќ ја поминал во паркот. Мајка го прифати со сомнеж. По строгата контрола на документите од дојденецот, вселен е во нашата летна кујна, мала собичка со надворешен влез каде што беа набиени кревет, стар "девојчински плакар“ од мајка, маса со две столици и ниска мала печка во аголот. Рече дека собата му одговара. Мајка му соопшти колкава кирија очекува, и тој ја прифати, без ценкање.

Работеше во магацинот на блискиот маркет. На работа одеше во работна облека. Широките сини панталони ги напикуваше во волнени бели чорапи. Избледнетата блуза беше поголема за еден број, а на главата носеше сива шапка.

Слабо јадеше. Но секоја вечер, кога се враќаше од работа, носеше два литра пиво. Зборуваше дека пивото е хранливо и дека од него ќе се поправи. Кога ќе ја добиеше својата дневница, ни носеше колачиња, кафе, ќебапи, сокови. Мајка му се заблагодаруваше и го советуваше да ги штеди парите, да не пие, да не ни носи подароци. И тој се смееше и велеше:

– Ќе има, ќе има, не се грижам! Ќе даде Бог!

На тој човек толку малку му беше доволно да биде весел. Среќен сигурно не беше. Но го најде начинот да не потоне.

Не можев да го сфатам овој човек кому животот му беше безгрижен. Или можеби не? Можеби единствен начин да преживее. А јас секојдневно кукав што не можам да најдам постојана работа, во општество во кое повеќе ништо не е постојано, ниту сигурно. И се грижев за иднината. Јас, која живеев со старата мајка. Без потомство. Без некој кому морам да му обезбедам иднина.

Жена му загинала во војната. Синот му живееше некаде во странство. Не пишуваше, не се јавуваше. Не верувам дека му испраќаше пари. И тој за својот син кажуваше:

– Мојот Ранко има дваесет и девет години. Убав, висок, танок, рус како мајка му. Ги има моите очи. А пак како пее! Кога ќе се проломи неговиот глас, сите застануваат, па слушаат. А чувствителен како девојче. Не пие, не пуши. Тој не сакаше да војува. Ниту на едната ниту на другата страна. Вели: "Не можам да се решам помеѓу тебе и мајка." Како би кога мајка била нивна. Не нивна! Моја! Наша! А негови се и од оваа и од онаа страна." – кажуваше – Ова не може да биде моја војна. Зар јас да пукам на мајка? На Емира, на Сабина? Емина и јас ќе се венчаме. Па право во Америка."

Продолжуваше:

– А какви златни раце има мојот Ранко! Што да замисли, ќе направи во дрвото. Што ли ќе работи таму мојот Ранко? Нема да има сиромаштија! Не се дава тој! А колку му е добра Емина. Ми вика: тате… не ми се јави мојот Ранко. Само нека е главата на рамената... Та чиј би можел да биде тој? И мајкин. И таткин. Ист како мајка му. Убав на неа. А моја крв ... А да видиш колку ѝ е добар на својата Емина. Никогаш не гледал во друга девојка. Заедно одеа на училиште. А таа е од добри родители. Чесни луѓе, вредни. Нејзиниот брат сега е на другата страна. Кога заминував, ми стави во рацете штека цигари. Вели: "Ќе помине и ова, тате." Што ќе правиш, полудел светот. Да!… Не се јавува мојот Ранко.

Кога ми носеше колачи, велеше: "Е, токму вакви сака мојот Ранко. Изгледа се добри. Па мислам, ќе ти се допаднат и тебе."

Му подарив мали ножици со кои редовно ги стрижеше своите накострешени мустаќи. Едно утро нѐ повика на кафе. Мајка го одби. Не му ја направивме таа радост. Таа вечер некој ѕвони на вратата. Во зимските ноќни часови никого не очекувавме, ние на кои никој и не ни доаѓаше. И ако некој ѕвонеше, исплашени отворавме. На скалите стоеше Слободан - весело пијан. Ни кажа восхитено дека добил наследство, мала куќа со имање на фармата и дека утредента рано заминува. Во раката држеше голема торба со намирници. На мајка ми ѝ ја исплати киријата. И ѝ ја претплати. Сакаше со нас да се збогува.

На заминување мавна со раката и рече да не го помниме по зло. По какво зло може да се памети ваков човек? А како би се сеќавале на тој необичен, весел човек кому имовината многу не му значела. За неколку години ќе го потроши тоа свое мало имање, ќе се вработи во некое стовариште, ќе спие во паркот, а потоа ќе најде потстанарска соба и на некоја вдовица ќе ѝ носи подароци. Да не би бил сосема сам. Да има со кого да зборне. И ќе биде весел затоа што денес е сончев ден, или затоа што таков ќе биде утре.

Отидов во неговата соба да ја исчистам. На закачалката висеа неговите работи - една тренерка и две кошули, долу патики. На полиците беа наредени бријач, паста за бричење, брион и сапун.

Оставил сѐ што имал.

И заминал.

Како ќе живееш, ти чуден човече?

Додека го губиме тоа што го имавме, нѐ погодуваат големи несреќи и мислиме дека нема да ги преживееме загубите. Но, кога ќе остане човек сосема гол - напуштен, без ништо, тогаш прво се појавува една тапа рамнодушност, а потоа среќа што сме уште живи. Што постоиме. И го гледаме другиот кој е како нас. Треба само да се премине таа граница и да се остане жив. А нашата природа сама се лечи и наоѓа патишта да преживееме и да застанеме зачудени пред рамнодушноста.

**Превод од српски на македонски јазик:**
Петре Димовски

**НЕДА ЧАЈЕВИЌ / Neda Čajević** (Босна и Херцегодина)

## ВУЈКО ЈОЗО

Вујко Пепија, како го викавме во семејството или Јозо, како го викаа пријателите ловџии, рибари и другарите на работа го запознав дури како девојка, бидејќи не живеевме во исто место, но за него слушав многу прикаски.

Немаше свои деца. Одгледа три деца кои вујна Иванка ги донесе во нивниот брак.

Вујко Пепи беше прецизен механичар, многу начитан и работеше во сараевски „Зрак“. Хоби му беше ловот и риболовот, и препарирање на ловечки трофеи. Препарираше животни, зајаци, лисици, диви свињи и разноврсни птици, од оние најситни до големи тетреби и дропљи. Неговите препарирати беа многу веродостојни, како да се направени со фотографски апарат.

Беше вистински стручњак да направи „мушички“, „лажливки“ и други мамци и неуморно, во длабоки рибарски чизми ги газеше Миљачка, Железница, Босна и Неретва, фрлајќи блинкер. Имаше успех, рибите јадеа, но вујко се придржуваше до прописите, па сите риби под дозволената должина ги враќаше во реката.

Во ловот на дивеч го почитуваше ловостојот и пукаше само на срндачи, зашто срната можеби сѐ уште се грижи за малите срнчиња, па треба да биде поштедена.

Вујко ги сакаше друштвото и чашката. На секој први навраќаше во кафеаната каде го чекаше поголемо друштво. Се знаеше: „Јозо денес плаќа“. Се редеа тури пијачка, а и актуелните политичари често беа на тапет.

Од сите приказни за него мене посебно ми се допадна оваа.

Доцна есен, ладниот ветар нафрла дождовни капки на прозорците од кафеаната во која седи Јозовото весело друштво. Јозо добро е расположен. Прими плата. Овојпат подебел е пликот, бидејќи Јозо ја натфрли нормата, а нешто и прекувремени саати наплати. Има добри причини да го почести друштвото. Веќе повика трета тура, а прифатила, весела, келнерката тука да послужи и четврта, Јозо ќе плати.

Но, студениот дожд и ветерот во кафеаната ја натера да влезе убавата Циганка. За наводенетата сукња ја држи премрзнато детенце, а од марамата, вешто врзана преку градите и рамената, назирнува коштраво главче на осуммесечно бебе.

Веселото друштво не се осврнува на испружената рака и одвај чујните зборови: „Дајте, милостиња да ве сочува“.

Циганката кружи околу масите, никој ништо не ѝ дава.

Келнерката ѝ се обраќа:

„Излегувај, не ги вознемирувај гостите, ќе повикам полиција!“

Циганката упорно продолжува, опкружува околу масите па дојде и до масата на вујко Пепија.

Добро расположен, вујко ѝ се обрати:

„Што те натерало, жено, по ова невреме да излегуваш и уште со себе да ги носиш децата?“

„Немам пари, нема леб, нема млеко, а децата се гладни“, вели Циганката и ја пружа раката.

На тоа вујко ѝ вели:

„Еве, ова е мојата плата, земи и погрижи се за децата.“

Кажувајќи го тоа, ѝ го тутнува во раката пликот со парите.

„Што правиш, Јозо?!“ повикаа неговите другари. „Сите пари ѝ ги даде, кој ќе го плати ова?!“

Вујко студено одговори:

„Кој пиеше и нека плати, а оваа сиромавка барем малку полесно ќе ги одгледа своите мали!“

Кажувајќи го тоа, Јозо стави стодинарка на масата, го стави ловечкиот шешир и полека тргна во дождливата ноќ.

**Превод од хрватски на македонски јазик:**
Петре Димовски

**ОЛГА ЛАЛИЌ КРОВИЦКА / Olga Lalić Krowicka** (Полска)

## МОЛКОТ НА КРВТА ШТО ШУМИ

еднаш штом слушнеш
како два зумбули израстуваат од локва крв
помоли се за илузорните
меѓу нив стојам и јас
во црн фустан ги довикувам
паднатите ангели
Бог нека ги оздрави
и мене и тебе исто така
на векот на вековите мислите
кои ти ги испраќам од локвата
ветрот го расејува секој одек зборовите
расцветуваат
како трње на главата

заминуваат Божјите балерини
на танцот на смрзнатото небо
како темносин кристал
прислушнувајќи како локвата
се менува во река на животот
веќе ништо нема да кажам
додека умираат богињите на минатото
ветрот ја разнесува пепелта од емоции
по пресушеното море на надежта

повторно ги гледам белите облаци
како пропаѓаат низ полјата со крстови
во провалијата на изгубените души
само еднаш од душата растат цветови

## ЛИЦЕ

Лице. За што сведочи лицето?
За немилосрдниот камен за удрениот,
За распарчените риби на морското дно,
За караванот што моли за милост
Додека тоне кобно нурнат во крв.
Лице. Не радува.

Никогаш не ќе ја исполни формата на личноста.
Скривајќи неколку делови и делчиња
Ќе запаѓа во токот на бедната ситуација,
Едноставно не го познаваме.
Никогаш не ќе го запознаеме неговото
вистинско сонце,
Знакот на потиштеноста, изразите и интригите.
Тоа издава. Од дното на душата не црпи ништо.
Тоа е странец. Лице. И лице во лицето.
Ќе го проширам тој поим (благодарам) кој
Како спалена книга го следи чадот од хартијата.
Разноврсната хартија создава неколку штетни
супстанции
За мене самата. Огрешена и одврзана
Ја голтам чинијата на лицето
Во рамката на животот. Ги кубам закоравените
Извичници од сопствената совест.
А опасното никогаш не ќе ја покрие сопственоста,
Ќе остане во огледалото на ладната воздишка
Која го прави токму тоа што не смее.

## ЗУМБУЛ

трепереше како Јов
со виолетова насмевка
господин во прастаро палто

со погледот го опфаќаше
а со нозете го крадеше
пространството

отсутно ги слушаше
чекорите низ снегот
ненадејна нота ги запираше
пареата го ослободуваше шепотот
потпирајќи го крикот

со солзи во очите
клекна
и го милуваше своето богатство

## ОТСУТНОСТ

обземен со мисли за среќата
пловиш зад хоризонтот на животот
оставајќи ја зад себе капијата
на нормалноста
секојдневноста на жиците

твојата форма пропаѓа низ зградата
без катови и луѓе

таму утре ќе постои
искра душа во бетонот
потоа небото ќе го бојадисаат
скршените прсти
во пределот за оставени

**Превод од српски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**РИШАРД КОРНАЦКИ / Ryszard Kornacki** (Полска)

## ВЧЕРА

вчера те измислив
со чаша коњак
во раката
со светот на Клод Моне.
многу се замислив
во црвената пеларгонија
над твојот зодијачки знак.

вчера те изненадив
кога ја носеше пролетта
на ливадите –
импресиите на Едгар Дегас.
одеднаш те гушнав
во сончевиот бег на коњот
ех живот... и разделби.

вчера те вовлеков
нормално како што стоев

на брегот
на расположението на Писаро
па срцето се тргачи за валцер.
повторно силно те гушнав
и те осудив на љубов
како во ропство или во егзил

**Превод од српски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ВЕРОНИКА ИВАНЈУК / Weronika Iwaniuk** (Полска)

***

Бог ми даде крилја но не ме научи да летам
не ќе ме разбере оној кој никогаш немал крилја

кога неволно гледам во огледалото
и ги гледам тие полумртви
а всушност неоживени делови на телото
го проколнувам човештвото
кое со својата нормалност
и повлечените граници на мислите
нефлексибилно вградени во историјата
на бетонскиот полусвет ја убива мојата слобода

дали да го обвинам Бог кој во својата немилост
ми подари бреме на неразбирливоста (?) Не (!)
ме болат најголемите вредности
гласно исфрлувани со зборови и смеа
кога ме напушта последната надеж
и вербата во исполнувањето

ги топам крилјата во восок
се ослободувам од себе
можеби ќе ја засакаш мојата сенка

бидејќи ти навистина сакаш сенки...

**Превод од српски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ГЕНКА БОГДАНОВА** (Бугарија)

## СЕМЕЈСТВОТО Е МОЈОТ СВЕТ ХРАМ

Семејството е мојот свет храм!
А јас сум свештеничка посветена.
Олтарот е осветен со љубовен плам
и со верност – светлосјајно вплетена.
Едно е моето божество. Со години
нему заветена сум му јас.
Не го барајте во небесата сини,
знајте – тоа живее во нас!
Љубов е божјото име.
Без неа празен е светот, сам.
Таа е оаза сред пустина,
за срцата насушна топлина.
Семејството е мојот свет храм!
На љубовта наша е нишалка.
За мене е симбол свет
во кој верувам од кога за себе знам.

## ПЕСНА ЗА РИМИТЕ И СЛОВАТА КОИ ГИ СОЗДАВААТ ЧУДЕСАТА

Кога сме ранети, од зборови студени,
од злоба, подмолност, товар,
и ни се грчат срцата пленети од тагата,
потонати во страв или жал,
и гасне верата во градите безгласна,
и нема надежи, мечти,
верувајте, луѓе, и стравот и заморот
се лекуваат со зборови добри!

Читајте ги словата, балсам за срцата,
тагата ќе одлета
и надежта пак ќе извлече крилја,
а верата пак ќе процвета.
Тогаш душата лета на крилјата
на смели човечки мечти,
сјае во позлата и бликаат словата,

тогаш тие чудесност ќе родат.

Кога словата ги допираат срцата
и будат чувства во нив,
ликува земјата, блеска синевина,
и бликаат и солзи и смев.
И звучните рими, невидими, ја пеат
во хор Одата на радоста,
и пак во светлина се прераѓа душата,
помудра и многу добра.

## АКО МЕ САКАШ

Не ме претворај во чучулига нема!
За мене трагедија ќе е голема,
до тебе молчалива да живеам,
душата да замре, да не пеам!

Не ме претворај во бескрилна птица!
Мојот дом се твоите зеници,
јас само кај тебе сал ќе допатувам,
и со нежност и љубов ќе те обгрнувам.

За слободата – од тебе подарена,
сѐ повљубена и окрилена,
прекрасни песни јас за тебе ќе пеам,
до тебе, среќна, долго ќе живеам.

## НАСМЕВКАТА

Насмевни се! Насмевни се мил Човеку!
Тагата и немирот протерај ги далеку!
Кога насмевка лице ќе ти згрее,
душата мрачна сама ќе ти запее!

Насмевни се! Насмевката надеж означува.
Низ животните бури таа те пренесува.
Таа е лек чудотворен за замор и стравови.
Насмевката вистински луѓе нѐ прави.

**Превод од бугарски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ЈУЛИЈАНА ДОНЕВА / Юлияна Донева** (Бугарија)

## САМОТИЈА

Неделен ден. Надвор е мрачно, сиво...
На небото – црна птица прелетува.
Зелени гранки ветрот извива,
а јас се натажувам.
Крај мене, пак, ечи од тишина
која само ветрот ја нарушува.
Срцето е свиено во САМОТИЈА,
а таквата „слобода“ ме задушува!

## САМО ЖЕНА

Не сакам да бидам
СИЛНА ЖЕНА!
Ми се смачи
да утешувам,
да давам идеи,
да вдахнувам сила,
да носам туѓа вина...
Незаштитна
сакам да бидам!
И слаба.
Да раздавам
нежност
и топлина.
Со милни раце
да го раскинувам лебот.
Да чувствувам потпора
во силна рака.
Не сакам да бидам
СИЛНА,
туку САМО ЖЕНА!

## СО ВЕРБА

Молете се, ако во умот ви се впила
глува и отровна безнадежност.

Очите, ако ви станале –
слепи за љубов и за нежност!
Молете се, ако срцето измачено
не може да најде брод и пат,
а мислите, како урагани –
налетуваат и болскотат и... болат.
Молете се! Молете се со верба!
За вас ќе има пат!

**Превод од бугарски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**РАДКО СТОЈАНОВ / Радко Стоянов** (Бугарија)

**УБАВА ЖЕНА**

Кога сретнувам убава жена,
ме обзема неземско, рајско чувство!
И си мислам: небесната светлина
со љубов го создала тоа искуство!

Почнувам бавно да ја мислам,
да ја пијам прекрасната убавина.
На формите да се насладувам,
во неа својата мечта да ја барам.

Но убавината е толку различна –
со нијансите на илјадници ѕвезди!
И пак, таа е многу, многу лична,
како срцето во моиве гради.

Лежерноста, одењето, бутовите,
од трпнежот на градите чудесата,
лицето, усните, косата,
ѕвонливата мелодија на гласот!

И сè е достојно за уметник!
И сè е достојно за поет!
Дури и најзаколнатиот безбожник
ќе се поклони ко грешник клет.

Но, ах, очите! Како само очите говорат!
Се насмевнуваат и пеат, и ѕвонат!

Просјак беден можат да те сторат
или во небото да те возвишат!

Очите кажуваат сѐ за жената.
Душата пее во женските очи.
Погледни како пулсира убавината
и слушај музиката како звучи!

## КАКВА ЖЕНА!

Една Жена врви пред мене
со чекор на газела стројна.
Светот е како сменет,
се насмевнува Зората спарна!

Под стапките ѝ пролетта
раствора длапки стежнати,
во очите огнени страста
распалува вљубени пожари!

Каква Жена! Каква Жена!
За радост и љубов родена!
Од неа блика светлина –
божествена, благословена!

## НЕ ПРАШУВАЈ КАКО МИНУВААТ ГОДИНИТЕ!

Не прашувај како одминуваат годините!
Не ги гледај брчките на нашите чела!
Печат од времето тие ни оставаат.
Со насмевка и љубов кај мене ела!

Плодот на горчините земни не бери го!
Не чекај да падне студена магла!
Единствено само срцето разбери го –
со насмевка и љубов кај мене ела!

За спомени стари сега не тагувај!
Не станувај робинка на нови тежини!
Надеж и вера, и утро сонувај –
со насмевка и љубов кај мене ела!

Над мечтите ни рашири светли крилја –
со насмевка и љубов кај мене ела!

**Превод од бугарски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ЖЕЛЈАЗ КОНДЕВ / Желяз Кондев** (Бугарија)

## САМОВИЛА

На жена ми Куна

Јужно од Сливен има едно возвишение, чиј релјеф целосно одговара на своето име – Момини гради. Од двата невисоки врвови се открива прекрасен поглед на градот и околните населби. Како на дланка се гледаат величествените Сини Камења, Кутелка, Бармук Баир, Гаговец, Гребенец, та дури долниот Бакаджик. Во горниот дел се речиси оголени, подолу тука-таму ќе сретнеш некоја ориентална печурка. Види трнливите грмушки, тревната растителност и печурките се во изобилие. Тука пред некое време најдов шест гигантски ќелави пуфки, по три-четири килограми секоја. Снежно бели, при досег небаре излачуваат некаква особена топлина. Беа исклучително вкусен деликатес и со големо задоволство ги изедовме со роднини и пријатели. Оттогаш редовно одам во овие места да проверувам дали тоа чудо нема да се случи повторно, но за жал не! Бај Фирко, стариот печуркар, ме уверува дека такво нешто се случува еднаш во животот. Тој самиот, иако ги префрлил седумдесеттите, го немал задоволство да најде толку многу од овие печурки на едно место.

При една од натамошните обиколки, во есента беше, се запознав со двајца овчари од околните села. Изгледаа седумдесет- седумдесет и пет годишни, Коњо и Атанас се викаа. Прашав многумина постари луѓе дали името Момини Гради доаѓа од надворешната сличност, или е поврзано со некоја легенда – никој не знаеше. Ги прашав и нив.

– Кој се интересира сега за такви работи, бе момче... – прв проговори Атанас. – Секој се бори за коматчето, најмногу селаните. И во градот не е цвеќе, луѓето се без работа. Стока, стока колку сакаш, но очи полни, раце празни... Сто глави добитокот гледам и ако немам жито од мојата земја, не можам да врзам крај со крај. Сето ни го откупуваат евтино. Трговија да вртиш на тие години!

– По месец, два – интервенира Коњо, – како земаме да ги јагниме, нема ден за нас, нема ноќ, а при молзење без раце оста-

нуваме. Таа, нашта, зашто не залулува, ама младите, младите ... Државата ги потроши...

– Коњо е во право, тоа нашето држава ли е – ни царство, ни господарство! Младото и читавото се растури по светот. Останавме само невредни луѓе, да не скубат кој како може. Денес колку си поголемо началство, толку ти е поголема зделката. Барабар со нашиот цар ли е, министер ли, еден Господ само знае... Што ли те занимаваме, ти сигурно повеќе ги разбираш тие работи... Ама како што гледам – спокоен маж си, веројатно и внуки имаш, а пак си седнал да се занимаваш со било-не било нешто.

– Не си во право, бај Атанас. За бугарштината треба да се знае и доброто, и лошото. Сите народи си имаат преданија и легенди, зошто нашите да исчезнуваат?... Пак и може со нешто да ни се корисни во современоста.

– На кои бе момче? – му зовре на Коњо. – На денешните безбожници, разсипници и крадци, не чини ниту јаже за нив да валкаш и куршум по нив да трошиш!

– Политиката, Коњо, нема да ја поправиме, ами да земеме да му кажеме на момчето тоа што прашува.

Бај Атанас ја стави маскирната наметка на рамно место, ја разотвори од едниот крај и ме покани да седнам до него. Потоа се почеша по којзнае од кога небричената бела брада, го намести качкетот внимателно на главата, ме потапка својски по рамото и полека почна да раскажува:

– Таа, легенда ли, предание ли, ти тоа го разбираш повеќе, е многу, многу стара... Сето тоа што е под нас и наоколу до градот било поле, рамно како тепсија. Такви пасишта сега нема. Во текот на целата година имало наезда од добиток. Имало и големи дрвја да пладнуваат. Еден ден во текот на летото животните преживале во сенката, а пастирите јаделе и разговарале, како ние сега со тебе. И не сакаш ли, заврнало дожд. Паднал гром и ослепил едно овчарче - само шеснаесет години било. Види неговото име не можам да ти го кажам... Ама момчето не го оставило стадото. Магаренцето го водело, кучињата го враќале добитокот. Така цели девет години, се додека еден ден на пладне, пак под истото дрво, слепото момче, веќе строен млад маж, легнало да си дремне. Во сонот му се јавило нешто како самовила ли ... вила ли ... не знам точно, ќе те излажам, ама била невидена убавица. Очевидно и се допаднало и решила да му помогне. Кога ги видел, во сонот де, убавите нејзини гради, посакало да си ги погали, а таа се наведнала над него и тие речиси му го допреле ли-

цето. Дали ги бакнал, или си смукнал млекце, не знам... Едни велат едно, други друго. Се разбудило здраво и читаво по девет години темнина. Прогледало повторно! Но, пред да му се изгуби од сонот, самовилата му ветила да му исполни една негова желба, како отплата за повеќегодишните мачнини. Му рекла дека пак на тоа место ќе му се јави на сон, кога ќе реши што сака. Неговите блиски, целото село го распрашувале како се случило тоа чудо – да прогледа. Тој не им го кажал тоа што го знаел затоа што никој немало да му поверува. Многу ќе го земеле на подбив... Еден ден на пладне под истото дрво, самовилата повторно му се јавува во сон и го прашува што ќе посака. А неговата желба била само една: Што пред неговите очи, тоа и во главата – нејзините убави момински гради. Ги помилувал тој, ги бакнал. Од мерак се стресол во сонот, ги отворил очите и... што мислиш? Барабар со дрвото и стадото се видел меѓу тие два рида, ти за нив прашуваш. Тоа е тоа, тоа сум слушнал, тоа знам.

– Навистина многу интересна легенда, бај Атанас!

– Не кажа за последната наредба на овчарот кон неговите синови – го потсети Коњо.

– Кажи му ја ти на момчето, зашто јас кога ја раскажувам, ми се растопотува срцето...

Коњо само тоа и чекаше:

– Се задомил младичот за најличната мома во селото. Булчето му родило пет сина и една ќерка, таа по убавина ја надминувала мајка си. Кога му пораснале неговите синови, еден ден им ја раскажал својата историја. Се заколнаа да не раскажат никому, дури ниту на мајка си и сестра си, до неговата смрт... Ќерката исто личела на самовилата, што му се јавила. Тој многу ја сакал и му било страв за неа, да не ја загуби. Што момчиња доаѓале да ја бараат, но тој не ја давал. Земјиште, добиток, што ли не му давале за мираз, но тој сепак не прифаќал... Еден божји ден дошло едно младо гудаларче, го водело малото братче. Слепо било. Го поканил дома, да му посвири. Тоа не било свирење, не било чудо!... Плачела харфата, заплакал и овчарот. Ја повикува ќерка си и со треперлив глас и вели: "Чедо мило, многу си ми мила, многу ќе ми недостигаш. Еве го твојот вереник, сакај го и грижи се за него. Бог ќе те награди..."

– Да, очигледно тој во лицето на ќерка си ја видел онаа самовила која му го вратила видот...

– Тоа било, ама во легендата не се кажува дали ќерка му го оздравела нејзиниот вереник и што станало потоа. А синовите

него го закопале, е-е-е таму горе, меѓу двата рида. Таква му била последната желба. Сега, ако се качиш на едниот или другиот пред изгрејсонце, велат дека се слуша како воздивнува по драгата си ќерка ... Или по самовилата? Еден Бог знае...

Од срце им заблагодарив на двајцата кротки старци, се збогувавме и во текот на целиот пат до дома си мислев дека легендата е легенда, но самовилите кои прават добро, и сега се меѓу нас. Но не ги забележуваме, господа!

**Превод од бугарски на македонски јазик:**
Петре Димовски

**ВАЊА АНГЕЛОВА / Ваня Ангелова** (Бугарија)

## ВИОЛИНА И ДЕВОЈЧЕ

На Вили, сестрата на Еми,
со многу љубов и болка

Ѕвезди вжештени... Млечен пат... Вселена...
Во галактиките никнува месечината.
Виножито од време, судбина копнежна...
Виолина „Страдивари“ и девојче...

Пространство... Гравитација... Теорија...
Од струните лакот звук извлекува...
Материја и стојности... Историја...
Во очите нежни музика потекува...

Човечка судбина – миг мултидимензионален...
Заборавени мелодии и кадри...
Се прелева самракот во залезот вечерен,
во октавите, во девојчинските кадрици...

Огромна празнотија и виртуелност...
Двигателност, или фалшиво сценарио?!
Вечна изгледа видливата реалност –
девојчето со виолина „Страдивари“!

Се сумираат субатомски честици
без боја, нијанса и други колоритни шарки.
Се огледаат во младите зеници
протони, неутрони – дробни четвртинки...

Илузорни објекти... Земна сенка...
Живот и смрт... И друга димензија...
Холограмски слики, сфери... Дремка...
А може се фатаморгана, привиденија?!

Ѕвезди вжештени... Млечен пат... Вселена...
Во рајската градина пее пилче...
Во спомените воскреснуваат миговно
виолината и малото девојче...

## ПОЛЕТОТ НА ХЕРУВИМИТЕ

Во мојот свет нема мешаници и безредие.
Се накрева мисла – орел в далечини!
Со голо око ја гледам Андромеда –
маглив сон од волшебните дни!

Пред небото се врти Земјата.
Покрај животот се вртам и јас.
Таму, каде се собираат јатата –
во бескрајноста, сред која блескам.

Нека пеат над мене херувими.
Долго во ништошта со духот лебдев.
Тие ме носат во галактики сини.
Полетувам среќна со нив.

Светлосни години оддалечена сум сега,
а Вселената е водач, стои на чело.
Смртта веројатно за влакно ми бега,
но правецот ме движи смело.

Херувимите – ангели бели –
мигрираат со мене и јас се трудам
да напишам бесмртна новела
во својот вечен стремеж кон бескрајот.

## НАЈТЕШКИОТ КРСТ

Без причина, или во доверба,
ме создаде вечна од својот прст
самиот Христос со „Оче наш“ во повечерје,

за да го носам најтешкиот крст,
низ провалии и бездни да минам,
на сите да им вдахнам живост,
макар да сум само од глина,
да спознаам љубов и возвишеност.
Ме создаде со духот Негов од оган,
да пламнат пожари во крвта,
да останам во слово и спомен,
без зрак да ме сретне смртта.
Резултат сум веројатно достоен,
па дури да ме споделува од телото.
И сега за мене е спокоен –
имам виша задача и пат.
Без причина, или во доверба,
бесмртна ме создаде со прст
мојот Бог со „Оче наш“ во повечерје,
за да го носам најтешкиот крст.

**Превод од бугарски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ПАНАЈОТ МИТЕВ / Панайот Митев** (Бугарија)

## ВЕРБА

на сем. Кондеви

Убав е, убав е белиот свет,
а не сум велик, ни богат!
Во него по свое среќно живеам
кога страдам, низ солзи си пеам.

Убав е, наутро очи штом отворам
со птичките на гранките да прозборам.
Да видам како бавно се раѓа зората,
а ветрот јужен ми ја гали душата.

Ништо, кога земскиот пат се скусува
штом месечината утринското сонце го повикува
продолжувам напред, уште колку останува?
Да бројам sвезди и да ја чекам зората.

Убав, прекрасен е белиот свет

штом со чест и потомци сум веќе богат.
Сѐ што не било не е бестрага,
штом зад себе оставам трајна трага.

## ПОСТОЈКА И САМОТНИК

Студено е. Се смрзнувам во овој доцен час
и тргнувам повторно без тебе и тажен.
Бесцелно... без насока и компас,
си зададов предизвик тежок и смешен.

А постојката пуста и нема
ме препозна и по којзнае кој пат ме сјати.
Со човечки збор и топлина да ја исполнам,
шкрипи со виснати стари врати.

Ноќта изгледа ќе е долга, студена,
а автобус ќе мине дури утре во шест сал.
Со бездомно кученце до мене склопчено,
ноќеска по кучешки тука сум преспал...

Саатот веќе стана шест без пет,
во исчекување најпосле да седнам човечки
и со нежна и ранлива душа на поет,
ги збриша моите и твоите грешки.

Но стоев како статуа нем и остинат,
а шоферот нервозно со сирената ми дава знак.
Со друг наивник ти ме одмина.
„Да чекам ли до утре? Ќе продјеш ли пак?“

**Превод од бугарски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ДЕМИР ДЕМИРЕВ** (Бугарија)

## НЕСЕБАР – НЕПЕЈЗАЖНА

По стапките
на брегот
се спуштам
се спуштам и се качувам

се качувам
и се спуштам
го допирам морето
не е мртво тело
така изгледаше
во далечината

## КАКО РИБАР

Бескрајно
долги се годините.
Седам.
И чекам.
Сончеви мрежи
поетите
плетат.
Надеж
за рибари,
како мене.

***

Дождот
паѓа по мостот
и се излева
во реката.
Како солза е.
Секој плаче
по свое.

**Превод од бугарски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ВАЛЕРИО ОРЛИЌ / Valerio Orlić** (Хрватска)

## ПРОШКА

Зошто токму јас морам да судам?
Слушате ли? О, правично ли се суди!!?!
Поети сме и не сметаат за луди
А сакам светот од сон да го разбудам.

Поспани одат, а знаат ли во каков блуд,
каде чекорот на животот ги носи?
Се плашат од смртта, а животот ги коси
ги камшикува судбината на праведниот суд.

Судбино клета, те молам прости
и осветли ја нивната сонлива зора
зошто животот, ќе го стори тоа што мора
ќе ги прекрие уморните коски.

Затоа ценет и чесен суде нешто ми фали
јас и да можам, не сакам да судам.
Зошто мојата слабост е прошка да нудам.
Можеби затоа поетите ги сметаат за будали?

## ПОБАРАЈ МЕ

Побарај ме во заветрината на тишината,
јас сум длабочината на кругот во гровната сенка.

Дојди до брегот и смири ја душата,
Залегни во пукнатината на испреплетени соништа.

Во починка сакаш?

Во исчекување на утрото, мирисај ја самотијата.

Извини му се на морето и со прст замати ги
контурите на животот.

Итри мрени, спирално се бакнуваат,
со допир на копнеж, во мирот на осамеността.

Тишината е вечна и јас сум дел од неа.
Побарај ме.

## SВЕЗДИТЕ ГИ ОБЕЛЕЖУВАМ

Уморен од светот,
скршен во бездната на сопственото,

нудејќи милостина,
sвездите ги обележувам

препознавајќи се
во една.

## ДУШАТА

Со рацете не можеш да ме обгрнеш,
како воздух сум.

Навикни се на тоа,
не постојам, ме нема.

Се кријам во телото на ангел,
во утробата на земјата,
во прегратката на небото.

Ја предизвикувам среќата и се издигнувам,
над согорениот оган
и семоќниот пепел.

Оклопот мој телесен
го предавам на совршена форма.

Моја е димензијата. Душата.

**Превод од хрватски на македонски јазик:**
Искра Пенева

**СРЃАН ДУХОВИЌ / Srđan Duhović** (Хрватска)

## СЕНКА

Синоќа на прозорецот
ме виде
Синоќа на улицата
ме сретна
Некаде во маглата
ме одмавна
Таму малку
се насмевна
Поминувајќи покрај мене
ме поздрави
Таму сè ми

призна
сѐ ми прости
Повторно ми се насмевна
Сенката.

## САМРАК

Последниот денешен потсмев
и сенки (...)
Поздравува пријател мил,
боите се прелеваат,
ах! Вистински сон,
не сум видел одамна,
толку разгален ден

## ТИ!

Чекав: сон, љубов,
не слушав
не гледав
знаев ТИ

Виолина лелека, земам залак од ноќта,
низ песната, ритамот болка.
Слушаш ли како плачат зборовите...?
Минувачот запре, не знае каде ќе оди,
не сум, слушнал
не сум видел
знаев ТИ.

**Превод од хрватски на македонски јазик:**
Искра Пенева

**НИКОЛА ШИМИЌ ТОНИН / Nikola Šimić Tonin** (Хрватска)

## ИЗГРЕВ

Не дозволувам
да бидам
плен
на пајакот на темнината

од изворот на пепелта
на ноќта
се денува денот
на мојот праг

жици
од инструментот на зората
прстите
го засенуваат гласот

звукот звучи
изутрува

*На логорување, 29 април 2012 г.*
*Загледан во Вранско Езеро, на рибарскиот стап*
*се фати сонцето*

## МАТНИ ВОДИ ТЕЧАТ НИЗ БОСНА

Матни води течат низ Босна.
Босна Босна
со срамежлива вода ја уништила.
Се излеала од коритото
па поплавувала.

Во реката со нога стапна
стар муслиман.
Со ногата стапна па се сепна...
со реката прозборува:

- Што направи пустата,
пуста да не се сториш!?
Сруши куќа,
сè поплави,
ме раскуќи,
ме уназади,
сè ми однесе.

- Стар човек сум
нова куќа за да правам,
овие работи што ги сочува
каде да ги ставам!?

# ВОЈНИЧКА ЉУБОВ

Пред нас пукаше рамницата,
парајќи ги ко со нокт
зениците од нашите очи,
итавме кон првата кафеана,
да се предадеме на опивањето,
додека од нас не почне да течи.
Сами меѓу себе,
шепотеа врбите скрити,
оваа ноќ не ќе биде иста,
како сите други
излитени војнички ноќи,
во самрак сум,
ме запалија твоите очи.
Тогаш мислев
умешен сум,
со секој потег и виц,
за да се освои жена
треба да ѝ се најде жица!
Сето тоа беа
сламки и трици
цела ноќ удирав
во грешни жици!
Ветрот свиткува треви без жал,
газиме, со чекор сиот в кал.
Под кацигата на устата пена,
со мрзлива рака лигите ги бришам...
Со копјето в трње
после тој бој,
рече
од првиот ден
сум ти бил мил,
но не толку
да би била моја!
Не сфатив
што ти се мота низ мозокот!
Зошто на среќата ѝ е судено
да биде само насмев
на усните на животот!?

**Превод од хрватски на македонски јазик:** Весна М. Велјановска

**АНЃЕЛКА КОРЧУЛАНИЌ / Anđelka Korčulanić** (Хрватска)

## ВРЕМЕ НА ЧЕКАЊЕ

Моето срце - куќичка за птици
обесена над морето
на тенка нишка на несигурното сонце.

Во неа ситни зрна
без ниту еден никулец,
суво семе на нишалката на ветрот.

Прозирни кристали сол,
остри како трње,
во срцево втисна јаловото време.

## ГЕОМЕТРИЈА

Изградив пирамида
од трпение.
Седам во нејзината сенка
и гледам како песочниот часовник
истекува во конус.
Чекам нашите правци да се пресечат
на местото што со валјак
одамна го подготвив.
И кога тоа конечно ќе се случи,
ќе ги скршам сите видови триаголници.
Ќе ти дадам коцка за игра,
квадрат модро небо
и сите должини на сонцето.
Ќе опишам голема кружница околу нас
и секогаш ќе останам во фокусот на твоето око.

## МЕ НАПУШТИ МОРЕТО

Ме напушти морето.
Под тешкиот песок закопана
уште само во сон ме посетува
и со гласот на таинственоста од длабочината

ми зборува како некогаш
додека усните не му помодрат.

Се тркалаат зборовите
како лизарчиња носени од брановите,
но нашиот разговор останува
само една недовршена приказна од низата
зашто осеката доаѓа одеднаш
и ќудлив ветер ме буди
на осојничавата страна на планината
оставена
да другарувам со бувови
сѐ додека утрото не ме задои со млеко
и моите раце повредени, црни крила,
со милостивата светлина ги преобрази
во гранки на трепетна бреза,
и на нив наместо на лисјата
од мртви школки шуми морето.

**Превод од хрватски на македонски јазик:**
Искра Пенева

**ДАМИР ТРОГРЛИЌ ВАС / Damir Trogrlić Was** (Хрватска)

## СМРТТА И ЈАС

Смртта и јас играме шах
на надгробна плоча.
Иако сум слаб и ме фаќа страв
сепак, в очи ѝ гледам.

Чувствувам, наскоро ќе дојде крај
на немирната душа што в бескрај скита.
Дамна изгубениот земен рај
на животниот пат значи крај.

Сите, еден ден под затревена могила
во мртва тишина ќе сме и силен студ.
Праведен беше натприродниот ум
на грешниот одредувајќи му вечен ад.

Ме вика смртта во потполн мрак
каде од влага мириса воздухот пак.

Поткусурен за праисконскиот ген
го очекувам последниот удар ко сен.

## СВЕТА ЉУБОВ

Во мислите мои таа е моја
боженствена и небесна дама,
палета од најубави, светли бои,
света љубов избрана за на век.

Силна радост, постојано јакне
спрема бескрајот на сјајот нејзин.
Како две страни на патентот што затвора,
взаемна верност цврсто нѐ спојува нас.

Со почит должна премногу ја ценам,
без неа не би можел ни ден еден.
Со неодолива љубезност и внимание плени
и секоја ноќ во сонот ми доаѓа таа.

До крај препуштен полн чувства на екстаза
што исполнуваат в срце и празнини мали
ги обожавам волшебствата кои се наоѓаат
во прекрасната убавина на убавата жена.

## ТАЈНА ЉУБОВ

Вечерва, во соништата тебе ќе те барам,
ќе ја бакнувам во мислите сликата твоја
и со љубовни стихови ќе те опсипам
со што и креветот в спокој би го греел.

Јас сум сам, а во мене сништа се кријат,
со тага ја гледам сребрената месечина
која во мене меланхолија буди
и на очи ми спушта темно руно.

Моја си желба и сеедно не ми е
кога си далеку а сакам блиску да си,
да те љубам и да бидеме како еден,
да не паднам во депресија јас беден.

Ти си единствена, љубена моја
во тајните катчиња на срцето што бие
и оваа љубов е без граници и вечна,
а кога е несреќна од плач се дави.

**Превод од хрватски на македонски јазик:**
Панде Манојлов

## АНТЕ ГРЕГОВ ЈУРИН / Ante Gregov, Jurin (Хрватска)

### ЧЕКАЊЕ

Соништата не се собираат во кошници
Туку во глувите зори
Исплетени со прачки на покорот
Мамејќи ги преостанатите дни
Со маглата од која излегле
Накиснати од сознавањето на вистината
Занишани од бескрајот
На дочекот на новото изгревање.

### МЕЧТАЕЊЕ

Уште еден ден во низата
Се повлекува пред близината
На обгрнатото доаѓање
На сѐ што со прошетка довикува во прегратка
А исчезнува под копитата
На непоткованиот ден
На штотуку зачнатиот сон
Боже, колку беше убаво
Да се јава без седло
Во лулката на мечтаењето.

### УТРЕЊЕ

Утри утрината
Уште една зора во низата
На моите и вашите разденувања
Мешајќи ја светлината и темнината

Со четката на судбината
Врз платното на животот.

**Превод од хрватски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

## ЖАКЛИНА ГЛИБО / Žaklina Glibo (Хрватска)

### БЕРАЧ НА ТИШИНА

Сиот живот се сведува на доследно берење на мисли. Берење во тишина. Берење во бучава. Издигнатата повреденост се бунтува. Со полави внедрува вдахновение на овластената резигнација. Обраниот плод на спознанието гравитација плоди. Насетувањата за невкоренетата иднина ги спојуваат нитките на искинатата тишина. Купишта сенки ја крадат светлината од пукнатините.

Берачот на мисли ги подига веќите.

### ПРИКАЗНА

Секоја песна има своја приказна
Секоја приказна своја тајна песна
Секој стих е само тажна капка
Останата на дното од срцето некапната
Секоја песна своја солза
Секоја солза своја песна

### НАТПИС НА СПОМЕНИКОТ

Мрази ме
Извалкај ме
Сакај ме

Тука сум
На дното
Не плаши се
Дојди

Твојата надменост
Ќе биде награда

За една
Трпелива
Душа

Божиците одлучија
Утрото не ќе нѐ
Повика во денот

Ќе бидеме
Ние во времето
И времето во нас

**Превод од хрватски на македонски јазик:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**ЃЕОРЃЕ ДОБРЕ / Gheorghe Dobre** (Романија)

*****

Барем ти остана погледот
Барем штурците не заборавија да пеат
Барем ти ја гледаш музиката
(барем малкуто е малку)
Како дете
Кое го завлекува небото в трева
Како елен на чии фрогови
Се сплеткал Млечниот Пат.

Барем мајсторот
Ќе те скрати со длетото
ќе ми те остави
Да гледаш низ прозорецот
ќе рече
Готово
И ќе си помисли задоволен
ќе се истошти некој
Кај портата на вечноста.

*

Јас сум
Трагачот.

Да не отвориш,
Се враќам сиромав.

*
Инаку
Јас знаев дека постоеја
Писмата на задушените,
Едни чудесни спирали на мраз,
Во кои се огледува небото,
Играта на побунетиот Трозаб.

Некој од месечина внимателно ги чита и ги помни
И мене ми ги преведува
Вака некако:
Животот е единствената болест навистина неизлечива.

*
Секоја ноќ
Некој
Им праќа писма со благодарност
На сите предмети
Кои ги допрел ...

*
Се чувствувам
Како љубовно писмо
Од ветрот закачено
На крст.

*
Господ не го изградил светот,
Господ го содржи,
Краевите на Господ се некаде
Надвор од светот,
Ако постои.

Ако постои,
Можеме да веруваме дека и ние постоиме,

Инаку
Не е можно.

## ЧИСТЕЊЕ НА УЛИЦАТА

На улица си ги заборавив спомените.
Како магија, сите соседи си ги заборавија

Вечерва
Спомените на улица.
Ветрот ги мавташе, студот ги правеше чкрипливи
И нивната здробена врева
Ни го дразнеше нашиот малобуржоаски сон.
Сите почнавме да чувствуваме грижа на совеста.
Вечерва и кучињата ги прибрав дома
Оставајќи ги само чкрипењата на студот.
Беше среќа дека
Утрото
Еден старец тропкајќи и кивајќи си в дланки
Ги фрли во количка викајќи
Стари алишта! Стари алишта!
Стааари алишта!
Заминувајќи кон стомакот
На мојата потсвест.

**Избор и превод од романски на македонски јазик:**
Димо Н. Димчев

**ФЛОРЕНТИНА ЛОРЕДАНА ДАЛИАН /**
**Florentina Loredana Dalian** (Романија)

## ОДАМНА БЕШЕ

Одамна беше тој дожд
На периферните улици на Париз ...
Во Свето Срце ми ја покажа надворешната тантела;јас прашував каде е срцето?
Додека непријатниот октомвриски ветер
Ти го откриваше високото чело.
„Вајарите немаат срце” ми рече.
Изгледаше истоштен во таа есен,
Јас тукушто почнав да сфаќам што е лето.
„Годишните времиња не се среќаваат, Жорета!”
Но јас ги мразев постулатите
И не сфатив зошто не може да се докажат.
Животот не се тутка во математички формули,
Ниту се живее според принципите на Еуклид.
Се смееше на глупостите кои излегуваа од под чадорот,
Твојата насмевка одекнуваше како вечерните sвона,

А бакнежот имаше вкус на горки среши.
Си се сметав за жена.
„Уште си дете!”, ми рече,
Ставајќи ги меѓу нас годишните времиња ...

## КАВАЛЕР

Кавалерот на другите времиња
Ме убедува дека животот е убав.
Понекогаш се чувствува како бакнување рака
Како галење
Како прегрнување
Други пати нѐ послужува
Со горчини за десерт.

Кавалерот на другите времиња исчезнува
Во димната завеса
Или само ми се чини
Дека сум го видела.
Сигурно дека животот е убав
Без десерт, ве молам!

## СКАЗНИ СО САМОВИЛИ

Не, животот не е сказна со самовили
Во која желбите се исполнуваат со волшебно стапче
Баш балски фустан, баш личниот принц
И среќно си живееја до длабока старост.

Не, животот не е сказна со змејови
Со принц-ангел понекогаш
Кој доаѓа од далеку
Со раце полни со жолти и црвени цвеќиња
Кој си ги коњските сили во сенката на еден костен
Затрчан по дожд
За едно прегрнување, по бегол бакнеж
Потоа да го снема во ноќта
Без никаква трага надвор од жолтите цвеќиња
Од црвените цвеќиња ...

Не, животот не е сказна со самовили

животот е сказна со змејови
И понекогаш со принц-ангел
Кој исчезнува во сказната
Доброволно или можеби
Од авторот испратен во сургун.

**Избор и превод од романски на македонски јазик:**
Димо Н. Димчев

**КАРМЕН ТАНАСЕ** (Романија)

## НИЕДЕН КАМЕН НА СРЦЕ

Среде ноќ
Сонот ги отфрли соништата и јавна песна во која
желбите котирале на берза според обичајот на времето
Кое владее
На оваа земја каде илузијата на другите лудува
Каде врне снег и врз мене
Песната тешко напредува на патот меѓу
Солза и насмевка
Студот ги каса зборовите
Само кожа и коска
Пребарувам низ најбелите претчувства
За да можам да легализирам молчења
Без процедурални пречки
Наутро
Не наоѓам ни камен на срце
Стиховите си ги протнаа најдлабоко значенијата
Во шумолот на листот под перницата.

## ПРЕЈАКА ИЛИ ПРЕСИЛНА

Песна дојдена од некаде се тутка во косата,
Ги искачува скалилата на скаличката,
Се палави потсетувајќи ме како се тркалав
Во снегот
И пролетта ме затекнуваше бела,
Бела како лист на книга во која се удавија зборовите
(од нив сакав да направам стреа за љубовна песна)

Ти шепотам за
Нешто
И уште
Твоите прсти се бунат,
Виткаат цигара истресувајќи го тутунот,
Дали бев прејака или пресилна
Да знаеш дека цела ноќ лежев во туѓи кревети
Трчам со брзина на сина стрела која ги бакнува сите станици
Знам, не сум ни најмалку срамежлива
Наутро, бегам од соништата на мажите
И си задржувам парчиња од небо тутнати во очите.

Би можела, со малку напор, да ти го преведам рефренот
Стркалан крај нозе
Кој го шутнуваш како маалско дете
Без коска да оставиш од вчерашниот ден.

Ти, кој го имаш животното школо и стекна толку знаења
Без миг да се посомневаш
Сфаќаш дека кога потпевнувам каснувам среќа
А не ни знам да пишувам, го имам само
Изгледот
На човек трогнат од времето кое кога и да е
ќе ни ги столчи сенките на асфалтот
И овие зборови
Кои се умилкуваат покрај мене
И галам и постојано им ветувам топличко место овде
Каде ќе остарат.

**Избор и превод од романски на македонски јазик:**
Димо Н. Димчев

**ВИОЛЕТА КРАЈУ** (Романија)

***

Боже,
Не оставај ме залог
Во продавницата каде одат поетите
Да си го заложат очајот.
Прибери ме, Боже, од патиштата

И затвори ме во твоето око
Да ја видам градината
Расцутена како на летна свадба.
Боже,
Не оставај ме да гинам
На непознати ливади
Викни ми го ангелот-чувар
На Бараган да мириса лебот.
Боже,
Стори ги ангели тие кои ѝ служат на поезијата
И обеси им го срцето за денот кој се смее
За да остане
Како багремов цут.
И сиромашни.

***

По свадбата како во сон
Се разбуди во задушеното кокодакање
На најстарата квачка.
Те стави на мисли.
Ни Хомер не би го открил кокошарникот
Како што ти
Го погоди шишето со Црно вино.
Пиеш спокојно
И ги џвакаш идеите-зверки
Од кои ниту ноќта не те спаси.

Стоиш до креветот и гледаш
Во старата течност
Чекаш
Цвеќиња од јасмин
Дискретно обесени
На златниот прстен.

Кршиш две-три чаши
Само не е ни голем трошок
Анџијата се погрижил
Да ги изброи
Тогаш кога беа полни.
Разликата не се гледа

Ноќе
Шеташ замаен
Низ кокошарникот
По шишето со Црно вино.

**Избор и превод од романски на македонски јазик:**
Димо Н. Димчев

**СТЕРЕ БУКОВАЛА** (Романија)

## И СЕ́ СИ ВРНЕ

Се потпалуваат понекогаш шепотења
како фенери на крајот од улицата.
Ги ширев рацете
како премин кон кој ти доаѓаше.
Седам и се прашувам
без ѕвездата
без нејзината стреа
постојано ли ме наврнува?
Твојот стомак ги испушта ли пламењата уште
На кои се греев цела ноќ?
И зошто клепката
е крило,
Птица преселница,
на небото на твојата солза?
Не враќај се, љубена,
не обраќај се!
Изгрејсонцено вгнездено како куче
одамна заседнало крај нозете.

## ЗАСОЛНИШТЕ ВО ЗАЛИВ

Се́ уште се крие патот во каменот,
се́ уште слегуваат облаци на твојот јазик.
Пак ќе видеш како жолтикавото зрно секнува
однесено од смртната вода, горе, кај Мармара.

Ќе дојдеме со борини да ја запалиме ѕвездата:
Патот до таму не е лесен за искачување.
Почнаа да пеат. Ја однесоа девицата
од морската легенда денес обесена на кол.

Никој не ги гледа повеќе, бранот не се гледа
празнината во семето попусто ќе плови.
Брегот ја отвора својата последна порта,
последното засолниште во заливот.

**Избор и превод од романски на македонски јазик:**
Димо Н. Димчев

**РОБЕРТ СИМОНИШЕК / Robert Simonišek (Словенија)**

## ТРИ КОЊИ

Не знам како да ти објаснам
Додека кружам во просторите
Што не се ни мои ни твои.
Присутност на сенки на витражот
крикот се вмрежува во зракот
чоколадото налик на грива
го сокрива погледот, како чекорите
кои избираат поинакви, тешки патишта.
Не знам како поинаку
да го опишам, додека го наслушнувам моето
и твоето дишење на крајот на улицата
Каде и да одам, која
и врата да ја отворам, низ кој ходник и да исчезнам
- слушам три.
Ако ми се приближиш со месечината
лесно ќе го препознаеш ржењето
коешто го скротиле дивите ловци
Допри ги очните капаци
и ќе почувствуваш жед , на противнатиот оган
што го обликувал мекиот чекор
река, која чека на знак.
Ако покажеш натежнатите облаци
Кои се превиткуваат над зградите
и понатаму ќе тврдам
дека доѓаат три
првите два, што натегнуваат
секој на своја страна
и  третиот, кој е закопан тука.

## ПРАЗНИ СОБИ

Никогаш немало толку празни
згради, што чекаат промени
никогаш толку скали
светлина, до која не допира гласот
Далеку сме од тоа
Да се склопчиме на фотелјата
лесно да ги пребаруваме нобеловците
да се препуштиме на балконот
да се ослободиме од стравот
и да се одвоиме од предците.

Дома се враќаме
за да се одмориме од другите
збунети од прашината на рабовите
со кои се обложени кесите, прашуваме
како да се вратиме на плоштадот
за да го пренасочиме вниманието
од она што не сакаме да го слушнеме.

Во мигот надоаѓа  застоената вода
и темелите се занишуваат
крвта, која мирува, не е доволно темна
за да се наполнат запустените улици
и не е доволно брза , да ги досегне
оние кои сме ги запоставиле/напуштиле.

Можеби, ако стреите
ја допрат земјата, би станале попретпазливи
при исцртувањето на ѕидот меѓу нас
и животните, би признале дека данокот
на прозорците е валкан како стапица
што се става при раздвојување.

Што и да изнајмиме или да откупиме,
од перспектива на вечноста, е налик на едно ноќевање
во хотел, при што нашето име на сметката
помалку чини од вредноста.

**Превод од српски на македонски јазик:**
Милица Димитријовска-Радевска

# КРИТИКА

**ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ**

# ЖИВОТОТ БОЛИ ПОСИЛНО ОД СМРТТА

(Весна Мундишевска Велјановска, *ДвОглед*,
изд. Матица македонска, Скопје, 2015)

Интелектуалното како мисла и смисла на егзистенцијата (збор, човек, простор и време) е поетика што Весна Мундишевска-Велјановска (1973, Битола) постојано ја негува и надградува како знак на творечка идентификација. И во својата најнова осма по ред стихозбирка *ДвОглед* тоа го демонстрира на најдобар можен начин. Притоа постојано освојувајќи нови тематски простори и естетски вредности во кои достоинствено го брани и потврдува сопствениот поетски знак. Така како што во животот опстојуваат сите можни предмети, појави и манифестации. Субјектот го гради својот пат до еднаш и кратко дадениот живот, па оттука и рецепцијата и перцепцијата го имаат неповторливиот индивидуалитет. Авторката во својата творечка лабораторија мошне внимателно работи во одбирот на зборот и потоа на негово пресоздавање во конкретно чувство или манифестација. Емоцијата како иманентен знак на песната го формира/менува зборот во неограничени игри со него давајќи му нови форми и содржини. Онаа игра што нѐ потсетува на неговите трансформации кај Гане Тодоровски. Човекот е исправен пред сопствениот живот од една и светот од друга страна. Во вечен дијалог или поточно спротивставени меѓу себе војуваат до последен здив. Велјановска го гледа и го доживува животот како комплекс во кој не е ни малку лесно и едноставно да се опстојува. Како да се најдат, а воопшто не е можно да се помират, два спротивставени и противречни света. Можен ли е таков подвиг! Од сите страни единката заробена во шише е сардисана од илузии, тага, осама, имагинација, рамнодушност, ситничарење до лицемерие на насушност. Филозофијата на постоењето според нас, во уводната песна од првиот циклус *Самоодрек* е саможртвување пред олтарот на животот што го има личниот манифест во завршните тростишија. Имено: *Отапени чувствата / во иритирачка лежерност / се абат до безмилост* и конкретно: *Во екот на самоодрекот / ерозијата на духот / ме вклешти во немилост*. Секоја постапка сама по себе го бара искуството како лек за проблемот.

Дури потоа следува мигот на полетување/извишување во бескрајните простори. Затоа Велјановска како посебна целост ја одвојува првата (не би рекле воведна) песна *Птицата во штицата*. Во првиот дел од песната (иницијатива) е стрвоста во делкање на парчето дрво што изгледа оти било само обездушено оти останало убава Штица. Одненадеж, но не и неочекувано, според древната мудрост оти нема што не може да стори човекот, во второто пеење (перспектива) се случува чудото. *Со вруток од страсти / дрвото го обликував, / со стругот / мислата си ја оддиплував, / со боја немирот си го збришував, / со формата / душовриежот го стишував*. И така дрвото се раскрилило, испуштило крик и се возгордила птица. Мислата на поетесата оти само слободниот е среќен човек нѐ понесува кон нејзините стихови и песни на двОгледот.

Животот има совршена хармонија. Тој е чиста и строга математика. Така е структуирана и книгата, два циклуса со по дваесет и две песни. Тоа ќе рече оти случајности не постојат. Таа и таквата егзистенцијална строгост ја исчитуваме во *Равенство, Сосвездие, Простор на љубовта, Точката на светот*. Стожер е човекот, но со природата и со животот нема играчка. Модерни се времињата во исписот на песната *Современа архитектура* чија што завршна строфа децидно и луцидно предупредува оти: *Во урбанизираната егзистенција / сите сме архитекти / на естетиката / на контемплацијата / на сопствените / ѕвездени колиби*. Или пак во *Простор на љубовта* кога во истиот тој магичен круг натежнува сознајбата оти: *Овде и ѕидовите / ја споделуваат / нашата самотност, / и тишината маѓепсува / со својата лечебност*. Гласот на единката треба да биде слушнат, иако егзистенцијалистите непомирливо кажуваат оти човекот е само безгласна буква. Велјановска е противник на едноумието, на колективната униформираност и нејзиното меморирање и бара во секој детал/миг да се откријат и идентификуваат единечното и посебното. Како материјално и духовно богатство кое што ги надвишува сите прашалници и извичници за да се дојде до едната и единствена *Вистина* во која што нема надитрување и филозофирање, туку едноставно порачува оти со неа себеоствварените зреат, а мудрите ја живеат. Пристапот кон збиднувањата во песната *Промисла* токму и почнува со нивните општочовечки, универзални димензии и значења. *Слободоумноста / е* лек *за секој / мисловен припек. / Универзалноста / на љубовта – мелем / за ранетиот недорек*. Во преслушувањето на самиот себе до-

дека во човекот дивее ветерот кој со него живее (*Навев*) како таинствен глас/порака од егзистенцијата доаѓа сознајбата оти човекот сепак останува сам со/на себе зашто со самото раѓање бил осуден да биде сам и несреќен.

Во сликите што ги создава Весна Мундишевска-Велјановска импресивно опстојуваат и војуваат човекот и времето. Во песната *Град* таа и таквата спротивставеност го има копнежот за промени зашто *не сакавме / да се чувствуваме празно / во овој мртов град*, но и поразијата од состојбата кога наспрема колективот единката признава оти *се чувствувам мртво / во канџите / на овој празен град.* Мртви и празни човек, простор и време. Колку зборот може да воздејствува и да донесе промени. Се манифестираат тие состојби и во песните *На балконот, Танц со липата, Залезот в срце, Венчавка со зборот, Јас со бистата или бистата во мене, Соглед, Пред дрвото на животот, Три планини*. Гласот прераснува во крик против реалноста и нејзините лаги, лицемерие, интриги, пореметените мери за вредност, за искреност и честитост, за злоупотреба на зборот (*Зборот пластелин*), против моќта и насилството. Ја забележуваме поразијата на нашиот 21. век во песната *Дрво на осамата*. Тажно и болно е сознанието оти бегство е залезот на солзите во овој заспан живот што се обденува. А приказната почнала тогаш *Кога патиштата лелекаат / склопчени сред крстопат, / кога ураганот на заблудите / пустоши до неповрат, / кога надоаѓаат прокобите / на сите поколенија, / кога надежта / фаќа вид-виделија // - ќе те најдам под Дрвото*... Опстојбата ја градат истовремено радоста и тагата, среќата и болката, сонот и копнежот, убавото и грдото, возвишеното и погрдното. Оттука сите нешта неминовно ја поседуваат сопствената хармонија што поетесата ја демонстрира низ творечката тенденција за внатрешната мелодичност/певливост на песната. Затоа ги користи сите можности и игри за пресоздавање на зборот. Како илустрација во таа смисла би сакале да ја посочиме песната *Долот на болот*. Притоа секогаш треба да се биде внимателен читател на *ДвОглед*. Тоа никако не смее да се заборави. Огледалото има два лика, па затоа и зборот треба да биде прочитан и од другата страна, притоа читајќи ги не само редовите туку и белините меѓу нив како логика каде треба да бидат побарани и другите сокриени мисли и пораки. Да се живее, значи да се војува до последен здив. Кога сѐ би било убаво, животот би бил само бајка (*Свет на бајки*). А човекот не е човек по тоа што ќе го каже, туку по тоа што ќе го осо-

знае и премолчи. Оти *Светов / е расадник / на соништа / напати стерилен за / ѕвездени промени*. Цитираните стихови секако илустрираат дел од карактеристиките на поетиката на Весна Мундишевска-Велјановска. Таа ги одбира зборовите, потоа внимателно ги реди и подредува, пак ги премерува и преобликува, оти како што има речено Блаже Конески песната се гради како што камен по камен се ѕида својот дом, сопствената куќа. Во таа строгост се создаваат песните вкоричени во *ДвОглед* како цврста хомогена целост од мисли и идеи врамени во нивната најсоодветна естетика на модерен креативен дух за наслада на читателите.

**АНДРИЈА ДОЈЧИНОСКИ**

# МАКЕДОНСКИОТ ПРКОС НА БАЛКАНСКИТЕ ВЕТРОМЕТИНИ

(Васил Дрвошанов, *Книжевни написи*, Современост, Скопје, 2014)

Пред нас се наоѓа необична книга по својата концепција, содржина и порака до читателот, а најмногу е необична по збогатувањето на македонската наука за книжевноста со творци од минатото, помалку или повеќе познати и/или со творци, кои, воопшто, се непознати во нашите книжевни кругови.

Авторот Васил Дрвошанов на околу триста и пет-шеесет страници направил успешен обид на разгледување и подлабока анализа во десетина прилози, чии автори се врвни истражувачи на македонската книжевна реч во повеќе периоди од македонското опстојууање на овие балкански ветрометини. Во книгава се застапени истражувањата за појавата на македонските книжевни творци низ минатото и сегашноста, како и уметнички книжевни дела на авторите: Васил Тоциновски, Горан Калоѓера, Стојан Ристески и Методија Ст. Тошевски. Сите споменати автори ги обединува една заедничка нишка, а тоа е големиот респект кон делата на македонските дејци низ минатото, кон нивната жилавост за создавање свои, автентични книжевни дела во време кога сознанието за посебна националност била недоволно созреана или забранета од тогашните власти. Споменативе автори, истражувачи на македонските книжевни појави низ времето се со потврдени вредности. Тие зад себе оставија и сè уште откриваат дела од науката за македонската книжевност низ минатото, но и создаваат оригинални дела со врвни уметнички вредности. Авторот на книгава, Дрвошанов наведува: „Ова е обид не само да се одбележат појавувањата на нивните книги туку и да се протолкува стожерната творечка тежест во разгледуваните дела“.

Во почетоков да споменеме дека од наведените творци, истражувачи на македонската книжевност, од Република Македонија се Васил Тоциновски и Стојан Ристески. Горан Калоѓера е хрватски книжевник и истражувач, влубеник во македонската книжевност, со посебен интерес кон книжевните релации на ма-

кедонските и хрватските книжевни дела. Четвртиот разгледуван автор во оваа книга е поетот Методија Ст. Тошевски, роден во 1941 година во селото Ранци, Кајларско, во егејскиот дел на Македонија. Во понатамошниот текст со неколку реда ќе се дообјаснат определени значајни дела, излезени од перото на овие автори.

Во делово Книжевни написи авторот Васил Дрвошанов ги разгледува следните дела, наведени според нивните автори:

1) Васил Тоциновски – *Коренот* – книжевноисториски студии; *Расказот на македонскиот 19 век* – книжевни есеи, коментари и рецензии; *Предвесници* – монографија; *Мост од ѕуници* – критичко и есеистичко дело; *Затворен ковчег* – поетска збирка;

2) Горан Калоѓера – *Прилози кон истражувањата на македонската книжевна историја* и *Македонскиот XIX век*;

3) Стојан Ристески – *Жубори* и *Непребол* – поетски збирки; *Естреја* – повест; *Хумореските и драмулињата со додаток*; *Коста Абраш и Воислав И. Илиќ – алка на две литератури, на две култури* – книжевноисториско дело;

4) Методија Ст. Тошевски – *Јаска* – поетско дело.

Иако наведените дела од разгледуваните автори, навидум, се различни по својата форма и конструкција, сепак, според Дрвошанов „не е толку важно, затоа што најчесто на преден план во нив избива **македонството** како нивни заеднички признак“.

Сите застапени дела што се разгледуваат во оваа книга, на некој начин, се дополнување на македонското книжевно творештво во минатото, посебно во XIX век и првата половина од XX век. Нашите истражувачи, наведени во книгава, откриле завиден број нови автори на книжевни дела, есеи, статии, записи од културни настани и други пишани творби, што го зацврстуваат континуитетот на македонската опстојба, култура и стремеж за сопствено егзистирање во културен и во политички правец. Покрај сопственото опстојување во културните настани од тоа време, пред читателите се јавува еден хоризонт на нашето достоинствено опстојување, сознајбата за нас и за нашите културни и општествени врски со соседните народи, европските достигнувања на полето на книжевноста и соработката со нив од овие простори, често недефинирани во поголем временски период. Токму затоа разгледувањето на делото и трудот на овие четворица автори е од големо значење за нашиот долговековен

пркос во осамостојувањето на својата земја, на својата култура и на своите корени од памтивек.

Во оваа пригода е скоро невозможно да се споменат сите дејци од минатото и сегашноста, што, на некој начин, придонесле за збогатување на македонската книжевна историја. Просторот што го имаме дозволува летечко споменување на имиња, познати или сосема непознати за поширокиот круг читатели.

Нашиот истражувач и книжевен творец Васил Тоциновски во книгата *Коренот* застапува македонски книжевни дејци и странски автори, кои обработуваат македонска тематика од втората половина на XIX и првата половина на XX век. Културната поврзаност со Русија се рефлектирала во преведувачката дејност на наши интелектуалци, чие образование, дејствување и живот се нераскинливо поврзани со оваа земја. Во овој правец, највисок дострел остварувaат Крсте Мисирков и Димитрија Чуповски. Покрај нив, со преводот од руски на македонски, се познати огромен број личности од тоа време. Ќе ги спомнеме: Јоаким Крчовски, Партениј Зографски, Натанаил Кучевишки, Константин Миладинов, Константин Д. Петкович, Андреј Д. Петкович, Никола Поп Филипов, Мелетиј Зографски, Михаил Поп Филипов и други.

Рајко Жинзифов преведувал од руски, чешки и од украински јазик. Од руски на македонски јазик преведувале и Димитар В. Македонски, Спиро Гулапчев, Димитар Матов, Иван Смиленов, охриѓаните Климент Караѓулев и Ефтим Спостранов, велешанецот Георги Палашев и други.

Во културната соработка со другите книжевности, често се сретнуваат преводите од хрватски јазик на македонски, а најчесто е преведуван Петар Прерадовиќ. Наговата песна „Патник“ е препеана, најпрво од Крсте Мисирков, потоа од Гого Иваноски и последно ја препеал Гане Тодоровски.

Во овој период од овие простори се споменуваат книжевните дејци: Атанас Раздолов, Александар Цанков, браќата Димитар и Кочо Г. Молерови, Христо Огњанов, Крсто Вељанов, Константин Коњаров, Никола Ј. Вапцаров и многу други. Дел од нив живееле на други простори од Балканот и Европа, но нивниот копнеж кон Македонија се рефлектирал во нивните дела.

Во однос на истражувачката дејност на Тоциновски кон расказот од XIX век се констатира фактот дека самите творби се напојуваат од усната народна книжевност и служат како основа на понатамошната афирмација на македонската книжевност. Ту-

ка се посочени делота на Јоаким Крчовски, Рајко Жинзифов, Ефтим Спостранов, Ефрем Каранов, Коста Шахов, Атанас Раздолов и на многу други.

Нивните дела се објавувани најчесто во Софија, Видин, Загреб и во други градови од овие простори. Понекогаш се користеле и псевдоними како би се избегнале непријатни ситуации со тогашните власти.

Со откривањето на многу автори Тоциновски спаси од заборав плејада македонски книжевни дејци и нивните дела, поврзувајќи ја македонската кнжевност со европската и со светската книжевност.

Авторот на книгава, Дрвошанов, посебен простор доделува на проучувањето на Тоциновски со хрватските книжевни кругови. Тука се споменува проучувањата на Константин Петковиќ, Горан Калоѓера, печатењето на Бели мугри од Кочо Рацин во Хрватска како и состојбите со излегувањето на *Зборникот народни песни* од браќата Миладинови и сл.

Горан Калоѓера е современ хрватски книжевник и проучувач на хрватско-македонските книжевни релации што датираат од подалечното и од поблиското минато. Неговите статии, објавувани во Хрватска и во Македонија, како и учеството на предавања и семинари со теми од оваа област, се посебно значајни за проучување на нашата книжевност. Кон проучувањата на оваа соработка на двата народа на културен план од големо значење е и соработката со Васил Тоциновски, кој повеќе години престојуваше во Хрватска. Тука треба да се спомене и делото на Златко Крамариќ, кој во неколку наврати се осврна кон македонските книжевни собитија.

Имајќи го во вид делото на Горан Калоѓера, речиси, триесетгодишното проучување на македонистиката, можеме да констатираме дека тој остана доследен на вредностите на делата на нашите автори, културни дејци, од XIX и од XX век. Неговите ставови се длабоко промислени и проучени и сигурни во своите теории, посебно за времето кога македонскиот јазик беше негиран и прикажан како „бугарски“, особено со проблемите во издавањето на *Зборникот народни песни* од браќата Миладиновци.

Горан Калоѓера ги проучува приликите и состојбите во Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Со неговите проучувања, од неутрален аспект, дава импулс за понатамошното проучување на македонската книжевност. Тој навлегува во длабочината на интимата, имајќи ги во вид преви-

рањата во душата на авторите од тоа време. Тоа овозможува понатамошно проучување на овој период од поновите генерации со реален и непристрасен поглед кон настаните.

Третиот автор, разгледуван од Дрвошанов, е Стојан Ристески, роден 1932 година во селото Лешани-Охридско. Во научната и поширокатa јавност на овие простори тој е познат по седумдесетина објавени одделни публикации од повеќе области на македонистиката, по неколкуте збирки поезија, збирката ракази, по монографските студии за одделни личности од поблиското минато, по кратките хуморески, драмулиња и песни и друго.

Во првата збирка поезија *Жубори* преовладуваат љубовните мотиви, копнежот по саканата, искрено, спонтано, ненаметливо. Според тврдењето на Дрвошанов, „во нив е нагласена рефлексивната димензија, со што едноставните случувања добиваат содржинска тежест“.

Веќе во следната збирка поезија насловена *Непребол,* Ристески е опседнат со патриотски чувства, посебно, воспевајќи ја голготата на македонското население од егејскиот дел на Македонија. Низ овие стихови провејува приврзаноста кон татковината, збогатувајќи ја македонската поезија со нови патриотски песни.

Животот на жителите од Дебрца, Охридско, пред и по Втората светска војна е прикажан во збирката раскази *Невреме*. Всушност, Стојан Ристески е сведок на тие патила, испреплетени со мотивите на песните од Кочо Рацин, во кои ликовите се жртви на вложениот огромен труд со незначајни приходи за одржување на сопствената егзистенција. Маката на земјоделецот и маката на рибарот од градот и крајезерските села се некако изедначени во сиромаштијата и сопствените тегоби. Како да се дочека следното утро? – лебди како нерешиво прашање во повеќето раскази на Стојан Ристески.

Во оваа книга Дрвошанов ја разгледува повеста – романизираната биографија за Еврејката Естреја Овадја-Мара од Битола. Ристески го следи животот на главниот лик во неговиот изворен облик, со сите маки и страдања на фамилијата, зафатени од геноцидот на Евреите во текот на Втората светска војна. Приказот е потресен и заслужува многу поголем простор за негово прикажување.

Авторот Стојан Ристески, разгледуван во оваа книга, работел како професор по книжевност, речиси, целиот работен век. Дел од случувањата од тој период внел во своите хуморески

и драмулиња. Неговиот поглед кон настаните е критички со посебна сатирична нишка кон аномалиите во општеството што во никој случај на можел да ги одмине. Неправдите ги изнесувал отворено, смело, со сигурен став кон она што го осознал, проучувајќи разни судбини од историските ликови и од своите современици.

Авторот на книгава, Васил Дрвошанов, имајќи го во вид недоволното проучување на определени културни дејци од Охрид и од Македонија, ги внел монографиите на Стојан Ристески за пролетерскиот поет Коста Абраш од крајот на XIX век и за книжевникот и професор Воислав И. Илиќ, кој претставува алка на македонската и на српската култура и книжевност од XX век.

Коста Абраш или Абрашевиќ се родил во Охрид во 1879, од каде што, по неколку години, со фамилијата се преселува во Шабац, Србија. каде што и умира на 19-годишна возраст во 1898 година. Во неговото оформување како пролетерски поет, според Дрвошанов, „влијаеле германската социјалистичка литература, српската народна и уметничка лирика, но и македонската народна песна“. Денес неговото име го носат многубројни културно-уметнички друштва и установи во Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и во Црна Гора.

Што се однесува до името на Воислав И. Илиќ, според проучувањата на Стојан Ристески, тој е роден 1916 година во Баништа-Дебарско, Македонија. Подоцна со фамилијата се преселуваат во Битола, а неколку години пред Втората светска војна се запишува на студии во Белград, каде што останува до крајот на животот. „Ќе го истакнеме фактот, тврди Дрвошанов, дека оваа монографија досега е најобемниот труд за поетот, есеистот, научникот и педагогот Воислав И. Илиќ, кој со своето дело ги задолжи кон него да обрнат внимание родниот Дебар, вториот роден град Битола и градот во кој живееше и твореше – Белград (посебно општината Чукарица), т.е. двете татковини Македонија и Србија чии литератури и култури ги поврза како никој друг ...“

Четвртиот од разгледуваните автори на Дрвошанов е поетот Методија Ст. Тошевски и неговиот спев *Јаска* [*Тажаленките на Мирјанка од Ранци (Четириесет траурни денови)*], објавена во Матица македонска, во Скопје, во 2007 година. Песните се пишувани на кајарскиот дијалект од егејскиот дел на Македонија.

Протерувањето на Тошевски и неговата фамилија од родното место, престојот во повеќе држави, за на крајот да се

сместат во Тетово, Македонија, се. одразило во неговата поезија со јасно зачуваниот говор на неговата мајка. Всушност, името на спевот *Јаска* (прво лице еднина – јас) го означува гласот на мајка си, нејзината исповед за маките и траумите преживеани низ подолг временски период. Поетот низ четириесет пеења ги опфаќа прогонството од родното место за време на Граѓанската војна во Грција, преселбите низ повеќе држави и состојбите во Тетово во 2001 година.

Проследувачот на делото на Методија Ст. Тошевски, Васил Дрвошанов ќе напише: „Читајќи го овој ракопис човек напати плаче, сочувствувајќи со хероите, особено со мајката; напати се разбеснува, останувајќи немоќен пред дивиот налет на злите сили; напати станува горд, исполнет од благородството на поетот. Никому не му е лесно кога ја сознава вистината за трнливиот пат на едно од македонските семејства, а најмалку му било лесно на поетот Методија Ст. Тошевски, кој од своето раѓање до сега ги носел во себеси горчината и љубовта на животот. Со спевот *Јаска* Тошевски ја внесе на голема врата во македонската поезија нашата мајка од егејскиот дел на Македонија. Тој влез поетот го направи со мелодичноста на ранскиот говор, кој, за жал, постепено изумира среде северните грчки говори. Тошевски со спевот *Јаска*, со поднасловот „Тажаленките на Мирјанка од Ранци (Четириесет траурни денови)“, кој претставува македонска семејна сага, го спасува од заборав не само македонскиот јазик од најјужните македонски дијалекти туку го спасува од заборав и духот на благородниот Македонец“.

На крајот да констатираме дека трудот на Васил Дрвошанов, насловен како *Книжевни написи* е од посебно значење за македонската наука за книжевноста. Овие страници, всушност, ја даваат насоката за проследување на творештвото на опфатените автори: Васил Тоциновски, Горан Калоѓера, Стојан Ристески и Матодија Ст. Тошевски. Со читањето на нивните дела, односно со проучувањето на нивните трудови, доаѓаме до еден светоглед дека македонската книжевност, култура, историја и напорите за зачувување на сопствениот јазик и традиција на македонските дејци, често жртвувајќи го и својот живот, имаат континуитет низ вековите. Само така сме опстојале во минатото, опстојуваме денес и ќе опстоиме во иднина. Нашата моќ била во зачувување на македонскиот јазик, во пишаниот зор, во сопственото осознавање некогаш, сега и во иднина. За навек!

ДАНИЕЛА АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА

# ИНТЕРТЕКСТУАЛНОСТА ВО ПОЕТСКИОТ КОД НА СНЕЖАНА АЛЕКСИЌ СТАНОЈЛОВИЌ: ОСВРТ НА „ОДА ЗА ОРФЕЈ“

Книгата поезија од поетесата Снежана Алексиќ Станојловиќ со наслов „Ода за Орфеј“ е издадена од издавачката куќа Феникс од Скопје и тоа двојазично: на македонски и на српски јазик во 2014 година. Таа содржи 53 песни организирани во 2 циклуса: Песната во песна ме довикува (со 28 песни) и Траење (со 25 песни). Бидејќи книгата е двојазична, наизменично се појавуваат песни напишани еднаш на македонски, а друг пат – на српски јазик и тоа на вкупно 143 страници. Интересно е да се забележи дека песните се препеани од поетесата, а препевот е толку успешен што не се знае која е оригиналната песна, односно која песна настанала прва: таа на македонски или таа на српски јазик. По поезијата има дел што е наречен Рецензии и мислења (149-179 стр., односно на 30 страници) во којшто неколку автори, како што се: Перо Зубац, Васил Тоциноски, Станислава Бакиќ Јоканиќ и Вера Андон, ги искажуваат своите впечатоци за ова поетското дело. По рецензиите и мислењата може да се прочита белешка за авторот и на македонски и на англиски јазик, а книгата се завршува со поговор од авторката во кој таа на еден многу искрен и непосреден начин зборува за настанокот на „Ода за Орфеј“.

Поетскиот код на книгата е уникатен по многу нешта. Во истовреме се препознаваат и филозофот и вљубената жена и поетесата. Тоа тројство активно учествува во создавањето на поетскиот код и многу умешно успева да ги откине зборовите од нивната вообичаена употреба во рамките на јазикот и да ги стави во нови и невообичаени контексти заокружувајќи еден семантичко густ простор со сите показатели на длабоко интимна, нежна, но и рефлексивна лирика. Не може, а да не се забележи и дека интертекстуалноста е карактеристика на овој поетски код и како таква таа се простира на повеќе рамништа, меѓу кои најзабележливи се следниве: а) семантичко, б) стилистичко и в) структуралистичко рамниште.

Интертекстуалноста во семантичкото рамниште се препознава во тоа што поетесата употребува семантички јадра од познатиот мит за Орфеј кои мошне умешно ги испреплетува со нежните жици на лирата реинкарнирани во растрперените кревки, но стожерни стихови. Таа го повикува познатиот певец за да ги разбуди тревките, камењата кои сведочат покрај патот, земјата која сака да го почувствува плодот под својот папок. Гласот негов ги поттикнува тревките да се подигнат на прсти и да ги начулат ушите за да можат да ја испијат музиката што ги облагородува душите. Од неговиот глас ѕвездите се редат во линија, а небото им шепоти на облаците. Лирското Јас го наслушнува гласот на песнопоецот за да го декодира, да го разбие на најситните честички, да ги идентификува структурните елементи од кои е создаден лирскиот момент за да создаде посебен јазичен контекст кој се карактеризира со вонвременски приказ на познатата љубовна приказна. Песната ги распнува жилите до пукање определувајќи го со тоа правецот на одвивање на настаните. Песната е двигател, поттикнувач на акција, причина за постоење и причина за извлекување на мечот од под појасот. Во истовреме се визуелизира водачот кој носи лира и ја компонира песната која преживува милениуми за да си најде свое живеалиште во зборот на една жена – поетеса по вокација. Интертекстуалноста се препознава и во лексемите што Алексиќ Станојловиќ ги употребува: Орфеј, дождови, полиња, песна, разбуди, цветови, крв, невраќање, недоглед, акорди, волшебна сила, ѕвезди, патеки, небо, звук, прсти, глас, брегови, стихови, композиција, екстази, допир, постела, јаболка, оплодување, раѓање, смрт,... Сите тие алудираат на поетски слики кои се претопуваат со визуелните претстави за романса која се посакува, која трае, но исто така и сеќавање за неа како мирисот на јаболката поставени на креденецот што нѐ потсетува на пријатните мигови поминати со саканата личност исто како и познатиот мит за Орфеј кој губејќи ја својата сакана слегува во Адот за повторно да ја врати неа меѓу живите служејќи се со својот исклучителен талент за пеење кој можел да маѓепса и сѐ што е живо и сѐ што не е живо, за на крај поради невнимание, нетрпеливост, силна желба да ја види и да ја почувствува нејзината близина, да ја изгуби засекогаш. Интертекстуалноста експлицитно е дадена во стиховите: *Водена/ Со Гласот Твој/ во светилиште/ без ореол,/ надмено чекорам/ по површината/ на живиот песок... Во моите вени/ полудени птици/ и проколнатата Евридика...* („Рефлексија“, стр. 58).

Лирското Јас се идентификува со Евридика која го следи својот љубен препознавајќи го по неговата неповторлива песна за на крај токму тој да ѝ го зададе најболниот удар, токму поради него таа мора да се врати назад во подземниот свет, а нишката која ги поврзува тие два света не може да се отклучи повторно. Песната на Орфеј беспомошно молчи.

Во стиховите на Алексиќ Станојловиќ се препознава вечната желба на поетот да одговори на неколку прашања Од каде доаѓа песната? Каде се раѓа таа? Во рефлексијата на сплаварот што нежно и нечујно ја бранува воденатa површина, во изгрејсонцето што ја плакне претходната вечер или можеби повторно ја оживува? Или како што пее поетесата: *Погледни!/ Зарем, лотосови цветови во река!?/ Тоа е Песната што се пени/ во Твоето грло...*

Станојловиќ пее за моќта на песната која ги поместува границите на просторот за да ја допре чистата нота која како супстрат ја вткајува во секоја созадена песна која се откинува од душата и се ослободува од оковите, акустиката го исполнува здивот, а прстите на музата се местат во еден претсоздавачки чин – исполнет со интензивен творечки набој кој се споредува со оган на дождот, со вулкани среде бесконечна водена површина, со цртеж во фонтаната (во песната „Оган во дождот“*)*. Лирското Јас копнее по врвовите на прстите на песнопоецот, по неговите апстрактни проекции на пеењето, а тој ја игра познатата љубовна игра – прво на давање, а потоа одземање, предизвикување копнеж, па интензивно и емотивно сеќавање. Сето тоа има фатичка функција, бидејќи со тоа се успева да се одржи комуникацијата и покрај многубројните дилеми, преиспитувања и откажувања. Создавањето на песната е чин којшто се поистоветува со љубовниот чин, зачнувањето, но и со раѓањето: *На пустинската постела/ распрострени акорди/ и/ оголени стихови... Пулсираш.// Вибриираш./ Се грчиш./ Во фатаморганата/ на катаклизма/ ја даваш смислата на разбудувањето/ со навестувањето на оазата...* („Пустинската постела“, стр.24); *Во таинствениот немир,/ зачни ме,/ во утробата да ја почувствувам/ иловицата.../ Неразбудена плодност од патините на/ создавањето...*(Зачнување, стр. 66); *И во тој круг на архаичноста,/ сепак.../ Ноќеска Те раѓам/ пак во грч/ по којзнае кој пат...* („Стаклени очи“, стр. 44). Песната во поезијата на Алексиќ Станојловиќ добива и антропоморфни карактеристики – таа оживува: *Песните ми полудеа/ (поради Тебе)/ Танцуваат на дождот...*

(„Помрачениот ум“, стр. 46). Песна во песната се создава, песната сама опстојува како самостоен ентитет и на тој начин станува слободна како птица. НО, КАКО ДА СЕ ЗАМИНЕ/ И ДА СЕ ОСТАВИ/ ТВОЈОТ ПРОЗОРЕЦ БЕЗ ПЕСНА? („Луда птица“, стр. 60), се прашува лирското Јас навестувајќи го својот избор за сопствениот кафез. Песната е амајлија, таа заштитува од уроци, од кобни времиња, од несреќи: *Да Те чува/ наместо ловец/ за да не станеш,/ Ти, уловен...* („Појас“, стр. 140). А песната гледа во петиците на својата смрт тогаш кога лирското Јас го нема тоа што му е неопходно: љубовта.

Интертекстуалноста на стилистичкото рамниште се препознава во стиховите: *Ќе ги запалам сите светилки/ Со жарот од мојата кожа.../ Ќе го посребрам секое дрво/ со правта од мојот ум…/ Ќе бидам волшебник/ и ќе ги наполнам празните усти на гладните,/ вечерва,/ ќе ги расковам сите сабји на завојуваните.../ За Твоето добредојде...* („За твоето враќање“, стр. 80) кои потсетуваат на стилот на Петре М. Андреевски, особено на неговата песна „Умилкување“.

Поетесата во книгата „Ода за Орфеј“ употребува силни фономорфолошки, синтаксички и семантички изразни средства. Многу често употребува лирски паралелизми, како што е на пример анафората (повторување на почетокот на стиховите): *Да Те бакнувам.../ Да Те љубам.../ Љубам.../ Љубам...* („Чекам“, стр. 102). *Ноќеска ја имам храброста за таков Миг./ Ноќеска ја имам силата на сето она/ што со себе го носи еден таков Миг./ Вечерва го препознавам Мигот/ кога Песна станува Потреба,/ кога Потреба станува Желба...* („Еден миг“, стр. 112). Но исто така често ја употребува и епифората: *Ноќеска сум празна…/ Затворена и празна…* („Бездна без дно“, стр. 122). Потоа, употребува алитерација и асонанца како фигури кои ѝ даваат звучност на поетската реченица и придонесуваат за зголемување на нејзината музикалност. Парономазијата исто така придонесува за зголемување на акустичната страна на песната: *Везилка/ ќе станам,/ на везилото/ погледот ќе Ти го навезам...* („Везилото“, стр. 114). Честа е и апострофата, бидејќи поетесата често пати се обраќа до Орфеј, молејќи го за песна или за неговата лира, а многу често директно го поучува и го охрабрува: *Не давај да Те зауздаат,/ да Те впрегнат,/ скршат...* („Галоп“, стр. 116). Метафората како кралица меѓу фигурите е најдоминантната стилска фигура: *Да Те облечам/ Во сите насобрани убави приказни...* („Во љубов да ми допатуваш“, стр. 108), *Ти, мојот Незавршен*

*Акварел.../ Мое сливање/ и преливање...* („Чекам“, стр. 102). Препознатлива е и персонификацијата: *Трагите Твои/ со крикови ме повикуваат* („Траги“, стр. 100). Исто така се забележува и метонимијата како фигура која претпоставува замена на еден збор со друг збор или една група зборови со друга група зборови со почитување на принципот логичност. Во следниве стихови е употребена синегдоха како подвид на метонимијата, односно наместо пеење се употребува песна, така што глаголската именка *пеење* се заменува со именката *песна*: *Со Песната Твоја,/ блескај!* („Светилник“, 126). Не е ретка и алегоријата: *И утрово/ со Песна/ пак ме облече/ во Насмевка…/ И никако од мене да ја соблечам…/ Те познавам./ Ќе речеш:// „А да ја соблечеш кошулата,/ а Насмевката да ја задржиш?*“ („Насмевка“, стр. 98).

За анализата на структуралистичкото рамниште ќе го примениме Актанцијалниот модел на Греимас којшто може да се применува на сите видови литературни текстови во кои се препознава некаква фабула. И покрај рашреното мислење дека во лирската песна нема нарација, тоа не е точно. Поточно би било ако речеме дека во лирската песна нема експлицитна, туку има имплицитна нарација, бидејќи дури и во најлирската творба се насетува фабулата и поради неа читателот активно учествува во процесот на визуелизирање на поетските слики за длабоко да ги доживее и да ги присвои, т.е. да се идентификува со нив. Актанцијалниот модел се состои од шест актанти кои го определуваат односот меѓу ликовите и нивната позиција во однос на функцијата што ја имаат: адресант (испраќач или мотивација), адресат (примач, добитник или добивка), субјект, објект, помошник и противник. Примената на овој модел на Греимас овозможува вертикално читање на литературниот текст, бидејќи со негова помош се артикулира таканаречената актанцијална реченица преку која се идентификуваат основните структурни елементи во однос на градењето на приказната. Во поезијата на Снежана Алексиќ Станојловиќ, песната ги поврзува небото и земјата, спие на рамото на јавачот на апокалипсата, сведочи за многубројните репликации на истата приказна со исти актанти и Пропови функции, но – различни актери. Овде лирското Јас има улога на субјект. Тоа ја создава приказната со сите обединувачки и разединувачки компоненти. Љубовта како поттик, односно како адресант, го покренува лирското Јас на акција, којашто во случајов е творечка, за да го отелотвори објектот кој се препознава во ликот на оној кој игра улога на Орфеј. Несвојствено

за женска љубовна поезија, за нежна лирика која пее за своето растреперено битие е тоа што мажот олицетворен во Орфеј има функција на муза, но и на објект на силна желба, а лирското Јас од женски пол е активен субјект, бидејќи следејќи го машкиот принцип во природата тој е тој којшто тргнува по поход, тој е тој којшто симнува ѕвезди за љубената, тој е тој кој ветува сѐ во името на љубовта. Наспроти него, женскиот принцип се темели на возвраќање, примање, прифаќање на понудата, негување. Но, понекогаш и Лирското Јас со идентификација – жена со копнеж и машка муза, посакува интерференција на улогите муза – поет исто како што тоа го прави огледалото поради неговата моќ да ја враќа светлината, но и подеднакво успешно да ја впие кога врз него ќе се фрли црно платно. Адресатот, односно добивката ќе биде воспоставување на состојба на рамнотежа, односно љубовна среќа по целосната реализација на односот субјект – објект, т.е. лирско Јас – љубен. Силата на безусловната љубов е толку голема што им пркоси на сите пречки кои го спуштаат црното платно пред нашите очи и на сите ловци кои љубат да ги сечат крилјата на раскошните и грлатите птици. Противникот за реализација на ова дејство се препознава во недореченоста, оддалеченоста на субјектот и објектот (физичка, но и психичка), времето кое е конечно, зборот – остар и крут, општествениот контекст, но и нашите животни патеки кои сепак сами ги исцртуваме и сами одлучуваме каде ќе се спојат, а каде ќе си свртат грб.

Ќе завршам со стихови од „Ода за Орфеј“:

*Збор,*
*како прст во око*
*тврд,*
*лигав*
*на чело Ти паѓа…*

*Но, не се давај, душо…*
*Ти нема да останеш без светлина...*
*На жешкото небо*
*агонија на лудилото...*
*Жиците Твои и Прстите Твои*
*присебноста*
*ја губат...*

*Магијата!*

*Сѐ е само магијата!*
*Не ѝ се давај, душо...*

*Кога ќе заминат за сјајот*
*и кога сите ќе Те напуштат,*
*Ти можеш*
*да леташ и без јато,*
*зошто во Твоите крилја*
*поголеми височини сонуваат...*
*Џон Ливингстон*
*од очите*
*правта Ти ја вади...*

# СОГЛЕДБИ

**СЛАВЧО КОВИЛОСКИ**

# ТРАЈКО КИТАНЧЕВ: РАСВЕТЛУВАЊЕ НА НЕПОЗНАТОТО

(кон книгата *Трајко Китанчев, книжевна, културна и револуционерна дејност* од Валентина Миронска-Христовска, ИМЛ, Скопје, 2015)

„Од македонскиот 19 век се останати уште многу имиња кои твореле, работеле, се бореле за македонското прашање, но не се приопштени, проучени и врамени во нашата културна, литературна и историска традиција“. Вака Валентина Миронска-Христовска ја започнува својата монографија посветена на еден од стожерните личности на македонската емиграција, Трајко Китанчев.

За Трајко Китанчев е пишувано повеќе пати, но најчесто само како белешка, како фуснотоа или сосема накратко, за неговата улога во македонското револуционерно дело како претседател на Македонскиот комитет, односно, како што скоро секогаш македонската наука го означува, Врховниот македонски комитет. Причината да се определи за проучување на животниот и творечкиот пат на Трајко Китанчев, Валентина Миронска-Христовска ја наоѓа во подлабоката анализа на континуираниот развој на македонскиот народ од сите аспекти: културни, литературни, јазични, национални итн. Деветнаесеттиот век е период кога настаните се одвивале забрзано. Во тој сплет на околности, на историската сцена се издвоиле неколку личности кои со својот активизам влијаеле на историските текови. Од мноштвото подзаборавени или неистражени македонски дејци, едно од видните места зазема токму името на Трајко Китанчев. Токму него, Гане Тодоровски го сместува во „Претходниците на Мисирков“, заедно со Евтим Спространов, Коста Шахов, Марко Цепенков, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Спиро Гулапчев, „Лозарите“, сепаратистичките тенденции и антиегзархиските појави на македонската интелигенција и други. Како што е познато, авторката на монографијата за Китанчев, Миронска-Христовска, еден од овие „претходници“, Евтим Спространов, веќе го приопшти на читателската јавност преку значајниот монографски труд „Литературното дело на Евтим Спространов“ во 2004 година.

Оттука, ова повторно нејзино навраќање на проблематиката поврзана со личности кои долго време биле неистражени или дури погрешно интерпретирани, сметаме дека само придонесува за отворањето и разбивањето на предрасудите кои неоправдано постојат кон некои од нив.

Монографијата *Трајко Китанчев, книжевна, културна и револуционерна дејност* ја сочинуваат пет поглавја. Првото поглавје се однесува на „Политичките, културните и црковните прилики во Македонија во 19 век“, второто на „Биографските податоци за Трајко Китанчев“, третото за „Револуционерниот и политичкиот ангажман на Трајко Китанчев“, четвртиот за „Литературната и културната дејност на Трајко Китанчев“ и петтиот, последен дел е наменет за „Песните од Трајко Китанчев“. Одделени поглавја се сочинети од повеќе потпоглавја. Вака структуирана, книгата нуди можности за повнимателно расчитување на нејзините страници, исполнети со бројна користена литература и со архивски податоци.

Разгледувањето на ликот и делото на Трајко Китанчев (1858-1895), не е можно без разгледување на целокупната состојба во Македонија во XIX век. Имено, во тој период се случиле низа крупни општествени, политички, економски промени во европски рамки, кои се пренеле во Османлиската држава, а со тоа и на наше тло. Без проучувањето и разбирањето на економскиот развој на македонските градови, граѓански слов, трговија, црковно-училишни општини, црковното прашање и унијатсткото движење, пропагандите од соседните земји, активностите на Теодисиј Гологанов, „Лозарите“, на македонската книжевна дружина „Вардар“, тешко е да се даде правилна слика и правилен суд за делото на Китанчев. Токму затоа Валентина Миронска-Христовска инсистира на прикажување на причинско-последичните дејства во времето кога живеел Китанчев, пред да се впушти кон анализа на неговиот животен и творечки пат. Како што ќе запише и самата: „за поправилно да ги согледаме активностите на Трајко Китанчев, а воедно и за нивно оценување, првенствено ќе се задржам накратко на општествено-политичките прилики бидејќи Китанчев не бил само писател, туку тој бил и еден од клучните носители на македонската интелектуална и револуционерна мисла во Македонија во втората половина на XIX век“.

Едно од најважните согледби на Миронска-Христовска во врска со политичко-револуционерниот ангажман на Китанчев е неприфаќањето неговото име да го носи белегот на прв прет-

седател на Врховниот македонски комитет. Таа констатира дека тоа го негира „самиот ред на нештата“. Таа забележува дека „Револуционерот Трајко Китанчев починал на 1 август 1895 година, а Врховниот македонски комитет бил формиран во декември 1895 година со решение да се напуштела револуционерната идеологија“. Повикувајќи се на понатамошните настани кои е одвивале по неговата смрт, таа го проследува расцепот на македонската емиграција, стационирана главно во Софија, на Врховен македонски комитет и Македонски комитет, кој „постепено пропаднал“ по што му престанала дејноста. Овие горливи прашања за меѓусебните односи на македонските друштва и организации во Бугарија и за односите меѓу Врховниот македонски комитет и Македонската револуционерна организација, треба допрва да се разгледуваат во македонската наука, прифаќајќи или негирајќи поединечни тврдења, разработувајќи различни настани и укажувајќи на значењето на одредени дејци. Авторката на монографијата за Китанчев, бездруго, го дава својот придонес кон изучувањето на оваа проблематика.

Голем дел од монографијата отпаѓа на културната и литературната дејност на Китанчев. Од неговото перо се зачувани 35 песни, баладата „Дедо Неделко“ составена од десет одделни песни и поемата „Марко Крале си ја губи силата“, објавена како народна песна од Ресенско. Причината за неговиот релативно мали поетски опус лежи во фактот што, кога тој се определил да учителствува во Солун, во морето ги фрлил сите дотогаш напишани творби. Неговата литературна оставнина ја собрал и ја објавил Јордан Иванов во *Собрани творби* уште во 1898 година.

Од останатите творби на Китанчев ќе ги споменеме неговите статии: „Отчет на солунската бугарска гимназија Св. Кирил и Методиј за учебната 1882/83 година“, со 10 поглавја; „По прашањето за измени на Бугарската конституција“, „По настанот 11 мај 1884 година“; полемиката: „По повод иљадагодишнината од смртта на Св. Методиј“ од Офејков; статиите „Србија против соединувањето“; „Рецензија (Речник на Св. Писание, Цариград, 1884 год.)“; „да учиме (по случај новата 1891 година)“; студијата „За акцентот на зборовите во ресенскиот говор од западно-македонското наречје“; критичкиот осврт: „Сервантес и неговиот Дон Кихот“; прилозите: „Македонското движење“ и „По решенијата на македонскиот конгрес“, како и осум говори што тој ги држел по повод различни настани. Според собирачот Иванов, Китанчев бил неуморен во приказните, во расправите

на разни сцени и случки од животот, правилно го разбирал и толкувал комичното, но и фалсификатите. Во неговата литературна дејност преовладуваат чувството за правда и за вистина..

Значењето на Китанчев, Миронска-Христовска го гледа во неговото политичко дејствување и во книжевната дејност, со која тој станува дел од „алката на континуираниот литературен и културен развој“. Понатаму, додава таа, неговото значење е и во тоа што покрај него се образувале низа македонски интелектуалци, благодарение на неговото познавање на европската интелектуална и литературна мисла. Неговата вредност, Миронска-Христовска ја пронаоѓа и во генарациската припадност на македонските интелектуалци од XIX, „кои преку културата ја иницираа и националната и револуционерната преродба“.

Китанчев бил приврзаник за револуционерно решавање на македонското прашање. Оттука, во неговата поезија доминираат повици за непокор и за борба. Нашиот осврт кон монографијата *Трајко Китанчев, книжевна, културна и револуционерна дејност* од Валентина Миронска-Христовска, ќе го завршиме со неговите завршни револуционерни стихови од песната „Кон Македонецот“ од 1885 година: „Нека се подисплашат, / Па нека разберат еднаш тие: / – Во врелите жили наши / На јунаци крвта врие!“.

**ЕЛЕНА ПРЕНЏОВА**

# ДВЕ ВЕНЧАВКИ, ЕДЕН ПОГРЕБ И ДВЕ БЕГСТВА (ВОВЕД ВО ФЕМИНИСТИЧКО ЧИТАЊЕ НА ЕДЕН ФИЛМ)

(Кон филмот „Мустанг“ на Дениз Гамзе Ергувен, CG Cinema, Cinedays, Скопје, 2015)

*Мустанг*, дебитантскиот филм на турско-француската режисерка Дениз Гамзе Ергувен, претставува хиперреален хронотоп прикажан и раскажан во бајковит наратив. *Мустанг* всушност претставува драма што ја обработува темата на насилната и насилничка демонизација и хиперсексуализација на женскиот пол и женскоста, наследени од силно изразениот религиски и општествен патријархат, а спроведена во еден современ и модерен, но сепак изолиран контекст.

Мизогинијата на патријархатот е моќно и повеќеслојно прикажана преку животните приказни на пет сестри – најмалата на возраст од скоро тинејџерство, а најстарата во годините на средното тинејџерство, но сите на возраст во која ниту една од нив не е целосно свесна за својата сексуалност. На почетокот на филмот, исклучително јасните и прецизни до детаљ фотографии на кинематограферите Давид Чизале и Ерсин Гок добиваат поетичност со монтажниот наратив на Матилда ван де Мортел, преку кој се наведува публиката на идиличноста на детството и безгрижноста на детската игра. И таа бајковитост и идиличност се провлекува низ целиот филм, и светлината и топлите бои доминираат низ фотографијата на филмот и покрај тажната нишка на содржината на филмската сторија. Слободата, пространството и немирниот дух на морето, а олицетворени во духот на петте сестри се само навестување на контрастот што следува: домашниот притвор во сопствениот дом со затворски решетки под тиранијата на најблиските, кои, всушност и не се толку блиска фамилија: бабата и вујкото, кои ги одгледале девојките во отсуство на починатите родители. Тие, со цел да ја скротат нивната непо-

желна и „развратна“ сексуалност, очигледно „испуштена од раце“ од страна на бабата (обвинување на вујкото насочено кон мајка си заради тоа што не успеала да ги воспита сестрите „правилно, како што доликува на жена“) по секоја цена и што поскоро се обидуваат да ги омажат, односно да ги предадат во рацете на маж. Идејата на сценаристките, Гамзе Ергувен и Алис Винокур, симултано да прикажат пет жртви на општествено-религиски прифатената и охрабрена демонизација на женската природа е маестрално изведена ем преку карактерите на ликовите, ем преку нивните животни теченија. Имено, во филмот се следат пет лика кои се жртви на иста неправда, а сите на различен начин ја доживуваат истата. Филмскиот критичар Џеј Вајсберг дава суштинска слика на нивните судбини – најстарата сепак успева да се омажи од љубов, иако многу млада; второродената го прифаќа својот договорен брак со апатично помирување со судбината; реакцијата за непосакуваниот брак на средната сестра е пасивно-агресивна (таа дури се обидува намерно и по секоја цена да ја изгуби невиноста со цел да не биде „погодна“ невеста, а кога и тоа нема да ѝ успее, ќе се одлучи на самоубиство); четвртата сестра успева да ја бојкотира сопствената свадба благодарејќи на силата и решителноста на најмалата сестричка, иронично, сѐ уште нестасана за мажење. Разрешниците на нивните судбини резултираат во две венчавки, едно самоубиство и две бегања од дома, односно во две трагедии и три (навидум) хепи енд животни приказни...

Наративот на филмот тече глатко. Филмот е лишен од спекуларности, но обоен со многу емоции и богат со изразити и податливи кадри, како што впрочем доликува на жанрот драма. Единствено сметам дека музиката е некако бледа, сведена на стеротипно препознатливиот турски мелос. Толкуван со феминистичкиот пристап, *Мустанг* претставува „женски“ филм – филм на режисерка (која на филмот работела за време на бременост – единствениот женски принцип на кој мажот нема право), напишан од сценаристки, со бројчано повеќе актерки од актери, со тема за жени, иако не и наменет само и првенствено за жени. Тоа се покажа и со мешано-половата публика во салата. Секако, за квалитетот на филмот покажуваат и многубројните гостувања на фестивалите низ светот, како и наградите за најдобар филм и режија доделени на повеќе фестивали.

За крај, како што наведува и Вајсберг, неизбежно е *Мустанг* да се стави рамо до рамо со дебитантскиот филм на Софија Копола од 1999 год. кој исто така обработува „женска“ тема за самоубиствата на пет сестри од религиски фанатично и тираниско семејство, кои, повторно, исто така, во поглед на сексуалноста, се на возраст кога се „ни деца, но сè уште не ни жени“. Со „Мустанг“ европската кинематографија конечно ја доби својата европска Копола – умешна, креативна и перспективна млада режисерка!

Извори:

Weissberg, Jay. Film Review: ‘Mustang’.
http://variety.com/2015/film/festivals/mustang-review-cannes-1201500486/

Talu, Yonca. Cannes Interview: Deniz Gamze Ergüven.
http://www.filmcomment.com/blog/cannes-interview-deniz-gamze-ergueven/

# СОДРЖИНА

## П Р О З А

5 Владимир Костов
Благослов

8 Никола Кочовски
Враќање низ прегазената но непокорена земја

15 Петре Димовски
Пита за Тане

18 Петко Шипинкаровски
Ќе го легнеме светот на плеќи

22 Христо Петрески
Човекот што сакаше да прави Снешко

25 Ленче Милошевска
Сон. Фустанче

27 Игор Крајчев
Три секунди

31 Гордана Стојаноска
Лицето на животот

## П О Е З И Ј А

39 Панде Манојлов
Малме, Божик во Шведска, Молчиме, Рибари

43 Кочо Топузоски
Прво послание на Свети Климент Охридски
до македонците

47 Кире Неделковски
Егејска Македонија, Кон Костур..., Костур...
Чакаларов..., Лазар Поп Трајков, Егејско Море...
Христо Батанџиев... Водена гробница...,
Езерово создава река

51 Трајче Кацаров
Зимска балада, Соната, Подвиг, Пред еден почеток,
Игра, Кутре, ***, ***

55 Златко Жоглев
Нѐ има, Ослободување, Збор за навек,
Господари и слуги, На работ од амбисот, Таму

59 Борче Панов
Чуј петел, Бои на дождот, Шумни двери,
Патници, јас, ти и градот, Нареченото

63 Петар Наневски
Небиди, Сторија, Пат под маслини, Пепел,
Сон, Глас, Момина солза

67 Милица Димитријовска-Радевска
Реклама, Сам, Вина, Грев, Мириси, Просветлување

71 Весна Мундишевска-Велјановска
Простор на љубовта, Равенство, Молк,
Сомнеж, Тело

75 Јовица Илиќ
Разоружена страст, Сентиментален трагач, Постоење,
Крв на хартијата, Сонот на улиците

78 Елизабета Јончиќ
Патник, Усмртување на мислата

80 Диме Ратајкоски
Ѕвездочатец, Невидливото, Ксмет, Заборав,
Меѓу два света, Грев

82 Марина Мијаковска
Тишина по рабовите на страниците, Огномет,
Постела на тишината, Стравови, Зборови, Разум

85 Биљана Т. Димко
Историја на минливото, Пасторала,
1914 – почеток на крајот

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

89 Виктор Б. Шеќеровски
Завештание, Неминовност, Фуснота број два

91 Искра Пенева
Засек, Соба, Препознавање

93 Билјана Миловановиќ Живак
Добитник на награда, Наличје на книжевноста

95 Саша Јеленковиќ
Почнуваат сеќавањата, Ледено доба, Мравјарник

96 Горан Коруновиќ
Небото над Маракеш

100 Жарко Миленик
Превртен свет, Богатите и камилите,
Зимски прозорци

101 Шефко Калопер
Посавска, Повторувачи, Плукачи

103 Слаѓана Јовичиќ
Необичен човек

106 Неда Чајевиќ
Вујко Јозо

108 Олга Лалиќ Кровицка
Молкот на крвта што шуми, Лице, Зумбул, Отсутност

110 Ришард Корнацки
Вчера

111 Вероника Иванјук
***

112 Генка Динева Богданова
Семејството е мојот свет храм, Песна за римите и словата..., Ако ме сакаш, Насмевката

114 Јулијана Донева
Самотија, Само жена, Со верба

115 Радко Стојанов
Убава жена, Каква Жена!, Не прашувај како минуваат годините

117 Желјаз Кондев
Самовила

120 Вања Ангелова
Виолина и девојче, Полетот на херувимите, Најтешкиот крст

122 Панајот Митев
Верба, Постојка и самотник

123 Демир Демирев
Несебар – непејзажна, Како рибар, ***

124 Валерио Орлиќ
Прошка, Побарај ме, Sвездите ги обележувам, Душата

126 Срѓан Духовиќ
Сенка, Самрак, Ти!

127 Никола Шимиќ Тонин
Изгрев, Матни води течат низ Босна, Војничка љубов

130 Анѓелка Корчуланиќ
Време на чекање, Геометрија, Ме напушти морето

131 Дамир Трогрлиќ Вас
Смртта и јас, Света љубов, Тајна љубов

133 Анте Грегов Јурин
Чекање, Мечтаење, Утрење

134 Жаклина Глибо
Берач на тишина, Приказна и Натпис на споменикот

135 Ѓеорѓе Добре
*, Чистење на улицата

137 Флорентина Лоредана Далиан
Одамна беше, Кавалер, Сказни со самовили

139 Кармен Танасе
Ниеден камен на срце, Прејака или пресилна

140 Виолета Крају
***, ***

142 Стере Буковала
И сѐ си врне, Засолниште во залив

143 Роберт Симонишек
Три коњи, Празни соби

## К Р И Т И К А

147 Васил Тоциновски
Животот боли посилно од смртта

151 Андрија Дојчиноски
Македонскиот пркос на балканските ветрометини

158 Даниела Андоновска-Трајковска
Интертекстуалноста во поетскиот код на Снежана Алексиќ Станојловиќ: осврт на „Ода за Орфеј“

## С О Г Л Е Д Б И

167 Славчо Ковилоски
Трајко Китанчев: Расветлување на непознатото

171 Елена Пренцова
Две венчавки, еден погреб и две бегства
(Вовед во феминистичко читање на еден филм)

**РАСТ – Списание за книжевност, уметност и култура**

**Издавач:** Битолски книжевен круг – Битола
Ул. „Ленинова“ бб, 7000 Битоа
**Жиро-сметка:** 500000000616559
**Даночен број:** 4002008505311
**Депонентна банка:** Стопанска банка а.д. Битола

**За издавачот**
м-р Зоран Пејковски

**Јазична редакција:**
Прилозите се редактирани од авторите

**Компјутерска обработка:**
Весна Мундишевска-Велјановска

**Дизајн на корица:**
Миле Атанасоски

**Печати:**
„Графопром“ – Битола

**Тираж:**
300 примероци

Битола, јули 2016 г.

Прилози се испраќаат на e-mail адресата на списанието bkkrast@yahoo.com во фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 и единечен проред.

Првиот број на „РАСТ“ излезе од печат во 2001 год.

**ISSN 1409–9330** **УДК 82+7+008**